ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА,
КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

1

СТРУМИЦА, 2018 ГОДИНА

ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Издавач:

Здружение на граѓани- Друштво за наука, литература, култура и уметност „Иван Василевски“ - Струмица

Главен и одговорен уредник:

Ана Витанова – Рингачева

Редакција:

Никола Шимиќ - Тонин *(Хрватска)*
Марија Павловиќ *(Србија)*
Урсула Келер *(Австрија)*
Васил Дрвошанов *(Македонија)*
Далибор Плечиќ *(Македонија)*
Сузана Мицева *(Македонија)*

Лектура:

Васка Кирова

Дизајн на корица:

Ване Костуранов

Воведна реч

Постојат многу проблеми што ја мачат реалноста на сегашноста, но и многу препреки што се поставуваат да ја сопрат, забават и онеспособат културата во Македонија во најширока смисла на зборот. Се чини дека тие препреки понекогаш се резултат на драматичните промени што се случија во новата историја на светот, во којашто полесно е да се замисли завршувањето, одошто крајот на капитализмот. Понекогаш тие се дел од една широко распространета, речиси вирозна немарност во којашто владее единствено правилото на предаторска меркантилност, една профитабилно контролирана суштинска незаинтересираност за сè што излегува надвор од границите на ситните, материјални, ефемерни и пред сè, наметнати потреби. Светските тенденции конкавно ја допираат и Македонија, па некаде помеѓу тие закрвивувања на пораките што доаѓаат, како и дегенерираните варијабли на неолибералноста што суштествуваат кај нас, постои и културата во Македонија, колебливо скокајќи од традиционалноста кон сензанционалноста и назад.

Редакцијата на списанието *Зенит* не се собра да ги решава проблемите во културата, да се спротивставува на светскиот поредок, да брка ветерници низ полето за културен натпревар меѓу народите, ниту да нуди каков било натпревар. Напротив, *Зенит* е списание што ќе отвори неколку страници за нови автори, ќе ревитализира заборавени, ќе преведува големи автори, ќе се обиде да биде макар камен во градењето мостови со регионот и светот воопшто. *Зенит* ќе биде фокусиран на културата и културните настани, на научните текстови од областа на книжевноста, театарот, филмот, визуелната уметност, како и на критички осврти. Исто така, *Зенит* ќе се обиде да влезе на мала врата, речиси низ мал прозорец за да може некаде во иднина и во својот астрономски и вистински хоризонт да ја победи гравитацијата на паланечкиот живот, ретроградноста и некако да подигне некои значајни текстови и автори над почвата; ќе се обиде и скромно, наизглед наивно да ги надгласа монополизмите и анахроностите преку преиспитување на генералниот културен модел што е креиран последните години, ако воопшто го има. На крајот на краиштата, *Зенит е тука, како што би рекол Шарл Бодлер, да се нурне, зошто го гори пламен овој, до непознатото, да го најде чудесното ново!*

Редакција

СОДРЖИНА

ПОТРАГА ВО ДВА НОСА 9

Интелигенцијата „се лекува“ со образование *(Интервју со Маргарет Уте)* 10

Уметноста како чувар на светот *(Интервју со Тања Бошковиќ)* 13

Во детскиот свет се чувствувам преубаво *(Интервју со Ване Костуранов)* 20

ПРУГА 23

Никола ШИМИЌ - ТОНИН 24

Маргарет О`ДРИСКОЛ 26

Олга ЛАЛИЌ – КРОВИЦКА 29

Марко ПОГАЧАР 31

Жарко МИЛЕНИЌ 34

Петар ДЕНЧЕВ 38

ГУНА 41

Никола МАЏИРОВ 42

Ацо ГОГОВ 44

Иво ПЕТРОВСКИ 47

Надица ТРАЈКОВА 51

Влатко ДЕКОВ 55
Георги БАРБАРОВСКИ 59
Петре ДИМОВСКИ 63
Борче ЈАНКОВ 67
Иван ВАСИЛЕВСКИ 83
Митко ГОГОВ 89
Ристо МАЏУНКОВ 90
Ѓорги КАЛАЏИЕВ 94
Јане АРАНИКОВ 96
Васил ДРВОШАНОВ 98
Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА 100
Сузана МИЦЕВА 104
Вања ИЗОВА ВЕЛЕВА 106
Ице БЕЛИЧЕВ 108
Тања КАРМЗОВА КОСТИГЛИОЛА 110
Мариета ДУКИЌ 112
Катерина ПАНОВ КОЖАРОВ 113
Весна МУНДИШЕСКА-ВЕЛЈАНОВСКА 115
Васил ТОЦИНОВСКИ 117
Никола Д. САРАЈЛИЈА - МАКЕДОНСКИ 118

П(Р)ОГЛЕДИ 121

Далибор ПЛЕЧИЌ
Дистопија во постјугословенските книжевности 122

Стево ПАВЛОВСКИ
Егзекуција на жените светици во средновековната литература 134

Марија ПАНДЕВА
На маргините на статијата „Македонската поезија
во медитеранската сфера“ од Блаже Конески 148

Стефан МАРКОВСКИ
Рационалистичките наспроти мистичките поимања
на спознанието/созерцанието и човековото суштествување
во византиската филозофија (Варлаам, Акиндин и Палама) 151

Милица ДИМИТРИЈОВСКА - РАДЕВСКА
„Лов на елени“ од Васил Тоциновски како симбол
на духовна преродба на книжевните истрајувања
на зборот низ времето и просторот..... 158

Борче ГРОЗДАНОВ
И ние наш Шекспир за игра имаме!..... 165

Васко МАГЛЕШОВ
„Граници, дождови„ содржински ферментиран и невозбудлив 167

Ѓургица КОСТАДИНОВСКА
Ноќниот менаџер – нов шармантен џентлмен кој го
„украде“ костумот на Џејмс Бонд..... 169

АРТитектура..... 171

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА
Метафорите во сликарскиот дискурс на Ниче Василев 174

Никола ПИЈАНМАНОВ
Вечнеење *(Во сеќавање на Владимир Георгиевски)*..... 179

Билјана С. ЦРВЕНКОВСКА
Ѕвездена приказна за сите генерации
(Кон сликовницата „Ѕвездено дете“ од Ване Костуранов) 191



ПОТРАГА ВО ДВА НОСА



Интелигенцијата „се лекува“ со образование

(Интервју со Маргарет Уте Саин)

Американската поетеса Маргарет Уте ја посети Струмица кон крајот на септември 2017 година. Нејзиното тогашно гостување беше во рамките на Поетскиот фестивал „Сто илјади поети за промена“, каде што ја запознавме како еден од гостите-поети од странство. На прв поглед, таа е топла и примечива, и тој впечаток ме следеше до последниот миг од нашето неколкудневно дружење, кога од нога го пиевме утринското кафе во малиот локал „Бу кафе“ на улицата “Ленинова” во Струмица, пред да ја однесам до автобуската станица. Нашите средби беа преполни со длабоки разговори и, додека таа несебично ја делеше својата мудрост, емпатија, но и животно искуство со мене, како нејзина помлада колешка, постојано си велев: „Леле, каква жена!“ Тоа воодушевување го споделив и со неа, а Маргарет, скромна каква што е, се насмевна широко и гласно, небаре сакајќи да го отфрли моето тврдење како смешно и преувеличено: „Ооо, драга, ништо од ова не сум. Јас сум само стара!“. Ова интервју го снимивме за време на посетата на струмичката гимназија „Јане Сандански“ каде што Маргарет одржа неколку часови со средношколците, зборувајќи со нив на англиски, италијански и француски јазик. Им рече дека сонува на девет јазици, што ја прави исклучително мечтателна личност, зашто има различни соништа на секој од јазиците што ги владее, а учи уште неколку. Тоа им го порача и на гимназијалците: да читаат, да очекуваат и да сонуваат, затоа што светот е отворен и еднаков за сите.

Маргарет, Вие сте во Европа околу шест недели и учествувавте на два поетски фестивали. Можат ли овие патувања да се сметаат за значајно искуство, со оглед дека ваквите настани се стој на мултилингвизам и мултикултурализам? Што научивте од поетите?



Да, беше многу интересно, затоа што јас ги сакам јазиците, а особено сакам да слушам јазици коишто не ги разбирам. Еве, на пример, имав можност една година да вежбам и можам да препознаам одредени зборови од словенските јазици. Меѓу другото, прекрасно е да се биде со поети. Тие се интелигентни луѓе и секогаш е возбудливо со нив. Така учам многу за зборовите. Можете да зборувате за зборовите со другите поети. Останатите би се досадувале ако им зборувате за зборовите. Би сакала да напишам книга за зборовите во пет јазици, како тие се поврзани.

Зошто поезија, која вашиот интерес за лингвистиката е толку длабок и сеопфатен?

Па, јас пишував кога бев многу млада, потоа имав многу тежок период во мојот живот, бев во еден лош брак и не можев да пишувам. Не беше вистинско време за таа моја страст. Кога се ослободив, знаев дека сакам повторно да пишувам. Исто така, многу преведувам. На пет јазици. На пример, на Фејсбук пишувам на италијански, бидејќи знам шпански јазик. Ги сакам јазиците, ги сакам зборовите. И, ако останам тука, би сакала да научам македонски.

Јас овие неколку денови честопати Ви се обраќам на македонски јазик, а вие препознавате многу зборови, ја сфаќате суштината на она што ви го кажувам. Би бил ли голем предизвик изучувањето на македонскиот јазик?

Мислам дека македонскиот е совладлив јазик, бидејќи е високо фонетичен. Пишувањето е многу фонетско, како во шпанскиот јазик. И, би бил полесен од, да речеме францускиот јазик, кој е многу тежок.

Во минатото, кога бевте професор и едукатор, сте предавале на повеќе јазици. Има ли магија во тој сплет, трансформацијата којашто и приватно и професионално се прави од еден на друг јазик?

Најпрво предавав француски јазик долго време, но потоа отидов во Калифорнија. Таму имаше огромна потреба да се предава шпански јазик, поради големиот број емигранти од тоа говорно подрачје. Учениците во основно училиште мораа да учат на англиски јазик и не знаеја да читаат и пишуваат на шпански до нивната осумнаесетта година. И за мене, како странец од Европа, бидејќи сум родена Германка, беше голема чест и предизвик, но и откритие, да ги учам тие млади мексикански ученици на нивниот мајчин јазик. Да ги описменам на родниот јазик.

Тоа е многу благородно.

Да, беше одлично искуство.

Рековте дека многу патувате. Не само како авантурист, туку и како човек којшто сака да се поврзува со жителите на одредено место, преку нивниот јазик и култура. Каде го гледате поетот во следните години, кон што стреми?

Мислам дека меѓународната размена е многу важна. Секоја земја како Македонија би требало да испраќа млади луѓе во Полска, Холандија, во сите земји, а не само да се одржуваат хегемонски врски како во Лондон, Париз и Њујорк. Возбудливо е да имате сириски поет којшто ќе ви зборува на неговиот јазик. Со други зборови, отворање кон сите земји и нации, не само кон големите центри. Мислам дека би било од голема помош ако имаме еден вид културна дипломатска виза во земјите или лична карта во САД. Поетите се културни амбасадори. Ова го зборувам, бидејќи слушнав ужасни приказни од мои пријатели коишто сакаа да дојдат во Македонија, но визата чини двесте евра и тие не можат да си дозволат толкав трошок.

Многу сте гласни во однос на родовата еднаквост. И во нашите приватни разговори, се извинувам што си дозволувам да ги спомнам во овој контекст, Вие имате еден покровителски однос кон женските права, еманципацијата и едукацијата. На што се темели тоа?

Тоа е перцепција што сум ја добила низ моето повеќедецениско искуство. Но, во однос на жените, она што сакам да го кажам не само за сегашната ситуација, туку и воопшто, жените ги ослободуваат мажите. Паметните мажи профитираат од жените, бидејќи жените преземаат одговорност и со тоа се изедначуваат со нив. Го посакував тоа кога бев осумнаесетгодишна, но тогаш тоа беше утопија, не можеше да се случи, а сега кога сум стара, гледам дека е возможно, дека жените како тебе прават прогрес.

Мислите ли дека светот дозволува прогрес на жената?

Да, евентуално, бидејќи да се биде интелигентен, не е непроменлива состојба. Може да се „излечи“ со образование и затоа имам надеж.

Сузана Мицева

Уметноста како чувар на светот

(Интервју со Тања Бошковиќ)

Таа е оган. Порано блеснуваше како искра и гореше до последен атом во секоја улога што ја одиграла во богатата 45-годишна кариера. Денес е смирена, постојана како тешка жар што го чува огништето од замирање. Тлее и сè уште грее. Вистина, нејзината раскошна пламеноцрвена коса е симболот по којшто ја паметат, но неоспорната убавина никогаш не била замена за талентот, туку само одмор за очите, додека сите сетила ви ги буди со темпераментната, речиси огнена игра.

Тања Бошковиќ две години една по друга е во Струмица за време на Шишковите денови. Лани како лауреат, годинава - претседател на меѓународното жири. Така ја запознав, седната во првите редови за време на театарските разговори што се водеа секое претпладне во фоајето на Центарот за култура "Антон Панов". Без трошка женска и актерска надменост, сосема неоптоварена со својата нескротена убавина и неугаслива слава, со голема почит и внимание разговараше со секој актер којшто играше на сцената. Од новите актери – сè уште студенти, до бардовите на македонското актерство. За секое нејзино излагање ги одбираше зборовите по мекост, милост и мелодичност. Никому не упати критика што би го повредила и како актер и како човек, напротив трудејќи се да ги разбере сите нив, поставуваше прашања, даваше сугестии, бараше нови можни решенија. Актерски, режисерски и сценографски. И ако е тоа воопшто возможно, стекна уште поголема почит од своите колеги.

На нашиот разговор се согласи со една благост што обично е наменета за свои, блиски луѓе. Но, подоцна, низ нејзините искази, сфатив дека тоа е Тања. Таа нашла начин целата своја суштина да ја омекне и преобликува во љубов и прифаќање.

На почетокот на интервјуто рече дека е воодушевена од секоја животна прилика и со радост ги прифаќа сите професионални и приватни улоги. Така и за престојот во Струмица, смета дека тоа искуство Ѝ помогнало да разбере дека театарот е жив и уште пркоси:

Му благодарам на Бога за оваа можност да бидам овде со овие добри луѓе и да видам многу претстави. Тоа е многу убаво за мене. Освен тоа што можам да го погледам она што е можеби најдобро во овој момент во македонскиот театар, овде можам да видам уште некои претстави што не сум имала мож-

ност да ги видам досега. Знаете, убава е можноста да живеете толку долго, колку што јас живеам во театарот, можев да патувам, да гледам претстави низ цела Европа, и она што можам да го кажам е дека сум среќна. По 45 години занимавање со актерство и гледање претстави, среќна сум. Има надеж за театарот. Убава е можноста да ги погледнам претставите, не сум сигурна дали ќе можам да проценам што е овде најдобро, што е најубаво, што е најпаметно за овој свет, но да го искажам своето воодушевување, тоа го можам. Можам секој ден во 11 часот претпладне за секоја претстава што ја гледам. Имав прилика последниве четири години да бидам во жирито на Медитеранскиот фестивал за театар "Пургаторија" во Тиват, со медитерански теми од различни театри од цела поранешна Југославија и некои други. Значи ...и тој е меѓународен фестивал и тоа е прекрасна можност да видите што всушност се случува. Како актерите растат, како театарот некогаш расте, некогаш паѓа, некогаш ме интересира, некогаш воопшто не ме интересира.

Што барате во театарските претстави?

Денес... да видам кои се новите поместувања, новите чекори кон небесата, бидејќи ние се стремиме само кон уметноста, највозвишените нешта. Фала му на Бога што ја имав таа можност да не морам да ги гледам калта и сивилото на секојдневието. Јас навистина уживам во уметноста. Мислам дека така се чува светот. Така се чуваат добрината, убавината. Тоа е моето служење, единствената моја смисла, освен моите деца. Како да ви кажам, за мене тоа е исклучителна чест и радост.

Сте нашле ли разлика во театрите според нивната географска положба? Ви се случило ли да сте присутни во театар којшто сосем отскокнува од она на што сте навикнати и го работите?

Не постојат разлики. Одовде до Нов Зеланд, до Гренланд, Јужна и Северна Америка, Азија, сите сме едно семејство. Сакале да го признаеме тоа или не. Политичарите ги направија границите. Во уметноста граници не постојат ни помеѓу вековите, а камоли во географијата.

Кога ќе видите дека аборицинскиот театар ја има истата потреба како и њујоршкиот, ќе сфатите дека нема разлики. Кога тоа ќе го разбере човекот, тогаш може да сака, длабоко да ја почитува сличноста, разликата. Има една прекрасна книга, се вика „Историја на глупирањето", каде што ќе видите дека навиките, дури и вистините се менувале во зависност од договорот помеѓу луѓето. Тоа не е точно. Вистина е тоа што секогаш е исто.

Според тоа, сите ние сме еднакви. Еднакви сме пред Бога. Сите ние не сме со ист дар, но и не сме со иста моќ. Јас би била најсреќна да го согледам светот како Тесла, но мене Бог не ми дал таков ум. Чувствата се тоа што нè поврзува. Чувствата се секогаш исти. Значи и Толстој, таков ум и таков писател, и јас, плачеме кога слушаме музика. Така ли е? Тука сме исти, Толстој и јас. Толстој бил Толстој, јас сум само Тања, но тоа е влијание на уметноста врз нашиот живот. Не постојат дури ни јазични разлики. Тоа сега го видов во овој театар. Јас не зборувам ниту бугарски, ниту македонски, ниту германски. Но, во теа-

тарот разбирам сè. Ако човекот застане на сцена, јас низ него гледам сè. Толку сум се култивирала сите овие години. Гледам сè. Му ги гледам мислите, му го гледам животот, семејството. Јас во овој цивилен, обичен живот, можам да поминам покрај времето, а ништо да не видам. Кога ќе седнам во гледалиштето, или кога ќе застанам на сцена, тогаш јас станувам попаметна, поотворена, подобар човек одошто сум.

Го убива ли технологијата на театарот? Дали новата ера на комуникации негативно влијае на уживањето во театарска претстава?

Сигурно. Додуша, она што го забележувам е дека поради брзината што ја нудат медиумите, особено телевизијата како и електронските медиуми, луѓето по малку стануваат тапи за гледање, за доживување во уметноста. Тие бараат сензација, бараат бои, брзина, инстант решенија на клик и така натаму. Мислам дека публиката во некоја смисла, барем поголемата, е осиромашена за тоа доучествување во театарскиот чин. Им се чини дека сè е пребавно. Меѓутоа, секогаш постојат исклучоци. За тој еден којшто дошол гладен за катарза во театарот, за него постојам јас. Односно, постојат актерите. За тој еден, којшто гледајќи го театарот, ќе го разреши сопствениот проблем за разбирање на животот и смртта.

Знаете, кога ќе го видите тоа, и најситното движење во тоа суштество, тоа ви дава надеж дека животот има смисла, дека душата и после физичкото заминување на телото продолжува да се развива. Сега сум сигурна во тоа. Нема конечно, дефинитивно умирање. Сите ние живееме отсекогаш и засекогаш. И тоа е тоа што е прекрасно. И мојот Џуза Стоиљковиќ можеби отишол, но тој е овде. Петар Краљ е овде, Маџгаљ е овде, Манда е овде, сите се овде. Тука се, сега се смешкаат. И кога ќе станете свесни за тоа, тогаш сте и весели, радосни. Тогаш секој ден ви има смисла. Понекогаш само морам да мислам, како што рече еден мој стар другар, за последното пред да си заминам од овој свет.

Како ја прифаќате Вие оваа нова ера? Некако и луѓето се поинакви, се приспособија на таа модерна изолација...

Единствено што правам е што само книги читам. Не следам никакви вести. На телевизија гледам спорт. Тоа е одлична придобивка од телевизијата и затоа сум многу благодарна. За момент можам да се преселам во Австралија или на Гренланд и да бидам таму.

Гледам филмови на телевизија единствено кога не можам да одам во кино, а јас обожавам да одам во кино, иако со никого повеќе не се држам за рака. Во киното е убаво, топло, носталгично.

Не учествувам во секојдневниот живот, преголемо е небото над мојата глава за да се затворам во некој простор што суштински воопшто не ме интересира.

Што е тоа што Ви влијаеше да дојдете во тој стадиум со големо спокојство да гледате на сè? И на животот и на смртта. Сигурно има разлика какви сте биле на своите почетоци.

Ооо, голема е разликата. Зависи од тоа каков карактер сте. Во младоста многу често вие мечтаете за потврда на квалитетот на она што го правите. Тоа

ви е потребно. Да знам дали сум на вистинскиот пат, тоа мене ми беше важно. Тоа го мерев по тоа, кој колку задачи ми дава. Значи, или ме сака, ми дава повеќе задачи, или не ме сака, не ми дава никакви задачи. Тогаш доаѓа еден период во зрелоста, кога тоа повеќе не ви е важно. Кога точно знаете што сте направиле и не ви е потребна потврда за тоа. Сега дури не сум зависник од љубов. Тоа е долг процес, да се ослободите од таа потреба да бидете лудачки сакани од сите. Потоа, доаѓате во фаза кога ви се важни вашите избори. Ми беше важно да ме сака Џуза, да ме сака како брат и како род додека заедно играме. Е, сега, важно ми е да умеам да дадам љубов, и никогаш никого да не повредам.

Не сум сигурна дека секогаш можам да ја најдам мерката, би било добро ако повеќе мислам. Но, некогаш не умеам да мислам, туку само чувствувам.

Имате слобода да одбирате улоги, сега сте пензионерка. Што Ви е пресудно за да прифатите учество во некој проект?

Знаете, јас секогаш умеев да одбијам. Сега можеби дојде време да научам да прифаќам. Токму тоа ми се случи. Што посакував, тоа добив. Ми дадоа текст што не ми се допаѓа. Застанувам така и си мислам. Токму од тоа се чував цел живот, да не работам на вакви текстови. Се облеков најубаво што можам и одам во театар. Инаку, сакам убаво да се облекувам и на секое случување од тој вид, да му дадам значење. Отидов во театарот подготвена да кажам благодарам, не сакам да го играм ова, не ме интересира. Меѓутоа, слушнав дека таму се создава екипа од актери со кои јас би сакала да играм, а досега не сум. Се појави режисерката којашто инсистираше да се види со мене. Сè се случи во рок од петнаесет минути. Прво ѝ реков дека ми е жал и јас тоа не можам да го играм, оти не ми е интересно, но комплетно се заљубив во неа. Замислете за само 15 минути, јас не сум почетничка, сè гледам. Се заљубив во нејзиниот начин на размислување, во нејзината добрина, во големот небо над нејзината глава. Се работи за Александра Саша Милавиќ - Дејвис, половина Британка, половина Србинка. Таа е таков мајстор и такво чудо во театарот... Со нејзиното гледање на театарот и светот, на многу посебен начин се создаде претставата „Моја ти“ што ја играм со Светлана Бојковиќ и Горица Поповиќ, актерки од мојата генерација.

Освен на улоги во кои не можете да пронајдете ништо привлечно и ново, на што уште одбивате да трошите време?

Не знам. На нешто што не ме восхитува, што не ме интересира. Не можам повеќе. Знаете ли колку прекрасни работи има што сè уште не сум ги истражила. Не се однесуваат на квантна физика, сигурно е дека со тоа нема да се занимавам. Постојат средби со коишто многу повеќе сакам да се занимавам, отколку да губам време на некоја проба на којашто ништо не ми се допаѓа. Или на поводи на коишто немам што да кажам. Јас си го зедов правото да бидам глупава. Тоа е моја слобода. Помеѓу другото, затоа не ги поднесувам политичарите. Бидејќи не умеат да ја согледаат големината на својата глупост. Никој од нив никогаш не кажал: „Не знам“, „Не сум дораснат за ова“, „Грозен сум“, „Направив лоша постапка“, или пак, „Простете

ми луѓе, одам во затвор!“ Тоа никој никогаш не го кажал.

Ова размислување да го сметаме како Ваша оценка за политичарите од овие простори, или генерално за сите политички „актери“?

Не. За сите. Нема човек којшто се занимава со политика, а да не ги користи тие методи за коишто лично сметам и имам право на тоа, дека се фашизам. Всушност, политиката и политичарите вршат насилство над сите нас. И тоа е глобален став. Помеѓу другото, дали сте размислиле што се рекламите? Големи, одвратни, спакувани лаги. Значи, легализирана е лагата, легализирано е крадењето. Јас сум православна христијанка, и тоа да го кажам, можеби не е важно и нема врска со вашето списание. Но, е важно. Постојат десет Божји заповеди. Многу се едноставни. Знаете ли во каков рај ќе живееме ако се обидеме, ништо друго, само да се обидеме да постапуваме така. Кон себе и едни со други.

Што ви се протна пред очи, ви се лизна низ прсти, поради што сте гневни на политичариште?

Вчера слушнав дека една млада жена нема работа во својата 37 година од животот. Таа е сериозен уметник. Се срамам што дозволив да постои таков свет. Се срамам што државата не Ѝ овозможува на својата младина, на своите таленти да се развиваат, туку ги убиваат со егзистенцијални проблеми. Ова бев должна да го кажам, па вие не го објавувајте. Но, должна сум, пред Бога сум должна да го кажам. Инаку, избегнувам да давам совети. Не ги давам ниту на сопственото дете, а не на другите. Но, што морам? Морам добронамерно и поради долгот што го имам кон г-ѓа Дениза Мокрањац и другите, но неа морам да ја спомнам посебно, да бидам трпелива, да премолчам и да почекам да прође бурата на младоста, но и да кажам доволно гласно и доволно остро кога ќе видам дека почнува лудеењето, збогум на паметот, коишто пак, често одат со талентот.

Како да се пронајде сопствен мир во овој прилично бучен и наметлив свет? Се чини дека никој никаде не може да биде сам со своите мисли, со своите чувства, со себе.

Јас тој баланс го пронајдов во вербата во Бог. Можам да побарам прошка. „Прости ми Господе, грешам!“ „Помогни ми да го преживеам овој ден!“ Мене ми е помош молитвата: „Господе Боже, Исусе Христе, помилувај ме мене грешната!“ Петнаесет пати ќе ја повторам молитвата и веќе сум смирена. Се смирувам од секаков вид вознемирување. Сè што ми се случува е од Бога, најголемите радости, најголемите падови, најголемата мака, најголемото страдање, најголемите подеми, сè ми е собрано во верата. Така, јас не морам да се грижам. Читајте ја литературата на Старите отци, ќе видите. Не е ново ова што ни се случува, можеби само се забрзало. Нема ново, исто било и пред 15 илјади години. Мојата баба морала да пали оган, јас не морам, ќе го вклучам копчето и ќе добијам греење.

Само нијанси се, а замислете како тоа нема врска. Јас станувам, како и мојата баба утрото помеѓу пет и седум часот. Зависи како кој ден. Значи, таа одела по дрва, палела оган, варела млеко, молзела. Мојата баба беше учителка, не го правеше сето тоа, но говорам генерално

за тоа што го правеле бабите и прабабите. Што прават денешните млади жени и домаќинки? Нечии мајки? Стануваат, си ставаат кафе и што прават? Читаат вести, пушат или вежбаат. 24 часа се пред нас, особено пред жените. За мажите се помалку, тие имаат различно време. Жените и пред 200, и пред 2000 години и денес ги имаат истите 24 часа на располагање. За мажите е поинаку, извинете, сега малку се шегувам. Се надевам дека е дозволено. Зависи само што себеси си даваме како смисла и што правиме. Сега времето многу повеќе го трошиме на глупости. Ќе ви кажам една шега. Стар Црногорец го прашуваат: „Што ти прави снаата?“ Дошла невеста во куќата. А тој одговорил: „Шега нокте.“ Односно, ги средува ноктите по цел ден.

Со овој одговор ја начнавте темата за родовата еднаквост. Јас знам дека е широка, комплексна, но сигурно сте имале свои битки низ годините. Се подобрува ли положбата на жената во театарот и воопшто во светот?

Јас сум ви лош соговорник за таа тема. Мислам дека жените и понатаму во секоја смисла се угнетени. Не само во театарот, туку во секој сегмент на животот. Тоа што ни мавтаат со броеви, од типот оваа политичарка, премиерка, директорка на оваа или онаа институција. Не, и понатаму постои еден свет, кој е машки свет, и си ја земам слободата на проценам дека жените на лош начин се изборија за тоа што го нарекуваат рамноправност. Од мојата точка на гледање, тие се во сè полоша положба обидувајќи се да се покажат подеднакво лоши како мажите. Мене тоа не ми е симпатично, напротив, мислам дека силата на жената е во нешто друго - пожртвуваност, љубов. Женската љубов е нешто посебно. Мајчинската и татковата љубов не е иста, сигурно не е иста, тоа можам да го потврдам. Според тоа, не бевме доволно мудри, или не сум доволно мудра за сè што мислам. Сметам дека сум и директно одговорна. Не бев доволно мудра, јас со мажите се борев со раце, наместо да ги победувам со нешто поефикасно.

Говоревме за денешницава, за брзиот развој, а Вие најправивте и паралели некогаш и денес. Оттука, се разминуваме ли со она што сакаме да сме и тоа што во моментов сме? Се премостува ли тешко тој јаз?

Повторно истото ќе го кажам. Вера, вера, вера. Како второ, знаете, мојот живот всушност е едноставен. Дојдов во фаза кога имам живи родители и треба да се покажам како ќерка. Како грижлива ќерка. И понатаму работам без оглед на тоа што седум години сум во пензија. Редовна, нормална пензија, заработена по сите мерила. Се грижам за моите родители, најмногу за мојот татко кој има 88 години, слава му на Бога. Овде наоѓам една важна точка во мојот живот. Што увидов? Го видов каков е животниот циклус. На тоа никој никогаш суштински не нè подготвува. На тоа дека нашите можности, нашите таленти, нашата сила, растат, растат, растат... и потоа во еден момент застојуваат. И сè уште не сум ја почувствувала тежината на удолницата. Но, сега имам можност да видам. На тоа ме потсети кога си замина професор Јеротиќ. Тоа е еден момент. Сега често се среќавам со физичкото заминување на духовите на луѓето коишто се важни за мене. Тоа се важни точки каде што полека го согледувате односот помеѓу силата и мудрос-

та. Силата опаѓа. Му благодарам на Бога што јас сè уште ја имам. Овде мислам само на физичката сила што треба да се троши, и добро е што имам на што да ја трошам. Да знаете дека тоа не е лесно. За тоа не ги подготвуваме нашите млади. Прекрасно е да ја имате таа сила. Но, што доаѓа после? Треба да мислите како да ја акумулирате можноста да тече потполно нов живот по 65-тата година. Јас наполнив 65, мојот живот е толку по календарот. Но, тоа не е важно. Тоа за што треба да се подготвувате е секогаш на себе да си бидете понови и понови. Ми велат, вие сте сè постара и постара. Не! Јас сум си секој ден понова. Но, себеси треба да се донесете во таа позиција. Не зависите само од физичката сила. Постои уште нешто. Ви расте душата и капацитетот за љубов. Под капацитет за љубов не подразбирам само страст, заљубување. Љубовта е сериозна човечка дисциплина за разлика од политиката. Сериозна човечка дисциплина што треба да се практикува секој ден. Љубовта е различна кон различни области од животот. Љубов кон мислењето, љубов кон пријателството, давањето, љубов кон земјата, кон братот...Тие се нашите капацитети за љубов на кои треба да работиме секојдневно. Тогаш никако нема да бидеме ксенофобични.

Звучи утопистички. Во реалноста сè помалку време имаме за себеспознание, но и за соживот, воопшто. Некои работи е тешко човек да ги идентификува додека седи во својата осама, за тоа му се потребни повеќе искуства со други луѓе.

Чинам, да. Тоа е тренд на 21 век, да се негува индивидуалецот. Зарем не гледате колку е неверојатно? Никој повеќе не се мажи, не се жени, не се прегрнува. Сите седат дома, типкаат пораки на тие машини, сè е преку мрежи. Второ, идентитетот се стекнува преку фотографија, тренд на 21 век е „Изгледам, значи постојам“. Каква глупост! Во 19 век беше: „Мислам, значи постојам“, на 20 век: „Имам, значи постојам“. Кого сакаме да излажеме? Моите очи, мојот поглед стареат. Секогаш кога ќе погледнам нешто грдо, си го повредувам окото. И кога правам залудни нешта, си ги повредувам: срцето, верата, умот, добрината... Секогаш кога залудно ја трошиме својата љубов, дури само една секудна да е во прашање, јас сум го повредила овој свет. Ние за тоа треба да мислиме, а дали имаме брчки или не, верувајте, не е важно!.

Сузана Мицева

Во детскиот свет се чувствувам преубаво

(Интервју со Ване Костуранов, автор на сликовницата „Ѕвездено дете“)

Уметноста на Ване Костуранов развеселува и охрабрува. Таа вдахнува позитивна енергија во набљудувачот. Неговите слики потсетуваат на бесконечна детска игра и наивност. Понекогаш во некои слики пронаоѓам и меланхолија, но и таа ми е некако убава, смирувачка. Тој, пак, со неговата мирна природа ја надополнува оваа перцепција и имате чувство дека уметникот се репродуцира, остава душевни отпечатоци во своите дела. Струмичани не ја одвојуваат уметноста на Ване од него самиот. За нив, соседот Ване, пријателот, познаникот и уметникот Ване се една личност. И сè уште не сум одлучила дали тоа е добра или лоша работа. Или секогаш е така. Луѓето со коишто се познаваме и ни се блиски да нè восприемаат повеќе како обични луѓе, отколку како уметници. Но, и да е така, постојано постои момент во кој, ние за нашиот сограѓанин – уметник дознаваме нешто ново и нè потсетува дека меѓу нас има исклучителни креативци. Со нас струмичани, тоа се случи неодамна, кога Ване Костуранов ја издаде неговата прва сликовница, во којашто освен прекрасни илустрации, ги чувме и неговите први уметнички зборови, преку ликот на Ѕвездан.

Ова интервју се реализираше преку електронска пошта. Јас испратив прашања, а тој свои одговори. Но, тоа е само технички момент. Вистинскиот разговор одеше очи во очи за време на нашите случајни и намерни средби, кога уметноста и литературата, па и оваа конкретна сликовница ни беа теми на разговор. Ѕвезденото дете стана вистинска ѕвезда во македонската литература за деца, а нејзиниот автор е најмногу горд што ја прифатија децата.

На промоцијата на „Ѕвездено дете“ во Струмица, рече дека инспирацијата за оваа сликовница ја доби од својот син. Како Максим стана чувар и заштитник на ѕвездите?

Да, така е! Лајтмотивот за мојата сликовница е заснован на една игра на мојот син. Една вечер, пред спиење, со неговата играчка-чекан в рака, Максим си измисли игра во која тој беше мајстор којшто ги поправаше ѕвездите што престанале да светат. Јас се воодушевив од идејата за неговата игра и така тргна целата приказна за Ѕвезденото дете.

Сликовницата „Ѕвездено дете“ е прв твој проект од таков тип. Си се за-

мислувал ли некогаш како креатор на детска фантазија?

Со моето сликарство јас на некој начин го правам тоа, но никогаш не сум се замислувал како писател на детски книги. Тоа дојде како потреба и повик дека треба нешто да се преземе во однос на слабата продукција на современи книги за деца, но и како лична потреба, да дадам свој придонес, не само за моите, туку за сите деца коишто растат тука.

Како реагираа прво твоите деца на сликовницата? Ја препознаа ли вистинската сцена од детската соба?

Моите деца беа вклучени во развивањето на приказната уште од самиот почеток и ним им беше јасно дека тоа е приказна за нив. Секоја вечер, кога се враќав дома, им ги покажував новите цртежи и барав нивно мислење. Често разговаравме за приказната, за тоа што следно треба да се случи и како изгледа целото тоа. Имавме многу важни разговори што често беа и критични, но многу важни и драгоцени за мене.

Честопати авторите бараат несовршености, недоследности во своите дела, и покрај сите позитивни критики. Имаше ли таква фаза со оваа сликовница? Се случи ли момент, да сакаш да ја повлечеш и нешто одново да напишеш, поинаку да нацрташ?

Кај мене тоа преиспитување и несигурност е секогаш присутно во процесот на создавање. Кога делото е готово, не разислувам повеќе за него, пробувам да се одделам и да го пуштам. Но, во творечкиот процес минувам низ сите фази на креативниот процес - возбуда од новата идеја, па сомнеж за неа, потоа следува убедеността дека си го трошиш времето и дека ништо добро нема да излезе од тоа, па почнуваш да се разубедуваш и да мислиш дека можеби и не е толку лошо тоа што го правиш и на крајот, процесот завршува со истата возбуда и задоволство со коишто си почнал.

„Ѕвездено дете“ се претстави и надвор од државата. Што можеш да споделиш од тоа искуство?

Бев поканет на Меѓународниот фестивал за детски сликовници “Чигра” во Пожега, Србија на кој, се негува современиот и модерен авторски потпис. Фестивалот којшто е организиран од библиотеката во Пожега, уште еднаш ја потврди тезата дека, за да се покрене нешто и да се иницира промена, најчесто доволна е само добра волја на еден човек, и уште неколкумина коишто ќе го поддржат. Во случајот, тоа е библиотекарката во детското одделение, Даниела Скоковиќ, којашто е и организаторка на фестивалот. Заедно со мене беа поканети познатиот германски автор и илустратор Квинт Бухолц и хрватскиот илустратор Дражен Јерабек, со коишто имав заедничка изложба. Учествував и на една многу интересна дебата, како дел од фестивалската програма, на којашто можевме да споделиме искуства и мислења за состојбите во издаваштвото и продукцијата на детски сликовници во матичните држави. Бев дел и од жирито коешто додели награди за најдобро издание на детска сликовница, со наслов “Добра сликовница”. Оттаму се вратив исполнет со убава енергија и со желба да видам таков фестивал и кај нас.

Се прифати ли како автор на сликовници? Дали и во иднина се гледаш како комплетен автор на книги и литература за деца?

Во детскиот свет се чувствувам преубаво, а и самата работа на сликовниците ми е голем предизвик. Најдобро за тоа зборува фактот што веќе почнав со работа на мојата втора сликовница.

"Ѕвездено дете" доби награди. Според тебе, наградите се некаква обврска, товар за авторот или само потврда за трудот и храброста?

Наградите се еден вид потврда дека сте завршиле добра работа, но за мене пораките во инбокс од читателите и нивните реакции за книгата, се најголемата награда што можев да ја посакам, поттик, но и обврска да продолжам да чекорам по тој пат.

Сузана Мицева



ПРУГА

ПРУГА

Никола ШИМИЌ - ТОНИН

(Хрватска)

ВО ШОПОВАТА БОЛНИЧКА СОБА

Долго веќе лежи
врзан за кревет.
Во собата негова сè е тивко,
во неа чекори болест.
Надвор сонце, живот, радост...
секаде цути – расте младост,
мелодија од хармоника се слуша
песна групна одекнува,
го прегрнува утрото моќ на пеење.
Неговото срце се стега,
трепките стануваат тешки,
се тркалаат солзи по лицето,
болеста го зафаќа сè повеќе.
Исус на стол до него
го остава весникот
желбата да му ја слушне.
Со радост, мој Исусе,
би полетал вон, со нив да пеам
да наздравам здрав и среќен,
сигурен во своите чекори,
насекаде весело одејќи
по улици и сокаци знајни.
Зарем болест и здравје така нè делат?!
Добри Боже,

слушни ја мојата вистина, мој Исусе
здрав сите ме сакаа
болен на болеста ме препуштија,
на смртта ме дадоа
и се ослободија од несреќата моја...
или Милостивиот Бог посакал да има до себе
поет од мојот ков.

ОДА НА ПЕСНИТЕ

Има некои песни,
како што има и некои луѓе,
кој/кои, не успеал/е,
никаде,
ни во едно општетство,
ни во една книга...

И пак, да се крие/таи,
да ги нема,
никогаш не ги било,
никогаш не се родиле,
никогаш ниту нешто напишале,
нема да се исплачат...
нема да се опеат...

Секако и за нив, такви какви се,
секако и за нив, такви какви се...
да се знае,
... па судено им било
На гроб зборот да заврши...

Прејев: ВасилТоциновски

Маргарет О`ДРИСКОЛ

(Ирска)

КАПКИ РОСА

Време за појадок, мајско утро
Сонцето светло свети надвор,
блескави кристали висат во ред
по целата лизгалка.

Светкави капки роса на тревата,
кристали светат на нишалката,
вчера направениот венец од маргаритки
свети како дијаманти на жица.

ЗАСЕКОГАШ ДИВА

Остави дрвјата да растат каде што тие би,
остави ги грмушките во висови.
Остави го потокот од патот да скршне
Остави ја природата своја да биде!

Остави ги растенијата да се засадат сами,
остави ги птиците да ловат како во стари дни.
Остави ја областа недопрена
Остави ја сликата засекогаш дива.



ГУЛАБ ГРИВНАШ

Смирувачки повици на гулабот гривнаш
го олеснуваат почетокот на денот.
Сиви пердуви, бели крилја, грло,
зафатено колве наоколу
ластари од змиско грозје.
Потоа одмора на столб за да испошти
црвеникаво кафено од пердувите на градите,
додека јас гледам од зад невидени пердиња.

ЛЕБДЕЈЌИ

Лебдејќи лежам во мојата нишалка,
над земја со детелинки помеѓу дрвја.
Нежно ги нишам неволјите подалеку,
смирено на нежно ветре.

На синото небо бели облаци минат,
додека ги пишувам зборовите на оваа поема.
Ова е моето креативно ќоше
каде што можам да бидам сама.

ГНЕЗДОТО НА ЦРВЕНОШИЈКАТА

Црвеношијка се гнезди во шупа во градината.
Погледнувам одвреме-навреме
удобно гнездо направено на полица,
покрај макара од канап.

Пет меки птички целите склопчени
Родителите утајум летаат наваму - натаму
со клунови полни инсекти,
ги гледам од дворот.

Превод од англиски: Марија Пандева

Олга ЛАЛИЌ – КРОВИЦКА

(Полска)

СЕДРЖАТЕЛОТ И ТИШИНАТА

Знаеш, Седржателу,
дека вистинска е тишината
само кога свеста зборува,
а реалноста се облекува во руво:
вистина на денот насушен
со којашто си Ти, Седржателу!
Од тишина е твојот ореол,
затоа во него
врати ми го моето „мене“!
И нека ѓаволот не ми ги краде мислите,
да не ми ги соли
и да не дотура свои.

На таа хистерична смеа
и на карпата в глава
потребна им е тишината твоја,
мил мој Седржателот,
во молк да ја згазиш.
Злото нема ниту име, ниту лик,
а твојата тишина од достоинство е исткаена.

Ти благодарам за себе во денот денешен,
дури на колена го повторувам Твоето име
од добрина тивка.
Нека победува скромноста
суеверието да си оди
и те молам
сега, кога ме враќаш кон себе,
врати ме засекогаш...
Мил мој, Седржателу!

Преѣев: Ѓорѓи Калајџиев

Марко ПОГАЧАР

(Хрватска)

НА КРОЈАЧКИТЕ (ВО ПОГОНИТЕ И ДОМА)

Патека ситни убоди, скица на тукушто опишан нов континент.
Ако ја следиш, научуваш

како од ткаенината настанува систем. Излез од апстракција:
светот е одраз на веќе постоечка мапа, наместо обратно –

веќе знаете, неволји со паркиралишта, јаготки во крв,
октомври, очекувана навала од небото. Облека замачкана со тело.

И тој храм напуштен, на една ноќ претворен во кино, во леб
што се дроби, зад себе

остава трошки кои, кога еднаш сè ќе се заврши, сигурно
ќе ве одведат дома, ќе ги сочуваат очите од колвање, душата од друга

душа и уши; од Барбра Стрејсенд којашто се свива, како водоводна
цевка во еврејската четврт и повраќа, секогаш повраќа дожд.

Така континентот, како fantasy роман, станува засекогаш истрошен,
сите негови цицачи во твојот златен албум

се бакнуваат преку пластиката и никогаш, никогаш еден со друг не се проголтуваат.
Конфекцијата се надвиснала, како сенка, над испразнетата лушпа од телото.

Сè се напнало. Патеките никаде повеќе не водат, шевовите ги изедуваат птици
и оние препарираните потоа паѓаат врз градот, како клунест снег, сè

умира; Но, илјада години живеат диско кралевите, цврсти, високо кренати –
ниедна смрт не би можело да ја отсвири: гудалото на тоа грло.

Превод: Иѓор Исаковски

НА ГРАДИНАРОТ

Шипинка пупи во леите, никој не изнесува мислење,
смокви, суви и свежи,

и едните и другите шупливи од клунови, над главата отсуство на земја,
што е небо. Страшилото повеќе не прави што би требало.

Кривите го продолжуваат времето, но не го прават исполнето, прецизни,
како телефонските жици што нè присилуваат на блискост, нè поврзуваат

со други суштества. Страшилото функционира на сосем спротивен
начин од телефонот. Утринава песот ја испи сржта од неговите нозе

и тоа падна, карбонизиран крст пред црнечка куќа, облека
што не можеш да ја соблечеш. Таков е механизмот на природата:

сè што сме посеале никнува, без оглед на ситните пречки, долгите
попладнија, и внатрешната рамнотежа, сите секогаш велат: природно

и ништо не значи сево ова триење вложено во преобразбата на љубовта и
бесконечно
малите пакети живот: шипинката исушена, времето продолжено и чисто,

земјената отворена понуда дека ме љуби гние во моите гради, насекаде
наоколу слободни самогласки, дланки, плевел и многу повеќе.

Превод: Иѓор Исаковски

НА ЗАГУБЕНИТЕ ПОЛОВИНИ (НАСИЛНО ПРЕКИНАТА ПЕСНА)

Кога железните жерави ја фрлија последната нуклеарна електрана врз градот,
твоето оригами срце се распрсна како стаклена топка

којашто Тед Нугетовото високо Ц го обвива во сјајна празнина. Да. Така почна:
филм во кој една жена, непристојно привлечна млада жена,

ја наоѓа својата загубена половина, да, така почна.
Улица претворена во Финска, хартиената северна флота

го голта асфалтот побргу од пукнатите што земјата ги испраќа
однатре за да го насмее, крвник, отсекува остри реплики

како прсти; воздух толку прозирен што посакувам да го видам. Отсутноста,
темелно обележје на песната, се вовлекува во телата на децата, внимателно

со еден повик повлечени во куќите. Мирис на тукушто спуштена вода која,
кокаинизиран liftboy, неуморно заминува горе, се крие, во носниците

основа одвратно либерален синдикат, на крајот мирува, не долго, некаде високо,
и повторно паѓа. Отсутноста. Триумфален одмор на кој не одиш.

Чај: трошките натопени со заби и површината којашто мирувала се движи,
нашите половини нè пронаоѓаат или остануваат скриени. Сè што е вистинито, нè надминува.

Гласот, твојот сопствен раскажувач, вели дека си потполна.
Со сигурен тон минува преку сликата, како психоаналитичен Буда, и знае

знае дека никогаш не е сè загубено. Реторички отворач што ти ги пробива очите,
го исцицува мозокот, така завршува. И психоаналитичарите и зомбите и будистите

штом се појават, го уништуваат секој обид за крај. Единствени полоши се христијаните:
дури и после апокалипсата нешто се случува.

Превод: Иѓор Исаковски

Жарко МИЛЕНИЌ

(Босна и Херцеѓовина)

КАКО СИ

Ѕвонеше еднаш.

Ништо.

Вторпат.

Исто.

Малку почека, а потоа позвони и третпат. Некој слаб глас рече:

- Ајде!...

Влезе во станот. Се присети: лево е тоалетот, право – спалната соба, десно – дневната.

- Морам ли да те молам да влезеш? – се јавува истиот глас. Во дневната соба лежи тетинот, тој глас е неговиот глас.
- Како си? – прашува тетинот и ја подава раката. Раката му е потенка од минатата година. И сосема жолта. Како лимонот на масата покрај креветот на тетинот. На лимонот уште повеќе потсетува сега веќе ќелавата глава на тетинот.
- Добро – му одговара на тетинот.
- Седи, што стоиш?

Седнува на еден стол. И пижамата на тетинот е жолта.

- Како се по дома? – пак прашува тетинот?
- Добро се. Сите се добри – му одговара на тетинот и гледа низ прозорецот. Не врне повеќе. Прозорецот е затворен. Им завидува на ретките минувачи коишто дишат чист воздух.
- Па, ти целиот си мокар! - забележува тетинот.
- Веднаш земи ги од плакарот моите панаталони, преслечи ги кошулата, чорапите, а влечките се во претсобјето, под закачалката.

Го послуша тетинот. Панталоните му се широки, не пронајде ремен, па му паѓаат, кошулата е преголема, тој е слаб. Како тетинот сега. Се враќа во собата и седнува на столот. Пак гледа низ прозорецот.

- Што не е во ред? – прашува тетинот.
- Не го положив испитот...
- Кој?
- Бизнис и развојна политика.
- Не грижи се, ќе положиш!

Студентот молчи.

- Кога е следната сесија? – прашува тетинот.
- За два месеца.
- Тогаш сигурно ќе положиш.
- Се надевам.
- Сигурно!

Студентот молчи. Молчи и тетинот. Гледа во таванот. Студентот гледа во гобленот на ѕидот. „Жетварот го жнее житото.“ Стих на Лорка. „Паѓа зрело жито.“ А овој? Негов?

- Налеј ракија! – вели тетинот. Студентот го зема шишето од масата. Го вади чепот и налева до половината на чашата.
- Не штеди! – вели тетинот. Немам кому да ја оставам!

Студентот става ракија до врвот. Последен пат пиел ракија на Нова година.

Пивнува малку. Го пече во грлото. Јака е. Нему секоја му е јака.

- Слаба ти е голтката. Ко да не сум ти тетин!

Студентот го испива остатокот. Му навираат солзи во очите.

- Ајде уште една и за мене!

Студентот става и втора. Повторно малку пивнува. Остатокот нема да го испие, па што и да каже тетинот.

Тетинот го вклучува радиото. Вести. Бира нова станица. Исто. И на третата. Конечно наоѓа музика.

- Не сакам кога се зборува – вели тетинот.

Музиката му е позната на студентот, но не може да се сети на името на композиторот. Тетинот го гаси радиото. Нема да се слушне гласот на спикерот којшто ќе каже: „Тоа беше...“

Повторно молчење.

Потоа студентот го прашува тетинот:

- Како е тета?
- Добро.
- Работи ли?
- Втора смена.
- А Ивана? – студентот прашува за братучетката којашто се омажи минатата година.
- Чека бебе.

Ако биде син, можеби ќе му го дадат дедовото име. И нејзината баба се викала Ивана.

- Како е во пензија? – го прашува студентот.
- За почеток, добро.

Студентот сакаше да го праша тетинот кога ќе го добие станот, бидејќи дебелата тетка секогаш се жалеше дека не може ниту да се заврти во овој стан, но се предомисли.

- Како е баба ти? – праша тетинот.
- Добро. Старски.
- Колку години има?
- Седумдесет и седум.
- Многу – вели тетинот којшто штотуку зачекори во шестата деценија.

Студентот се сети на телефонскиот разговор помеѓу тетка му и неговата мајка. Сите веднаш ја прашуваа како е зетот. Тетката одговараше: „Малку подобро“ или „Подобро“.

- Што можеш! Да ги оставиме живите да живеат – рече татко му.
- Уште си млада – додаде мајка му.
- Така е кога некој има рак – одговори баба му.

Пред студентот, во посета му беа неговите мајка и татко. Тетинот тогаш беше во болница. После сам предложи да го отпуштат. Прво отпатува татко му. Не сакаше да ја поведе и баба му.

Потоа мајка му. Зажали што отиде. Однесе полна торба, врати празна. Се сети дека минатата година, по смртта на нејзината мајка, золвата ѝ изјави сочувство со празни раце. На погребот не дојде. Нема да отиде ни таа на нејзиниот маж.

- Се вработи ли? – го прашува тетинот студентот.
- Не сум.
- Зошто не свратуваш почесто?

Студентот слегнува со рамениците. Вели:

- Вонреден сум.

Ѕвони телефонот на масата.

- Имаме гост – вели тетинот по „молам“. Тетката од другата страна не вели ништо.

Тетинот вели „чао“ и ја спушта слушалката.

- Колку е часот? – прашува тетинот.
- Девет и десет.
- Веќе? Сега ќе дојде...Време ѝ е!...

Студентот оди во тоалетот. Стои пред огледалото. Косата му се исуши. Го зема чешелот. Најголемиот. Сигурно бил на тетин му. Се чешла.

Одамна, како основец, беше во посета на тетка му. Едно попладне тој и Ивана останаа сами во спалната соба. Си играа криенка. На петтиот кат.

Соседите се жалеа. Тетинот тогаш му се закани:

- Ќе те истепам како што татко ти не те натепал!
- Зошто сега се сети на тоа?

Некој влезе во станот.

- Како си, душо? – рече тетка му којашто често се караше со мажот.

Студентот дури тогаш се сети дека на тетин му не му рече „како си“ иако не го видел цела година.

Петар ДЕНЧЕВ

(Буѓарија)

ЌЕ БИДАМ БЕНКАТА НАД ТВОЈАТА ГОРНА УСНА

Сѐ започна кога ми го подари она црно пенкало. Заедно со него ми подари шишенце со црно мастило. Те прашав зошто црно? А ти ми одговори дека синото ти е премногу симпатично. Затоа си купила мастилница со црно мастило. Се насмеав на подарокот, знаев дека е поврзан со мојата желба да пишувам. Многу често пишував рачно. Се сеќаваш? Се навикна на мене, на моето ноќно бладање, на моето суетно стоење пред огледало; без прекор ги читаше моите раскази, без излишна ласкавост зборуваше за нив, понекогаш ти читав стихови - всушност, многу ретко. Ме виде заљубен во тебе и во друга жена. Ете, немам причина да не те сакам. Секако, тврдам, ти не ме сакаше мене. Всушност, и самата го кажа тоа. Неколку пати те молев да ми прочиташ неколку твои работи, ама не сакаше. Веднаш сакав скришно да отворам некоја тетратка, нотес во кој си нафрлила нешто, си напишала по некој ред, но не го направив тоа. Можеби допрва ќе жалам за тоа. Една вечер, додека ја полнев пумпичката за пенкалото, го потопив прстот во мастилото. Намерно го направив тоа, за да почувствувам дали мастилото е густо. Се прашував, дали таа течност, тоа црно мастило, дали е студено. Го потопив показалецот и тој алчно го впи мастилото, брзо го извадив прстот, а ноктот ми остана необоен - неспособен да го задржи мастилото. Но, под него остана мастило, како и во порите на кожата. Потоа пишував уште еден час, па си легнав. Изутрина не можев да го измијам и затоа тргнав така - со црн показалец на работа.

Ти рече дека не поднесуваш кога те чекам навечер. Не ти верував. Напротив, се радуваше што ме гледаш. Истата вечер - откако го потопив прстот во мастило, ти се врати на време. Цела дланка веќе ми беше црна.

Рече дека не можеш постојано да мислиш на мене, но сигурно сакаше да бидам тука. Сакаше да ме гледаш додека се бричам. Имаше нешто сексуално во тоа што седиш зјапајќи во мене, додека ја собирам пената со жилетот. Никогаш не се исеков. Потоа го миев жилетот, го враќав наопаку на старото место, за да проговориме за минатиот ден. Се плашев дека немаме што да кажеме. По-

ради тоа трипати во иста вечер ти го поставив истото прашање: Како ти помина денот? Со мали варијации. Менував само по некој детаљ. Го оставав почетокот на прашањето непроменет, за да инсистирам на минато време, на минатиот полуден, во кој бевме разделени. Остатокот од денот и ноќта секако го минувавме заедно, спиејќи. Ти исто така бладаш, знаеш ли? Тоа не ме будеше, но кога станував да пишувам, можев да те чујам. Понекогаш молиш некого за нешто. Понекогаш само поставуваш прашања и јас ти одговарам. Престанував да пишувам, палев цигара, зашто пушев само додека спиеше, потоа ќе започневме дремлив дијалог.

Ме прогонуваше помислата дека живееш со мене зашто не можеш да си дозволиш да живееш сама и дека тоа е единствената причина што си покрај мене, на крајот и самата го рече тоа. Се чудев зошто тогаш се обидуваше да ме упропастиш. Можеби мастилото отсекогаш беше моја природна состојба. Почнав да носам ракавици преку ден. Навечер исто така, но ти не обрна никакво внимание на тоа. Сметаше дека така си обезбедувам себеси ексцентричност, а јас просто сакав да ги сокријам црните дланки. Подоцна бојата ми се качи до лактите, ми ги опфати и раменатa. Кога почна да се искачува и по вратот, повторно ја облеков онаа црна ролка која ми ја купи мајка ми. Иако беше лето.

Онаа вечер, кога се враќавме од театар и кога те бакнав за разделба во такси; тогаш ме прегрна со своите слабички раце и помислив дека никогаш нема да ме пуштиш. Тогаш и белите дробови ми беа во мастило и се плашев дека ќе чуеш збивање. Тоа беше единствениот пат кога ми дозволи да бидам толку блиску, а јас се плашев дека кога ќе ја потпреш главата на моите гради, ќе го чуеш чкрипењето во белите дробови. Кога се вративме, ја исповратив сета вечера - беше течна и црна. Додека се туширав, откривдека бедрата ми го изгубиле обликот, никогаш нема да дојдам до мигот за кој сонував, да водам љубов со тебе. И онака веројатно не би дошло до тоа, зашто ти однапред ми забрани. Мастилото не беше важно. Морав цел да се завиткам во памук, зашто постојано се потев - црно. Повеќе не пишував.

Сега пишувам. Последен пат. За да ти кажам дека ова е последен пат да ме читаш. Знаеш, постојано се плашев дека во еден момент можам да бидам прочитан - како книга. А ти не се плашеше, затоа не дозволуваше да те читам, не дозволуваше телото да ми дојде поблиску од онаа чкрипливо-коскеста преграткa во такси по театарот.

Веднаш ти реков дека твоите усни имаат боја на малина. Го заборави тоа. Сега кога ќе се разбудиш, ќе имаш дамка на усните, мрсни траги по стомакот и сигурно и ти веќе си заразена од ова празнење на смислата - од црното мастило. Ми се допаѓа идејата што те prospрев без грубост - просто и нежно, те облеав, се разлеав по тебе како меур од сапуница полн со црна течност за пишување. Можеби ќе ме засакаш некако, на некаков начин, ако ме носиш во себе, зашто знам, тешко дека тебе ќе те снајде мојата судбина - тешко ќе си дозволиш да се претвориш во проста дамка од мастило. Така ме нарекуваше. Дамка. Всушност, не го употребуваше тој збор. Се сеќавш ли кој збор го употребуваше? Велеше „флека“. Секако, тоа ме болеше, но ти се правеше

дека не те интересира. Во сјајните интервали на твоето негодување, во кои му се потсмеваше на моето присуство, имав чувство дека сè може да биде поинаку, на друг начин.

Сега тоа е веќе невозможно. Ти ме обележа да се претворам во она со што ме нарекуваше. Во дамка. Не верувам дека ќе се исушам толку лесно, сега кога се надув како огромен меур, кој пред да пукне, те prospe. Верувам дека нема ни да ја почувствуваш влагата и ќе помислиш дека тоа е твојата сопствена пот. Потоа ќе се размрдаш и ќе почувствуваш како сè е навлажнето; постелнината, перницата, косата.

Ако решам, можам да се претворам во едноставна дамка, којашто ја имитира бенката над твојата горна усна, или во неколку - една бенка под твојата лева града, друга од внатрешната страна на твоите бедра, трета на стомакот, четвртата ќе биде навистина таму - над твојата горна усна. Ако сакам, ќе те прелеам целата. Разбирливо, нема да те злоставам - ќе се појавувам на скриени места. Ако посакам да ти се одмаздам, ќе ти го обојам лицето, или градите. Понекогаш ќе се испишувам како кратка утринска порака, за да ме прочиташ пред почетокот на денот.

Ете, ставам точка на писмото. И почнувам. Да се влевам. Капка по капка.

Искрено твој, (Дамка)

Превод: Иван Шойов



ГУНА

ГУНА

Никола МАЏИРОВ

* * *

Патувам кон Скопје, сонот патува со мене. Сообраќајните знаци ги исцртуваат патиштата како сигнални светла крај аеродромска патека за слетување, сончогледите по полињата го менуваат небото, еленот од знакот „елени на патот“ еден ден ќе биде археолошки факт како убиените животни низ пештерите. Кога автобусот влегува во градот, како да влегува во тунел — децата ги затвораат очите, старците зборуваат погласно, возачот забавува. Уличните светла доаѓаат кон нас, сè побројни и погусти, како оси кон напуштена лубеница.

* * *

Ги слушам полноќните трки на моторџиите од еден семафор до друг, од еден живот до друг. Побрзи се од промените на црвеното светло, од мените на месечината, од паузите меѓу оргазмите во најблиските згради. Еднаш ја слушнав баба ми како му рече на докторот да не брза, зашто еден ден сите ќе стасаме онаму. Понекогаш ноќта не минува, а семафорите трепкаат само жолто, жолто, жолто...

* * *

Околу бурекчилниците по полноќ секогаш има кучиња, автомобили со сите вклучени трепкачи одеднаш, налегнати велосипеди со тркало што се смирува, полуугаснати цигари чијшто последен дим се бори со маглата врз стаклата. Пекарите се невидливи, логото врз салфетките избледено. Се гмечат празните чашки со јогурт, како што се згмечува важно писмо. Наскоро ќе светне по еден прозорец во сите згради. Птиците ќе слетаат на местата што сме ги напуштиле.

* * *

Кога влегувам во градски автобус, се вовлекувам во паузите од рутинските разговори за крстосниците на животот и фолклорноста на болките. Не ги знам лицата, ги знам приказните. Барам сигурност во препознатливоста на животните ситуации; барам споени седишта за двајца, за да бидам сам.

* * *

Келнерката со надмоќ се свднува над мене, ме прашува што сакам гледајќи кон отворениот прозорец и заминува со сигурност на љубовник што остава лажен телефонски број. Се присетувам на покриените коси на медицинските сестри чиишто погледи паѓаа над мојата болка, на андрогенските лица на стјуардесите коишто немаат право на тага, дури и кога авионот се урива, на фармацевтките што ги разбираат сите ракописи и надежи на светот.

* * *

Од дома секогаш излегувам со чувството дека нешто сум заборавил,

дека нешто стои оставено на масата, извлечено од темно место каде што со години стоело без можност за сеќавање, нешто кое требаше да го земам со себе, а сега уште години ќе стои така врз масата, додека светлината и сенките минуваат наизменично секој ден по него, како бранови по песочна кула.

* * *

Двајца во прегратка, долу, во бронзената сенка од споменикот кој гледа кон небото.

* * *

Во дворот на дедо ми сè уште стои бунарот длабок како нечии очи, широк како поглед на морнар кон детството. Секое утро облечен во бела маичка, дедо ми ја влечеше нагоре кофата полна со вода, што удираше по внатрешните сосидани камења како клатно во црковно звоно. Додека во сонот ја отворам железната порта од неговиот двор, го чувствувам струењето на водата во моето тело што никогаш нема да ми припаѓа мене, на ниту една жед.

* * *

Осветлениот крст на ридот го рануваше небото, додека се криев низ ноќните магли во градот, како стар мозаик што археолозите го покриле со песок, за да го заштитат од сите снегови и погледи на времето.

* * *

Кога дождот ќе престане, старци ќе излезат по улиците, печурки по најблиските ридови, полжави низ тревите во паркот, молњи ќе се појават во очите на тајните љубовници.

* * *

Студентските денови ги поминав живеејќи во подземна соба, слушајќи ги неуспешните клавирски проби на ќерката на сопственичката на куќата или откровениските најавни шпици на ТВ-дневниците. На дрвените прегради од мојот кревет имаше лепенки од локални рок-групи коишто никогаш не се појавија на насловна страница. Во кујната секоја ноќ лебарките доаѓаа по темницата и топлата вода во цевките. Немаше време да се биде осамен, дури и тогаш кога сите заспиваа, кога црвеното светло од бојлерот светнуваше и се гасеше како срце што ги знае сите тајни на светот.

* * *

Треба да се фарбаат оградите, да се исчисти оџакот, да се пристегне славината, да се променат бравите, да се отворат прозорците и да се проветри собата од силниот мирис на лакираниот паркет. Гранче влегува во собата, и гласовите на децата од најблиското училиште, влегува и гласот на мојот починат дедо кој ми вели: „Остави ги прозорците отворени, остави ги прозорците!“.

Ацо ГОГОВ

ВО АВТОБУСОТ

Имаше во неа некоја блага сериозност што ме привлече – наспроти извештачената и претерана веселост на другите. И тогаш почнав да ја пишувам оваа приказна што започнуваше од замаглениот прозорец на автобусот на кој таа ја имаше потпрено главата, а завршуваше на рампата на животот, каде што, сите ние, без исклучок, ги плаќаме своите долгови. Приказната ја вдамив во сопствениот прозорец. И ги спуштив ролетните.

ЗАБОРАВИВ ДА МУ КАЖАМ

Малечкиот лежеше на креветот со скрстени раце, небаре збунет ученик пред испрашување. Смртта, се чини, дошла по своето кога никој не ја очекувал. Закукаа жените долго, тажно, и од тој едноличен звук замолкнаа птиците во дворот. Ја префрлив торбата со леб на рамото и така, невиден од никого, излегов преку прозорецот, на патот, да го барам во некој друг живот, потполно ист, за да му го кажам сето она што досега не му го кажав.

КОЈ СИ?

Додека јадеме, забележуваме како јадењето исчезнува невообичаено брзо од масата: некоја трета уста џвака заедно со нас. Додека се расправаме при менувањето на телевизиските канали, некоја трета рака го грабнува далечинскиот управувач, и потоа гледаме: снежнобело шушкање, празен екран. Некој невидлив трет го отвора и затвора единствениот чадор што го имаме и во тие денови долго врне, врне.

ПЦИ

Некои пци надојдоа пред нашите порти, стари пци, можеби оние истите коишто дремеле до нозете на пророците или патувале одовде дотаму, среде прашливи патишта и коли што крцкаат со плачот на бебињата. Стојат пред нашите нозе и молчат, како да се вратиле по нешто заборавено, или само сакале да нѐ видат повторно, онака, по долго време, да ни го дадат последниот поглед како бескраен бакнеж, како нафора.

КЛУЧАЛКА

Клучалката е мал црн отвор низ кој залудно се обидувам да ѕирнам, да погледнам кон другата страна, зад вратата, да видам што има внатре. Морам да признаам, моите очекувања се големи, и тоа што низ неа во моментот не може да се види ништо, не ме обесхрабрува, напротив: кога конечно ќе успеам да погледам низ неа, нема да бидам истиот човек, тоа го знам, не исклучувајќи ги можните богатства што таму ме чекаат, не исклучувајќи ама баш ништо, дури и тоа дека некој друг ѕирка низ истата клучалка од другата страна, наивно верувајќи дека мене ме нема.

ОДОЗГОРА – НАДОЛУ

Од подотворената врата се подава рака. Во дланката држи филџан кафе. Ја познавам таа рака: должината на прстите, нежната заобленост на зглобот, потпукнувањето на коските како крцкање на расипан музички инструмент.

- Ти ли си, мајко?

- Да, синко.

- Добра ли си, мајко?

- Да, синко.

- Па што стоиш зад вратата, само со раката подадена?

- Раката? Тоа не е моја рака. Од таванот ти зборувам. Си велам, да ја обиколам куќата пред спиење, одозгора-надолу.

СТАРАТА КУЌА

Старата куќа е во горниот дел на градот, накривена, како човек запрен во паѓање. Староста на куќата нам малку ни значи, не ја ни забележуваме дури кога ноќе, невидени од никого, како тешки крадци, молчешкум, на свои раце ја пренесуваме старата куќа во нашата куќа и потоа со денови мудро молчиме. Ќе поплачат неколку дена старите, веќе покојни жители на старата куќа, па ние, разжалостени, им ја враќаме куќата на старото место. Само најмалиот брат се враќа уште еднаш на местото на злосторството и го мести точниот агол на накривеност.

ЛИЦЕ

Едно лице секоја ноќ доаѓа на мојот прозорец. Ѕирка внатре. Јасно е дека не гледа во мене, туку го движи погледот низ собата, како да бара нешто и...можам да видам како нештата, предметите се поткреваат малку над земјата, па пак се спуштаат, како пуштени пердуви, лесно.

- Лице – му велам – тргни се од мојот прозорец, лице. Имам месечина да ме гледа, имам лице поубаво од твоето во кујната, не кради очи од мене.

Можеби слуша, а можеби се прави како да слуша, туку еве ти го следната ноќ пак, чисто лице, без раце, без нозе.

УЛИЦА

Обична е таа улица. Улица во којашто моите соседи имаат свои соседи, а тие соседи пак, свои соседи. Се потпираме така еден на друг, соседски, како нашите голиштрави куќи кои се потпираат една на друга, со натепани грбови.

Понекогаш излегува некој славен од таа улица, неговите фотографии се во весниците, тогаш тој станува повеќе воздух отколку човек, и сите ние трчаме по тој воздух.

Понекогаш северот на нашата улица го вртиме во југ и така спиеме, така јадеме.

Иво ПЕТРОВСКИ

ЖИТИЕТО НА ПЕРСИЛА ВОЛОДЈА

Персила Володја беше родена во средината на осумдесеттите години од дваесеттиот век и уште како мала ја сакаше природата и се чувствуваше како дел од неа. Кога ќе легнеше на трева, таа стануваше трева, кога ќе се потпреше на дрво, таа стануваше дрво, кога ќе седнеше на камен, таа стануваше камен, кога ќе се качеше на трупче, таа стануваше труп. Гледаше бои што другите луѓе не ги гледаа, нема да ги спомнеме, бидејќи тие бои немаат имиња, никој не можеше да им даде име освен таа, а Персила не сакаше да се ограничува со тоа што би им давала имиња на нештата. Како што растеше, сè повеќе стануваше самостојна, мајка Ѝ немаше веќе право да ѝ вика: „Персила, треба да јадеш, не си јадела два дена!“, „Персила, не се качувај на дрво!“ „, Персила, не претај со рацете така, не е тоа море, тоа е казан со ајвар!“, „Персила, престани да го гушкаш кактусот треба дипломска да браниш, зарем не те боли?“ и слично.

Кога го заврши економскиот факултет мајка ѝ ѝ најде работа во една фирма за трегери. И плашејќи се да не одлета некаде, ја испраќаше до работа, а пред крајот на работното време доаѓаше и ја земаше. Еден ден мајка ѝ се разбуди весела, бидејќи на сон доби знак од Бога дека Персила може да биде самостојна и реши да ѝ дозволи сама да оди на работа. Персила само ја вртеше главата лево и десно и се смееше со отворена уста. Излезе надвор и почна да оди. Времето беше сончево, а кога беше сончево нејзините очи беа жолти. Според времето, таа имаше различна боја на очи, кога беше облачно ѝ беа сини, кога беше доумерено облачно ѝ беа зелени. Кога врнеше ѝ беа сино-зелени, а кога паѓаше снег светло кафени. Е сега ѝ беа жолти и таа повремено гледаше кон сонцето и му се смешкаше. Ѝ се појавија боите кои немаат име и почна да оди со подвиткани рамења, отскокнувајќи од земјата со секој чекор. А нозете често ѝ се мешаа, левата ѝ одеше на десната страна и вајсверса. Челото ѝ беше црвено и отрпнато од удари, зашто после секое сопнување, таа паѓаше директно на глава. Но, кога успеваше да направи барем пет чекори без да падне со сета своја несмасност, изгледаше толку грациозно чиниш женски коњ, кобила. Одејќи кон работното место здогледа пеперутка во некоја од нејзините бои и почна да летка со неа. Пеперутката ја гледаше како што никој друг дотогаш ја немаше погледнато, едноставно ја разбираше. Си леткаа заедно и стигнаа на подножјето на една планина и таму, покрај една пештера, Персила здогледа како Угљеша Барракактус игра валцер

со розовата антилопа во риги. Толку им се израдува што почна да ги тресе длан-ките и да потскокнува чиниш невротич-на верверичка. Иако тоа траеше седум-наесет минути и Персила беше на само триесет и девет метри од Барракактус и антилопата, сепак Барракатус не ја за-бележа, бидејќи не беше највешт танчар и мораше да биде сконцентриран на че-корите. По седумнаесет минути Персила повторно ја здогледа пеперутката во некоја од нејзините бои и продолжи да летка со неа. Одлетаа на крстосница и прелетувајќи на црвено, предизвика не-колку сообраќајќи. Кога ја ставија во по-лицискиот автомобил, таа ништо не збо-руваше, но мајка ѝ ѝ имаше врзано ливче околу вратот на кое пишуваше како се вика и која е нејзината адреса. Ја однесоа дома. Мајка ѝ беше пресреќна што ја гледа и ѝ вети дека веќе никогаш нема да има потреба да оди на работа. Уште истиот ден ја однесе во лудница каде што ја задржаа до бескрај. Првиот ден Персила беше тажна, се чувствуваше сама сѐ додека не се појави пеперутката којашто остана со неа засекогаш и колку и да ѝ ја зголемуваа дозата, таа не прес-тана да другарува со пеперутката и да гледа бои кои никој друг не може да ги види, затоа што таа моќ ѝ беше од Бога дадена.

ТЕРАСИЕ ЧУДОТВОРЕЦ

Глупаво е да обожаваш друг освен Бога,

Не треба и не смеам да имам друг идол.

Но, ако веќе морам да бирам некого,

без двоумење тоа би бил Терасие Чудотворец

Пој Даре

Во деветтиот век од нашата ера поп Терасие беше испратен во едно паганско село за да го христијанизира населението. Кога пристигна, прва цел му беше да најде добри луѓе коишто ќе му дадат топол дом, а потоа планира-ше заедно со новостекнатите пријатели христијани да започне со изградба на огромна црква, “Св. Богородица”. Се-пак, не се одвиваше сѐ според планот. Кога пристигна, селаните му затвораа врата, не сакаа да разговараат со него, бидејќи се плашеа од нови нешта,а имаа и забрана за каква било комуникација со него од страна на лидерот во селото, Оли. Тој само за да потсмева со поп Те-расие му кажа да оди и да си легне на една ливада покрај селото, дека само тоа му е дозволено.

Поп Терасие целосно свесен дека неговата мисија е божја волја што мора да се исполни, отиде на ливадата, ја от-вори торбата и од мантиите направи ша-тор. Веднаш почна сам да гради црква

од камења. Додека ја градеше, селаните му се смееја, но шаторот им беше интересен. Плашејќи се од дож, тој набрзина изгради многу мала црква за да има каде да преспие, а да не наврне. Но, откако ја изгради, сфати дека во црквата има место само за мало креветче и од дрво направи креветче на расклопување за да може преку ден стоејќи да пали свеќи.

Како поминуваше времето, селаните сè помалку му обрнуваа внимание, им здодеа да го исмеваат и целосно го игнорираа. Тој се чувствуваше сам, но не и осамен, Бог беше со него. И веруваше дека тој ќе му покаже начин со кој ќе успее да го христијанизира населението во селото. Спиеше склопчен на малото креветче, јадеше корења од шумата, а понекогаш, многу ретко успеваше да улови некое животно и да го изеде. Еден ден се разбуди со мачнина во желудникот и замина во шумата да најде билка што ќе го смири, но не најде. За тоа време, еден од селаните, барајќи ја својата мачка Луси,реши да влезе во црквата. „Мац, мац каде си?“ викна кога влезе и слушна некое чудно ехо, се наежи. Викна неколку соселани да го слушнат тој звук. Еден по еден влегуваа и велеа „мац, мац“, сите се наежуваа, освен Бобо. Него му беше сеедно за ехото, но го здогледа креветчето на расклопување. Е, тоа го наежи. Им го покажа на другите и сите остана избезумени, се држеа за челата извикувајќи чудни звуци. Потоа најдоа кутлача, тапан, послужавник и некои други предмети што ги изработил поп Терасие. Првпат видоа такви нешта, а нивната зачуденост ги тераше да се тресат и тетераат. Кога поп Терасие се враќаше кон црквичето, не ги забележа веднаш, бидејќи разговараше со Бога држејќи се за стомакот. „Во ред, ја научив лекцијата, никогаш повторно нема да јадам мачка. Те молам нека престане болкава“. Штом ги здогледа насобраните селани околу неговата црквичка којашто наедно беше и негов дом, толку се израдува, што не само што му помина болката, туку и целосно заборави на неа. Го прашаа како му текнува да направи вакви предмети, тој со задоволство им објасни, споменувајќи го Бога во секоја реченица, кажувајќи им дека Тој има најголема заслуга за овие иновации. Го нарекоа Чудотворец и така му се обраќаа, иако Терасие им беше полесно за изговарање бидејќи ја немаше буквата „ц“ која многу ретко се користеше во селото. Некој од селаните го праша на кој Бог точно мисли додека проповеда. „Еден е Бог“ одговори поп Терасие Чудотворец. Тие зборови ги зачудија селаните дури и повеќе откога за првпат ја видоа кутлачата, а помалку откога за првпат го видоа послужавникот, а тврдењето „Еден е Бог“ се расчу низ целото село и сите освен Оли, кој не сакаше да го изгуби лидерското место, дојдоа да ги слушнат за нив новите, а за Терасие единствените, приказни за Бога. Им раскажуваше како настанал светот, а паралелно и како тој изработил некоја иновација за да не изгубат концентрација ако им зборува само за Бог. Во исто време, Оли безуспешно се обидуваше да ги придобие селаните измислувајќи коцкесто ѓезве, минијатурен казан и слични предмети за кои тој сметаше дека се иновации, но сепак селаните добро знаеја дека се тоа модификации на веќе постоечки предмети. Дури и почна да ги нервира и да им досадува, па се договараа да го тепаат со лопати, но Терасие Чудотворец им кажа

дека тоа не е христијански, па го врзаа за дрво додека Терасие им раскажуваше како Бог го создал светот, како Бог сите нè сака и други основни работи. Оли одговараше со „Е како да не, нема шанси“. Терасие сакаше да го удри со лопата, но бидејќи веќе еднаш кажа дека тоа не е христијански, не сакаше да изгледа како да се двоуми во своите одлуки, па го одврза Оли и кажа: „Да му ја срушиме куќата на Оли, и на тоа место да изградиме голема црква која ќе се вика “Света Богородица”, а оваа мала црква да ја прекрстиме во “Света Богородичка“. Селаните веднаш му ја срушија куќата на Оли и почнаа да градат. Поп Терасие Чудотворец не им помагаше, бидејќи имаше артритис од тоа што спиеше со години свиткан на мало креветче. После тоа, Оли, исто како Луси, исчезна од селото и никогаш повеќе не се врати, а со него исчезна и паганството.

Селаните никогаш не успеаја да ја изградат Света Богородица, кога ќе помислеа дека се готови, црквата се рушеше. Еднаш успеаја да ја изградат ама користеа премногу камења и имаше лоша акустика. Поп Терасие Чудотворец им кажа да ја срушат и да не почнуваат повторно со градење бидејќи сепак Бог сака да им каже дека тоа место на кое со години живеел Оли не е свето место и не треба таму да има божји храм. На тоа место засадија лозје, а поп Терасие Чудотворец до моментот кога не стана целосно склеротичен, грозјето го претвораше во вино.

Еден ден поп Терасие излезе од малото црквиче, се качи во шумата и никогаш повеќе не се врати. Успешно ја заврши својата мисија, и не го изневери Бога, до крајот на својот живот не зготви мачка. Селаните знаеја дека тој човек, натчовек, Бог го прати во нивното село за да им ги отвори очите, подобро да го сфатат животот и да разберат кому му служат. На Бога.

Во најпознатите музеи ширум светот се чуваат артефакти за животот на Терасие, послужавници, блендер на навивање, штраф од креветот на расклопување и така натаму, а на малата ливада на крајот на селото, кое до дваесеттиот век, прерасна во град, уште постои прекрасната мала црквичка “Света Богородичка”. А на местото каде што беше куќата на Оли е пустелија, иако се наоѓа во центарот на градот. При крајот на дваесеттиот век на тоа место се изгради пошта, но набргу беше срушена поради лоша акустика.

Надица ТРАЈКОВА

КРЗНО И ЗАВОИ

Беше ноќ, лежев во својата соба, зјапајќи во ѕидот на кој имаше нацртано некакви листови од тропски палми со други, слични елементи. Белата, дрвена врата на балконот беше отворена и слабиот, но врел јулски ветер нежно ги нишаше сивите свилени завеси. Токму овој ветер и оваа жештина ме спречуваа да ги склопам очите и да се одморам за следниот ден. Ја вклучив ламбата што се наоѓаше на малата масичка до креветот, се исправив и се потпрев на една од перниците околу мене. Решив да ја читам „Шагринска кожа“ од Балзак, мислејќи дека можеби така полесно ќе заспијам, читајќи за предметите во антикварницата каде што се наоѓала кожата. После некое време, како и што очекував, сум заспала со книгата во раце.

Никогаш не можев да спијам мирно, дури и најтивките звуци ме будеа од сон. Не дека сум параноична или нешто слично, најверојатно сум само „лесен спијач“. Овојпат се покајав што се разбудив.

Ги отворив очите половично и трепкајќи, ги чувствував гурелките, но забележав како сребреникавата светлина од месечината силно оцртува темна фигура пред прозорецот. Повторно трепнав, овојпат веднаш се расонив и убаво ги отворив очите, но сомнителната фигура ја немаше пред прозорецот.

Си помислив дека само ми се причинило, па повторно ги затворив очите. Но, се лажев. Моментот кога повторно ги отворив - го видов она нешто. Сега многу почисто, бидејќи се наоѓаше на врвот од креветот.

Крвта ми се смрзна, оти тоа што беше пред мене, не личеше на човек. Беше високо околу два метра, главата му беше како деформиран череп на примат, со огромни испакнати вилици, од кои долната беше искривена налево, а во дупките каде што требаше да бидат очите, имаше само две виолетови пламенчиња.

Главата едноставно лебдеше над труп од коски и некаква полупросирна сива материја, а на крајот од невообичаено долгите горни екстремитети се наоѓаа долги канџи.

Остатокот од телото немаше нозе, туку завршуваше со опашка што постепено се стеснуваше до крајот во остар врв. Овој застрашувачки куп коски и сива материја изгледаше како да го држат само старите испокинати завои.

Додека ја гледав фигурата, таа испушти звук што личеше на клештење



и полека се придвижи кон мене. Подаде една од долгите „раце“ со канџите кон моето лице.

Цврсто ги затворив очите, тресејќи се и надевајќи се дека ќе се разбудам во секој момент и дека сето ова е само лош сон.

Но, наместо сонлива илузија, почувствував како нешто ми падна директно во скутот. Тогаш ги отворив очите и го здогледав мојот мачор Лео. Седеше во скутот и го набљудуваше „нештото“ пред нас.

Моментот кога го здогледа мачорот, чудовиштето испушти крик што може да се објасни како звук на воз што кочи ненадејно. Брзо се изви како магла и излезе низ вратата.

Зјапав во отворената врата сè додека не почувствував дека Лео ми ги лиже прстите.

Погледнав во долгиот и слаб црн мачор којшто ја беше потпрел главата на моите дланки, гледаше во мене со тркалезните жолти очи и нежно предеше.

Оттогаш, Лео секогаш беше покрај мене во куќата, без разлика дали е ден или ноќ.

РЕЈ БРЕДБЕРИ – „ФАРЕНХАЈТ 451“

Познатата книга на Реј Бредбери „Фаренхајт 451“, објавена во 1953 година е многу добро позната помеѓу читателите како една од подобрите фикциски новели на дваесеттиот век.

Дејството на книгата е поставена во футуристички, дистописки свет, каде што книгите се илегални и пожарникари не гаснат пожари, туку ги започнуваат преку горењето објекти (куќи, згради) и луѓе (ако се „приморани“) поради поседување книги. Приказната го следи Гај Монтаг, кој е дел од споменатите пожарникари. Откако сретнува и се зближува со „чудно“ девојче по име Кларис МекЛелан, тој се наоѓа во дилема поврзана со неговата работа, уништување на знаењето. На крајот, тој е обележан како криминалец во бегство и е приморан да живее живот на железнички пруги со луѓе коишто се слични со него.

Карактеристично за делото е што Бредбери имал повеќе идеи за наслов. Еден од нив бил последниот стих од поемата „Плажата Доувер“ од Матју Арнолд, која во „Фаренхајт 451“ ќе биде клучно дело што ќе влијае врз настаните што ќе следат понатаму во книгата. Но, една вечер, Бредбери се јавува во локалната пожарникарска станица и го прашува главниот пожарникар на која температура гори хартијата и добива одговор што ќе го одлучи името на книгата,“Фаренхајт 451”.

Книгата е карактеристична по неколку работи. Таа е комбинација од научна, дистописка и политичка фикција.

Но, книгата не е само тоа. Во воведот на книгата (издадена 2013 година) напишан од Најл Гајман, стои: „Ако некој ти објасни за што станува збор во една приказна, тој најверојатно е во право. Ако ти каже дека *само за тоа* станува збор во приказната, тогаш тој дефинитивно многу греши.“

Една приказна претставува многу работи. Таа може да биде начин на рефлектирање на авторот за сопствениот живот, за светот во кој авторот живее и за настаните и проблемите со коишто тој се соочува, приказната за ликовите со кои се сретнуваме внатре.

Бредбери прикажува проблеми со кои Америка се соочила во педесеттите години на дваесеттиот век, луѓе опседнати со серијали, комедии и вести што ги емитувале на телевизија, која многу брзо го заменила радиото како средство за мултимедијална комуникација; адолесценти коишто знаат само да создаваат проблеми, бидејќи им е по ќеиф; жени коишто немаат никаков идентитет и се зависни од своите сопрузи. Исто

така, тоа бил периодот на Студената војна во која учествувала и Америка, кога фрлена бомба од една од завојуваните земји, би го завлекла светот во Трета светска војна.

Тој ги прикажува опресијата и контролата за искажување на сопствените мислења и идеи поставени врз луѓето од страна на државата, па одовде и проблемот со горење на книгите. Капетанот Биди, кога е конфронтиран од Монтаг зошто пожарникарите ги горат книгите, му објаснува дека книгите се само лаги, измислени настани и луѓе што никогаш не постоеле. Зошто да читаме лаги? Книгите создаваат проблеми, нѐ растажуваат, нѐ доведуваат да размислуваме, а државата не го сака тоа. Зошто да сме тажни, кога државата се труди да нѐ одржи среќни? Зошто да читаме книги? Зошто треба да се грижиме за нив?

Кларис МекЛелан и нејзиното семејство се пример за тоа што им се случува на оние коишто не ги следат законите. Откако Монтаг ја запознава и се приврзува за девојчето, тој е изненаден кога ја снемува и целото нејзино семејство на крајот добива само еден краток одговор: „Се иселиле.“.

На крајот од делото, како што рековме, Монтаг побегнува да живее со група луѓе коишто мигрираат по напуштените железнички линии низ државата. Карактеристично е што тие, исто како и Монтаг, се против системот и сите негови начини на опресија на мислата, па затоа решиле да научат напамет барем по една книга, знаејќи дека колку книги и да се изгорат, никогаш нема да можат да го уништат усно пренесениот збор.

Со ваков крај што ни дава чувство на надеж дека можеби нештата не се толку мрачни колку што си претставуваме (за разлика од други дистописки новели како „1984“ на Орвел), Бредбери нѐ наведува да рефлектираме на нешто што може да се смета за клучно кога знаеме дека дури и во вистинскиот свет безброј книги од минатото се уништени, па ги знаеме само по нивните наслови или имаме само мали извадоци од зачувани листови или пергаменти, а тоа е неуништливоста на идеите. Што и да направиме, секогаш ќе постојат луѓе коишто ќе имаат потреба да ги покажат и да ги пренесат нивните идеи, ќе се развиваат и ќе ги инспирираат генерациите по нив.

Влатко ДЕКОВ

ПОФАЛБА НА СТАРОСТА

Алиса беше архитектка, но работеше на внатрешно дизајнирање на простории и како дизајнерка на нови производи. Ја сретнав во Лисабон. Шетајќи се покрај Тежу ни се сретнаа погледите. Беше облечена во бела кошула, фармерки и томс еспадрили. Тие беа во неверојатен склад со нејзиното прекрасно лице, руса коса и убави усни. Уште при тој прв поглед ја почувствував нејзината сексапилност која, не знам како, но беше засилена со начинот на кој таа ја носеше облеката и начинот на кој чекореше. Постои некоја чудна искра која не знам дали е биолошка од крв и нервни завршетоци или пак е сочинета од сеќавања и желби, која сите нас ќе нè изненади и ќе се запали токму кога ќе погледнеме некого за првпат и веднаш, длабоко во себе, таа искра ќе ни каже на само нам познат начин дека она што го гледаме е нашиот вечно посакуван сексуален партнер. Партнер кон кого тежнее не само нашето тело, туку и ум, нашиот разумен разум.

Нашите погледи се сретнаа, но нашите тела се разминаа. Таа чекореше во правец на црвениот мост зад кого сонцето почна да заоѓа во румено црвенило, а јас во спротивен правец ловејќи ги овие последни зраци покрај реката за да направам неколку фотографии. После фотографирањето се вратив назад затоа што морав да го спроведам мојот ритуал на пиење вино, легнат на една од лежалките покрај брегот на Тежу и да го испратам лисабонскиот ден со поглед кон останатото црвенило од зајдисонцето. Стигнав на моето одредиште. Сите лежалки беа зафатени и седнав на еден низок мермерен ѕид со кој се одделуваше делот на кафулето со маси и столови од оној со лежалки. Немаше ниедно слободно место. Крај на септември е, а Лисабон е сè уште полн со туристи. И покрај гужвата, знаев дека нема многу да чекам до ослободување на некоја од лежалките. Сепак ги има над триесетина. Токму во моментот кога одлучив да го скратам чекањето проверувајќи ги фотографиите кои сум ги снимил, пред мене помина Алиса. И таа бара лежалка. Се сврте неколку пати налево, па надесно. Виде дека нема место, па одлучи да седне на истиот ѕид и тоа веднаш до мене. Седнувајќи, ме погледна и се насмевна. Си реков, колку е чудно тоа што девојките во мојата земја многу ретко се насмевнуваат во вакви случаи.

Малку бев изненаден затоа што за само 15 минути повторно ја срекавам Алиса, и уште повеќе што сега седи

веднаш до мене. Сè уште не бев решен што да правам со нејзината блискост кога видов дека една од лежалките се ослободи. И тогаш моето тело скокна и се упати кон лежалката за да ја освои. Ах, чуден е нашиот мозок. Навикнат да ги следи плановите, ретко остава можност да ги прекршиме. Најчесто баналните планови. Се струполив во лежалката и го викнав келнерот.

- Едно порто вино, ве молам.

На лежалките од мојата лева страна, две Германки помлади околу 15 години од мене водеа сериозен муабет. Десно, едно француско четиричлено семејство, зборуваа и весело се смееја. Најблиску до мене беше таткото и мажот на убавата црномуреста Францускинка за која веднаш препознав дека е од мешан брак на белец и на црнкиња, или обратно. Моето вино сè уште не беше пристигнато кога таткото стана, ја бакна сопругата и замина. И тогаш повторно се појави Алиса. Праша дали е слободно местото и по добиениот потврден одговор се навали во лежалката, овој пат не погледнувајќи во мене. Дали се засрами што повторно седна до мене? Дали помисли дека јас ќе помислам дека ме следи? Одговорот не го знаев. Но, знаев дека мене навика ми е да ги пропуштам ваквите моменти. Во таа моја борба за еднаквост меѓу мажот и жената секогаш настапувам од позиција дека мажот не мора да биде тој кој го започнува разговорот. И речиси секогаш водејќи се од тој принцип, можностите за разговор или нешто повеќе постоеле, но најчесто одминувале чекајќи првиот чекор да го направи таа. Овој пат решив да не чекам. Утре си заминувам од Лисабон, седам со прекрасен поглед пред мене, задоволен сум од фотографиите што сум ги направил, немам никакво бреме кое ми тежи (освен малку стомакот кој порасна под влијание на португалската храна) и до мене седи девојка која зрачи со таква сексапилност за која сонувам.

Повторно се сретнавме. Сакав тоа да го кажам. Но, ми се виде некако премногу инспекторски. Како да сум ги броел нашите средби. Ама пак, зошто да не? Така веднаш ќе ѝ дадам на знаење дека сум ја забележал.

- Да, рече таа. – Судбина. И ја развлече насмевката. Мајко моја колку е убава. Забите ѝ се бели, јазикот не многу црвен, а усните ниту тенки ниту дебели, во правилна форма и благо заоблени нагоре на средината. При насмевката се појавија и по две дупчиња на обата образи.

Зошто рече судбина? Дали верува дека јас сум тој кого го чекала? Ајде не се занесувај многу, си реков, и продолжив.

- Не си од Лисабон, така?

- Не. Од Романија. Ама живеам и работам во Мадрид.

Хм, најмалку очекував дека мојот сон за сексапилност не стигнал подалеку од Балканот. Да ти бил романски.

- А ти? Од кај си?

- Македонија. И веднаш продолжив објаснувајќи дека често доаѓам во Лисабон и Португалија, а во Шпанија сум бил само во Барцелона.

Разврзавме муабет за нејзината работа во Мадрид. Ми ја отвори и веб-страницата на нејзината фирма.

- Имаш одлична работа. Мислам дека тоа е професија на сегашноста, а уште повеќе на иднината.

Таа се насмевна. – Ја чувствувам твојата енергија. Има некоја мистика во твојот поглед која ми се допаѓа, и ме погледна со нејзините сини очи толку длабоко како да сакаше да открие што е тоа мистично во мојот поглед.

Јас не верував дека за само 10 минути разговор сум на прагот да ја заведам оваа девојка.

- Сум ги заборавила пижамите. Морам да си купам, инаку ќе треба да спијам само по гаќи или гола. А во тоа гола го слушнав нејзиното задоволство кое таа го влечеше од процесот на заведување. Ја замислив како лежиме во хотелската соба и таа само по гаќи ја кратеше далечината на нашите тела.
- Не си ги знаеме имињата. Јас сум Алиса. И веднаш да ти кажам. Од старт сакам да знам на што сум кога разговарам со машко. Не ме сфаќај погрешно, но сакам да бидам на чисто, да знам што ме очекува. Еве денес во хотелот каде што се сместив, рецепционерот ми зборуваше разни муабети, но јас ја осетив неговата енергија како многу негативна. Ги чувствувам луѓето какви се. Ти имаш добра енергија. Ми одговараш. Каде ќе одиме вечер?

И токму во тој момент, моите сили станаа помали од задачата која си ја поставив. Почувствував како енергијата која ѝ се допаѓаше на Алиса си заминува и на нејзино место доаѓа заморот од целодневното пешачење по лисабонските ридови. Замор кој до пред зборовите на Алиса дека ја чувствува мојата енергија воопшто не постоеше. А сега целосно ме пристигна и ме совлада.

- Не сум сигурен за мојата енергија Алиса. Јас сум толку многу уморен што таа е на границата од позитивна нула.

Овие зборови како да ја промениј целата атмосфера меѓу нас. Алиса веќе не беше по гаќи ниту гола. Ја закопча кошулата едно копче повисоко и веќе не можев да ја видам нејзината нежна и сјајна кожа од каде што ѝ почнуваа градите. Толку бев уморен што сега не ме интересираше ништо во врска со неа, ниту пак можноста да ја поминеме вечерта заедно. Таа погледна во телефонот и станувајќи од лежалката си замина со зборовите: – Одам да си купам пижами. Среќно испружен на хотелскиот кревет, во 22 часот заклучив дека сонот ми станал подраг од сексот. Денес е денот кога сфатив дека сум стар.

ЈИРЖИ

Вчера од Чешки Крумлов до Прага се возев со супер модерен автобус кој нуди можност за гледање филмови на екранот вклопен на задниот дел од седиштето пред мене. Иста услуга како и во авионите. Откако ја разгледав филмската понуда, под графата странски филмови ја проверив и онаа со чешки. Го избрав „Кољa“ на Јан Сверак. Го имав гледано пред десетина години, но посакав повторно да го гледам додека се возам низ Чешка. Филмот е одлична приказна за педесетгодишниот прашки заводник и неоженет боем кој мора да се грижи за мало дете од Русија по име Кољa. Гледајќи го филмот препознав дека станот на главниот лик веројатно се наоѓа во близина на Малостранске Намести, односно на истиот оној плоштад каде што секое утро поминував барем еден час чекајќи некоја интересна случка за да фотографирам. Но, освен мене плоштадот му беше омилен и на Јиржи, поранешен државен службеник сега во пензија. Јиржи секој ден во периодот од 9:30 до 11:00 седеше под единственото дрво на плоштадот читајќи дневни весници. Пред три дена го фотографирав како поминува во црвена кошула. Сè до завчера само го сретнував, а денес седна на масата блиску до мене. Од оние стари кожни актовки го извади купот весници и една книга и почна да прелистува. Секогаш го лижнуваше палецот пред да ја сврти наредната страница. Ја почувствував неговата самотија. Не издржав и почнав да разговарам со него. Зборуваше малку хрватски и тоа многу ни помогна да се разбереме. Додека работел во Министерството за стопанство, секое лето одмарал на шибенското крајбрежје. Сега живее сам, многу е болен, нема кој да се грижи за него и потребата од разговор беше очигледна. Разговаравме воопшто за животот во Прага и некогашна Чехословачка. Како одминуваше времето така стануваше пожешко. Сонцето веќе ја надмина крошната од јаворот и ги грееше нашите плеќи. Решив да го прашам за „Кољa“.

- Чичко Јиржи, дали си го гледал „Кољa“, филмот на Јан Сверак кој доби Оскар во 1997 година?
- Како не, ми одговори со возбуда. – Ене онаму се снимаше, покажувајќи на една раскошна барокна зграда каде што во поткровјето се наоѓаше овалната соба на Лука, главниот лик од филмот. – Ајде дојди, ќе отидеме до таму. Ќе ми помогнеш да се качиме и да го помирисаме духот на Кољa и на Прага кога немаше туристи.

Се качувавме повеќе од 15 минути. Јиржи одмараше на секое искачено скалило. Кога стигнавме на поткровјето имаше само два стана. Се наведна на вратата од едниот стан и почна да плаче. Не знаев што да направам. Го фатив за рамо, а тој се сврте и ме гушна. Целиот насолзен изусти:

Тука живеев кога се снимаше „Кољa“.

Георги БАРБАРОВСКИ

ИКОНАТА

Тоа јануарско попладне во 1969 година ги одработував последните часови од тридневната прекршочна затворска казна заради една банална тепачка (што е сосема друга приказна) и можете да замислите со каква возбуда ги откопував грутките јаглен по аглите на подрумот од општинската зграда, кога неочекувано налетав на икона. Богородица со Исус! Всушност, тоа можеби и не беше вистинска икона, зашто божјата мајка и нејзината рожба беа насликани на парче стакло, со prosирни бои и дури со невообичаени изрази: Богородица спокојно и таинствено се насмевнува како Мона Лиза, дури дискретно намигнува, а малиот Исус е намуртен. Или само јас така ја гледав...

Чудо ја спаси иконата од налетот на мојот затворенички крамп. Но, чудото веќе се случило: што бара икона со Богородица во општински подрум?!

Стаклото одѕвони толку силно во металот, што бригадирот вресна, како во рацете да му експлодирала противтенковска мина:

- Престани! Престани да копаш! Отстапи!

Затворениците се ококорија кон мене со очи од коишто се топеше и легурата на парниот котел. Гробен молк клекна во ложилницата. Само во огништето повремено потпукнуваше јагленот, а од синкавиот пламен сиот општински подземен простор лебдеше како базен во кој тонат седумте затвореници. Сосе бригадирот.

- Кој го направи тоа? – грмна началникот на милицијата, влетувајќи во ложилницата како бик во корида. Ноздрите му фркаа облаци оган.

И сега не знам да си објаснам како за толку кусо време стасала веста до началникот и како тој успеа да дојде во ложилницата, иако нам ни се чинеше дека помина цел ден.

Се слушна одговор:

- Студентот, друже началник! - рекоа два-три гласа, меѓу кои го препознав оној на бригадирот, зашто она „друже началник“ го изговори сам, како солист на аматерска пејачка група.

- Кукуригов ли?! – сакаше да се осигури началникот, иако според погледот што откосо ми го упати, како да ми кажа дека со него јас ќе си имам работа.

Повеќе изгледаше како да му се потврдило некое поранешно сомневање, отколку што беше изненаден.

- Аха! – потврдија гласовите.

Студентот, се разбира, бев јас.

Со раце на задникот, началникот направи круг околу групата ложачи како што sверот ја обиколува својата, веќе маѓепсана жртва. Со контролиран бес ги опаша затворениците кои ќе треба да понесат нова одговорност, зашто токму тогаш ја изговори онаа прашално-заканувачка реченица:

- До кога јас ќе си имам работа со вас, да ја ебам вашата мајка расипничка!?

Кои беа тие чиишто мајки треба да ги отплаќаат гревовите на своите разуздани чеда? Ложачите ли, меѓу кои бев и јас, затворени со прекршочни решенија, а со одлука на началникот определени да фрлаат јаглен во огништето на парниот котел и да ги топлат задниците на општинарите? Или тоа се однесуваше на студентите (чијшто статус овде го имав само јас), кои од лани есента им задаваат големи маки на политичарите во врвот на државата, а со тоа и на чуварите на редот?

Тогаш во ложилницата влегоа двајца цивили, а кога началникот им покажа со прст на иконата, внимателно ги растргаа грутките јаглен, ја поткренаа Богородица и ја завиткаа во весник. На знак од началникот да си одат, едниот од цивилите ја стави иконата под капутот и двајцата излегоа.

- За ова нејќам надвор да се дознае. Шушне ли некој од вас, со мене ќе си има работа. Јасно ли е?

- Јасно! – одговоривме хорски.

Тука ќе направам мал отклон за да го дообјаснам второто сомнение што почна да рие во мојата глава по заканата од началникот, а кое произлезе од тоа што кога на скопските факултети лани се шепотеше дека студентите „горе“ се кренале, со тримина охридски бруцоши направивме наивен инцидент, кршејќи лавабоа во бараките на студентската населба „Стив Наумов“ во Автокоманда, солидаризирајќи се на тој начин со белградските колеги. Ама тогаш никој официјално тоа не го регистрираше, весниците не известија за инцидентот, а чинам дека дури милицијата ништо не направи за да ги открие прекршителите.

Можно ли е, помислив, тоа да го знае началникот, па сега го затега гајтанот околу мојот врат, а она „вие“ го употребува за да види од дистанца како прета жртвата? Зашто веднаш ја разложи заканата:

- Јас да бев власт горе, знам како ќе излезев на крај со таквите курнази кои, кога ќе ги стегнеш – газ даваат, ама ги олабавиш ли малку – газ бараат!

Епизодата со иконата заврши неочекувано наредниот ден. Ме пуштија да си одам. Изутрината ме испрашуваше некаква општинско-полициска комисија и околу пладне ја вдишав слободата. Бев зашеметен, зашто не разбрав зошто ми поставуваа такви бесмислени прашања. Сепак, отпосле се покажа дека тие и не биле толку бесмислени. Тоа го разбрав од приказната што истиот ден, попладнето, дома ми ја раскажа татко ми. Еве, чујте ја од него, онака како што јас ја дознав кога се вратив од затворот:

- Што има тука да се каже? Колектив и зима – две зла - кое од кое пострашно за селанецот. Едното ти го зема sевгарот, ти го претура мливото од амбарот, ти го вади свинчето од кочината;

второто ти ги затвора сите патишта. И оние што не се доправени. Дури и беспаќата. Едно утро, ти велам, газам по крцкавиот снег во дворот кога се проби пискавиот глас на мајка ти:

- Евва, Кољо, живи да не сме, Богородица ни дошла на гости, а ние спиеме како заклани, огин да нѐ стопи!

- Каква Богородица, жено, тебе уште ѓаволи те влечат во сонот! - си мрморев чудејќи се, додека влегував во куќарката.

- Гледај Кољо, Богородичка на прозорецот! – ме дочека таа во сопчето, покажувајќи на прозорското стакло.

И, за чудо, беше во право. Во нас од стаклото гледаше Богородица. Не онаква раскошна каква што ја знаеме од нашата црква „Света Троица“, живописана од некој Пецанов, туку малечка, прозирна, како да е дел од мразулците што висеа под стреите. Ја испружив раката за да се уверам дека не е дело на мразот, кога мајка ти крикна едно - Нееееееее! - од кое распукаа ѕидовите на сопчето.

Дотрчаа двајца соседи, ги спотерало не-то на мајка ти, задишани и зачудени, но кога им покажав на прозорецот од кој блескаше Богородица, тие само се прекрстија.

На заминување им го чув разговорот:

- Треба да пријавиме – рече едниот.

- Па, на Кољо под главата да му подметнеме трупец, тоа ли сакаш? – му се закани другиот.

Не помина цел час кога пред портата застана џип.

- Ти ли си Кољо Кукуригов? – си ја подаде главата еден од џипот.

- Јас сум – реков.

Тројца во кожени мантили тргнаа кон куќата, право на џамчето со Богородица. Еден од нив дојде до мене, додека двајцата безуспешно се обидуваа да ја изгребаат сликата од стаклото.

- Кажи ми, сега, Кољо, како се случи тоа? Кој е инспиратор, кој е нарачател, кој ја наслика, кога, со која задна цел? Сè, по ред, да ми кажеш!

Јас им го кажав тоа што тебе ти го раскажувам, ама не ми поверуваа.

- Ти комунист ли си? – праша еден од тројката.

- Да бев комунист, на прозорецот ќе ми се појавеше Тито или Сталин, а не Богородица – реков.

Се преапав, зашто не се знаеше дали вистината сведочи во твоја одбрана или ти става лисици на рацете.

- Ајјј, види, види, уште духовит излезе уметникот. Тито и Сталин немаат друга работа, па кај тебе ќе дојдат да се сликаат. Одговарај само на тоа што ќе те прашаме, разбра ли?

- Разбрав! – велам.

- Ќе видиме колку си разбрал! – скрцка заби најразочараниот и му нареди на колегата:

- Вади ја!

- Не правете грев! Ние за ништо не сме виновни, таа сама дојде, таа ни е спасителка! – свика мајка ти.

- Ја ќе ве спаси, ја ќе ве закопа! Сега мора да оди на анализа во Скопје.



Ако треба и во Белград. Ќе видиме кој тука си игра со мечка! – рече главниот, го стави под мишка стаклото и тројцата си се качија во џипот.

Дваесет години испраќав молби да ми ја вратат иконата, а тие секогаш исто ми одговараа: На анализа е. Се испитува. Де во Скопје, де во Белград ја зеле. Горе била!

Такви беа тие времиња. Имаше големи комунисти, озни и удби, џипови и мантили, незадоволни селани и остри милиционери. Такви беа тие слики. Такви беа тие подруми.

И тие беа такви.

Петре ДИМОВСКИ

САМОВИЛА ВО МЕРМЕРНОТО ЕЗЕРО .....

Искачувањето по стрмнината му внесе горештини на Силјан и водата од него, оросувајќи го, го вадеше вишокот на топлина. Чувствуваше и замор и посака да се одмори. Ќе седнеше тука, на каменот покрај себе, во загрaбот на природата, ама погледот му го одзеде блескотен извор на светлина што го подвижи да оди.

Најде езеро на планината. Во прилепското мраморно езеро. Тоа го изненади и го постави на размисла како да е во несонуван сон. Тука го минал детството, минал дел од животот, но Силјан никогаш не видел езеро. И немало, не само што не видел. Планината била компактна и постојана, со сè затворено во неа и поставено на неа. Можеле да се менуваат дрвјата како што се менуваат, да израснат поголеми, да никнат нови, да се исушат старите, некои да биле отсечени и да ги нема. А сега тука, пред неговите очи беше широко мермерно езеро со блесок од тиркизна боја и со свежина што издишува низ просторот.

Чекореше по блескотен мермер со мазнина и сјај што ги гали очите. Заморот исчезна по првиот повев на свежината што излегуваше од водата. И се загледа во неа. Во водата. Беше стаено бистра низ која пробива погледот во играта на згуснатата длабочина што пулсира низ извивањата на сопствената сенка.

Изгледаше толку убаво, чисто и сјајно. Силјан седна на мермерот. Ги расобу чевлите, па чорапите, ги брцна нозете во водата да се увери во тоа што го гледа. Водата беше стварна. Навистина водата беше стварна. Скокотлива свежина му мина низ снагата и го исполни со убави трепети. Воздивна со надојдена енергија што го подвижи со лесноти ја како при одлет на птица во замавот на крилјата.

Пак седна на брегот од езерото. Видикот беше бистар, како да гледа низ капка откината роса од клепката на утрото. Сонцето блесна со некој нов, неоткриен сјај и светлината разбранува низ синкасто зелена нијанса што беше чиста како отвореното небо.

Разбранува и водата. Заплиска, се помеша, распрска низ спектарот на боите и во точката на падот од светлината на окото, се создаде птица. И птицата почна да нараснува. Лебед, мерен по убавината. Бојата на убавината се прелеа со смарагден прелев. Плисокот на бранот го зафати срцето и започна силно да бие и да ги исполнува градите со разлеана милина на задоволство. Низ езерото пливаше... не, не можеше да

биде девојка. Сето тоа беше толку нестварно. Низ водата пливаше самовила. Со лесен, одмерен замав на рацете како да лебди над огледалото од водата. Како да лета низ тиркизната мрежа на небото. Косите како светлосни бранови ѝ се развеваа при замавите во пливањето и очите толку му ги исполни новата слика, што Силјан не можеше да потврди дека е тука и дека постои, туку само се случува настан што е надвор од него, стварен и единствен. Како кога се влегло во убав сон. Ама не беше сон зашто сè кажуваше дека е стварност. Дури и неговата будност, за која беше свесен, иако не беше свесен за своето присуство.

Дали беше само неговата мисла или тука уште беше и тој кога небото се отслика во езерото со истиот спектар низ боите на виножитото? Девојката што сега се потврдуваше во реалност на самовила, пловеше на белоперјен лебед. Да, тоа Силјан можеше да го потврди. Не беше причинување ни тоа. Движејќи се, се поместуваше низ водата, а водата остануваше без поместување затворена во сребрено златест трепет на просторот над неа. Самовилата постојано се приближуваше. Сега Силјан целосно ѝ го гледаше голото тело и се сети дека облеката ја оставила некаде скриена на брегот за да не ѝ ја откраднe лошиот дечко, зашто без неа не би можела да одлета зад седумте планини. Од толку далеку ли доаѓа? Сета светлина од сонцето паѓаше врз неа. Кога го почувствува допирот од нејзината рака во својата, здравувајќи го, Силјан го плисна топлината на блага насмевка што пролета и го разгали, свесен дека од своето присуство го има само чувствувањето и дека го слуша шепотот што му мина низ времето:

„Се изгуби во својот свет, не сум те видела долго.“

И гледа како нејзините коси, со боја на зрело жито го кротат ветерот врз неговото лице. Му кажа уште нешто, што не можеше да биде стварно и да се осмели да ги повтори зборовите низ мислата. Знаеше дека тоа не се случува. По исчезнувањето на сонот, ќе го опкружи суровата реалност што ќе му го испразни видикот.

Потоа самовилата почна да се оддалечува. Лесно и спокојно како да минува низ трепет на воздишка. Во Силјан остана бурата да клокоти и да го разнесува. Не знаеше во тој миг каде се наоѓа. Од езерото испаруваше бела светлина што се издигаше кон сонцето. Видикот во кој самовилата пловеше затворена, се истопуваше и се истрошуваше. Се исплаши дека самовилата исчезнува, дека видикот му се помешува и се гасне светлината. Посака да ја задржи девојката, да ја запре во одминувањето, да ја обнови во надоаѓањето. Забрзано ги протри очите да го избистри видот. Кога ги отвори, волшебниот сон беше исчезнат од видикот, ама остануваше убавината на реалноста. По водата на мермерното езеро, во смалување, се губеше, колку ненадејно, толку и нестварно појавената девојка. И одеднаш, таа потона. Девојката исчезна во водата. Сега Силјан откриваше дека тоа се случи на местото каде што таа првично се појави. Немаше објаснување за случката, ама сепак го исполни стравот дека навистина во езерото имаше девојка којашто необјасниво исчезна во водата. Очекуваше дека повторно ќе се појави, а сè посилно го стегаше обрачот на стравот дека ако не го прелагал погледот со некакво привидување, се случила

трагедија. Исчезнувањето на девојката во водата може да биде само нејзино потонување. И одеднаш скокна на нозе, пребарувајќи со погледот во некоја нејасна надеж дека може да ја сокриле незабележителни бранови што повторно ќе ѝ го отворат патот на светлината до неа. Потоа се прекоруваше што не влезе веднаш во водата, тогаш кога во одредено време на мислата, во одбројувањето при исчекувањето, девојката не се појави над водата. Кога скокна во водата ценеше дека не го пропуштил тој миг, туку од можноста да ја пронајде и да ја спаси, го одвојува далечината. Со брзо пливање настојуваше да го скрати времето. Замавнуваше со рацете, замавнуваше и сè повеќе сфаќаше дека сè беше вистинито. И појавата на девојката, и нејзиното потонување. Во грчот на мускулите што забрзано се собираа и отпуштаа за да го испревари кобниот миг, ја чувствуваше болката што ја создаваше трошењето на напрегнатата енергија во него.

Можеше само да го претпоставува местото на коешто исчезна девојката, каде што се изгуби, а не се појави повеќе. Тоа беше блиску до другиот брег. Таму Силјан ги склопи рацете и потона под водата, барајќи ја девојката со надеж дека не е доцна за помош. Очите му беа широко отворени во пребарување. Водата тромаво се поместуваше пред него, а погледот пробиваше надолу до згуснатата смиреност на мермерното дно коешто напати како да брануваше. Ама, никаде во тој пробив на погледот, не можеше да ја пронајде девојката. Се враќаше на површината од водата да загреби воздух, нурнуваше повторно и пребаруваше повторно, а погледот и натаму остануваше празен. Веќе се замори. Веќе ги немаше силите што ќе продолжат да го задржуваат во пливање и нуркање, па чувствувајќи го заморот како му ги исплеткува и нозете и рацете, со доцедени сили, Силјан се врати на брегот. Се одвали на мермерот, немоќен за натамошни подвижувања. Мислата целосно го опфати со реалната потврда. Тоа беше само причинување. Се убедуваше дека ништо не се случило во езерото, иако не можеше да си го објасни виденото. Ниту да го потврди, ниту да го отфрли. Тоа повеќе му ги исцрпуваше силите и остануваше и натаму да лежи на мермерот.

А таинственоста на мермерното езеро наполно го збунуваше. Самата појава на езерото беше мистериозна и нестварна, иако не можеше никако да ја отфрли, зашто реално ја доживуваше. Потоа појавата на девојката којашто се изрази како уште поголема тајна, со таинственоста во појавата и уште повеќе со таинственоста во исчезнувањето. Силјан беше сигурен само во едно. Си го повторуваше во мислата и насетуваше дека му се враќа енергијата. Во езерото, ако навистина тоа постои, не ѝ се случило никаква несреќа од исчезнување на девојката, ако навистина се појавила. Само знаеше дека таа е во мистеријата и дека само таму може да ја бара. И, може да ја бара над површината од водата. Силјан одеднаш скокна на нозе.

Толку брзо скокна, како да не бил во никаков замор. По водата, кротко и одмерено како во првата појава, пливаше девојката. И пак доаѓаше кон него. Сега не го прими ликот на самовилата којашто допловува на бел лебед. Сега остануваше реалниот лик и можеше да се види како таа во приближувањето му мавта со раката.

Кога девојката излезе на брегот и седна крај него, Силјан почувствува дека светот и животот навистина се реални. Девојката ја имаше истата убавина на самовилата којашто во средбата му ја подаде раката за здравување.

Сега таа не подаде рака да се поздрави. Се губеше јаснотијата како и што се случува, но реалната средба веднаш ја потврди зборот на девојката.

- Ти нели ме препознаваш? Сум те видела во другата улица под Маркови Кули.
- Дали сонот исчезна, па настапи јавето?
- Зар живееш таму, во градот?
- А каде би живеела?! Во езерото? - Девојката се засмеа толку топло и исполнето, што тоа видно ја зголеми неговата збунетост.
- Може да се рече и така зашто толку убава девојка во градот не сум видел - успеа најпосле да проговори. Девојката пак топло се засмеа и сега изразито блескотно.
- И не си ме видел. Ете, тоа го објаснува твоето однесување.

Сега се насмеа и Силјан. Сега беше вратен во себеси и го чувствуваше своето присуство. Но, видливо лебдеше изненадувањето и неверувањето на тоа што се случувало. Можеби затоа гледаше чудно во девојката.

- Така чудно ме гледаш, како да сум нестварна - му забележа таа.
- Те барав во водата. Те барав долго... Се исплашив. Мислев дека... мислев дека се удави.

Девојката го смири лицето. Сериозно го погледна. Потоа одеднаш како да сфати нешто кон што пребарувала и пак се засмеа.

- Прости! - рече со вратена сериозност на лицето. Моја вина. Веројатно не знаеш за подводниот излез од другата страна на мермерниот ѕид. Кога претпријатието за руда го напушти копот на мермер, просторот го исполни водата, до нивото на надворешниот отвор од прокопот кон другата страна на планината. Ќе ти покажам - и го повлече за рака.

Отворот низ кој изнурнаа беше како пробив низ мермерен прстен. Од излезот се гледаа околните планини, а мермерните блокови го оставаа езерото од другата страна, наполно скривајќи го од поглед.

- Јас те познавам - му кажа топло девојката. Многупати сум те видела, таму низ градот, кај Домот на културата, во чаршијата... Еднаш те видов на театарска претстава, ама секогаш ти ме одминуваше, не ме забележуваше. Јас те гледав.
- Има објаснување - рече Силјан по кратко пребарување низ мислата. Твојата убавина толку ми ја заслепувала светлината, што не сум бил во состојба да гледам.

И сега многу силно се засмејаа двајцата и се задржаа во прегрнување за да се задржат на нозе, да не паднат од надојдената смеа.

А смеата ги исполнуваше со најубави чувства. Тој сфати дека се вљубува. Дека силно се вљубува. Девојката беше веќе вљубена.

Борче ЈАНКОВ

МАКЕДОНСКА ГОЗБА

Драма во 5 чина

Личности:

Александар III Македонски Велики - Крал на Македонците

И на покорените Елини, Илири, Тракијци, Персијци...

Клито мрачниот – Војсководец на Филип и на Александар и близок пријател на Александар

Пердика – Војсководец на Филип и на Александар

Кратер – Војсководец на Филип и на Александар, најпочитуван од Александар и голем пријател на Филип и на Александар

Птоломеј – Војсководец на Александар, другар од детството, верен пријател и телесен чувар, подоцна крал на Египет

Лисимах – Војсководец и другар од детсвото, близок пријател и телесен чувар на Александар подоцна крал на Тракија

Хефестион – Војсководец, другар и близок пријател на Александар од детството

Аристандар – Личен гаталец на Олимпија, а подоцна и на Александар

Клеомант - Ученик и помошник на Аристандар

Калистен од Олинт – Филозоф, внук на филозофот Аристотел

Анаксарх од Абдера – Филозоф софист

Клеон од Сицилија – Елин, поет ласкавец

Праних и Пиерион – Елини, поети пејачи

Сизина - Персиец од Египет**,** многу почитуван и верен пријател на Александар

Чин I

Место и време на случување – Партија, степска земја јужно од Хирканија источно од Медија – територија од персиското кралство под македонска власт, 327 година п.н.е.

Амбиент - Просторијата за прием на кралските гости, пребогата софра поставена врз живописни персиски килими опкружена со меки ниски софи, скапоцени предмети и раскош.

Сцена I

(Александар III Македонски Велики, кралот на Македонија, Елада, Илирија, Тракија, Персија ... Стои со неговиот војководец Лисимах во средината на богато украсената просторија подготвена за гозба. Во десната рака, украсена со скапоцености, држи големо жолто јаболко.)

Александар

Ооо божество, о семоќ!
Идеите што во живот ги повикуваш
и животот во форма обвиткуваш
отвори ја пред мене вечноста
и расветли ми ја последната мистерија!

Лисимах

За бесмртност копнее смртниот
и од желба срцето му замира,
а боговите одозгора го гледаат
и тивко го сожалуваат.
Не знае тој дека душа бесмртна носи
што со разумот човечки се коси
зашто непостоењето е блаженство
кон кое тежнеат сите богови!
(Смеа. Влегува Птоломеј)

Птоломеј

Со страшна брзина дејствува кралот млад
и невидено разумни одлуки донесува.
Во ужас ги фрла оние кои му се потсмеваа,
а атињаните што први од него се отцепија
и први огорчено се покајаа!

(Се прегрнуваат и гласно се смеат. Во тој момент влегува Клито, Александар му го дофрла јаболкото, а тој го фаќа.)

Александар

Најверен отпечаток на душата
дава познатата трилема
Хера, Атина или Афродита?!
(Клито збунето погледнува во јаболкото, потоа во Александар, па во Птоломеј)

Александар

Господар на Европа и Азија
мудрост и несовладлива воена вештина...

Птоломеј

Или преубавата Елена,
најубавата смртна жена?!

Клито

(Искривува усни)

Азија веќе е освоена
и на Александар таа му припаѓа...

Победник во сите битки
мудар и несовладлив е Ахил,
но, непоразен е и Александар...

Птоломеј

А убавата Елена?!

Лисимах

Неодоливата женска убавина?
Најтешкото машко искушение
и најголемата главоболка во исто време!

(Смеа)

Клито

Убавата Елена?!
Па, таа е неверна и
за Клито, е отсекогаш безвредна!
(Громка смеа)

Александар

И роднина и завидливец
на тврдоста и честа
на Пенелопа се поклонува
вистина, ниедна жена
поголем украс од верноста нема!

Птоломеј

И најчесто, големата убавина на жената
е причина за нејзината несреќа!

Клито

И ако Европа не видела, а ниту Азија
од кралицата Роксана поубава жена
каков избор тогаш
на Клито му преостанува?!

(Смеа)

Лисимах

Клито сериозен е и кога другите ги засмева
неизборот мудрост е
што трилемата ја анулира
и јаболкото на раздорот на немирната Ерида.

Клито

Еве, енигмата за миг е решена
но, зар сум повикан и таква чест ми се дава
само да учествувам во оваа мала
филозофска расправа?!

(Смеа)

Александар

Ова прекрасно овошје ко подарок го добив
за мојот пријател Клито си спомнав,
па да му го покажам го повикав.

Лисимах

Златно јаболко, модро грозје
и млечно зелени смокви
љубовна арома од родната Македонија!

(Смеа)

Александар

Славата на плодородието в рака го држам,
но се начекав
благодетов со пријателот да го споделам!

Клито

Јас жртвено ветување
се потготвував да исполнам,
но веднаш дотрчав штом бев повикан!

Александар

Се случува нешто, помислив
и проумувајќи безброј претпоставки
во лавиринтот на сомнежот се загубив.

Лисимах

По изгазена патека
и мислата во умот тежнее да оди,
па затоа најчесто таа
до погрешен заклучок води.

Клито

Сомнежот е скокотлив
и на злата мисла тој најмногу ѝ годи
еве мене, сѐ уште ме мачи загатката
зошто ли жртвата мораше да се одгоди?!

Птоломеј

Што ли се случи Клито, зборувај
и во исчекување тегобно не нѐ оставај?!

Клито

Три јагненца бели одбрав
кадрави, разиграни и без мана
и жртва на Диоскурите подготвив...
А и скапо ги платив!

И пред острицата лута на ножот
низ грлото писливо на јагнето да ропне
и првата црвена капка крв
во златната жртвена чинијата да тропне
раката на свештеникот на рамо ме допре...

Извив врат и глава свртев
а гласникот ми пристапи и строго кажа
тргнувај, кралот веднаш да те види бара!

Го олабавив стисокот врз вратот топол
од крзното густо прстите ги отплеткав
го спуштив сечилото врз олтарот
се подигнав и веднаш овде се упатив.

Но, блеење тажно ме сепна
пред прагот на кралскиот двор
ко глас детски, здружен во плачлив хор.

Во недоумица полека се свртев и ете што видов:
Јагнињата што пред малку од нож се спасија
по мене тргнале и довде ме следеле!

Па, главите вдесно ги свија
и устите полека ги отворија
забите така ги исклештија
само што не проговорија!!
А мене крвта во жилите ми се следи
од нивните чудни погледи...

Зашто низ искокнатите очи јагнешки
нешто неземно ме гледаше

и со шест очи едновремено
движењата мои ги следеше!

Тоа што сурово ме прекоруваше
најпрво ме збуни, а потоа зачуди
но немоќта непознатото да го разберам
најмногу од сè ме огорчи!

Александар

Очигледно и јасно, а сепак загадочно
има овде нешто скриено и симболично
Аристандар најдобро ќе каже
што тука земно е, а што необично.

Птоломеј

Неговиот поглед и во земјата продира
тоа што окото човечко не го гледа,
духот негов лесно го открива.

Лисимах

Скапоцен е советот на Аристандар
многупати тој чудесно
волјата на боговите ни ја открил.

Птоломеј

Древно Додонско правило е:
жртвеното ветување безусловно да се исполни,
зашто за да се умилостиват боговите
треба и да им се угоди.

Александар

Да го слушнеме оној којшто тајните ги разбира,
зашто колку повеќе зборуваме
само повеќе ќе се заплеткуваме.

Повикајте ми го Аристандар!
(Еден од војаниците пред вратата веднаш отрчува да ја изврши наредбата)

Александар

Откако ова величие во мало го прими
што кралот лично за него го подготви
пријателот мој сега, може слободно да оди!

Клито

Нека бесмртните богови за овој убав дар
му ги исполнат сите желби на мојот крал!

(Александар му подава на Клито чинија со убави крупни плодови, тој ги зема заблагодарува и заминува, влегуваат Аристандар и Клеомант)

Александар

О, Аристандар!

Аристандар

Овде сум господару!
(Александар му подава грозд на Аристандар, смокви на Клеомант)

Александар

Збиднување чудно мислите ми ги собра...

Аристандар

Ве слушам, кралу мој!

Александар

Ова овошје од Македонија го добив,
па Клито го повикав
саканиот пријател да го видам
и дел од оваа убавина да му подарам.

Но, ко и обично, наместо да се развесели,
тој лицето го скисели, устата ја искриви.

Аристандар

Одамна Клито го познавам...
Тврдоглав и самоубеден,
совет од никого не прима
и сè по свое тера!
Од правдољубие опседнат во крајности оди,
неправда во сè гледа и постојано негодува!

Птоломеј

На сите им отежнува, а ништо не постига
каде и да се појави, расположението го расипува
и меѓу пријателите, непријатели си создава!

Александар

И денес овде кога дојде
изгледаше тој сосема отсутен,
задлабочен и многу уплашен.

Аристандар

Еве, душата моја што осети
и окото на духот мој што виде.

Разорно незадоволство во него тлее
бурен немир, па тешка омраза го обзема
Ерииите со крвав поглед го мачат
страшните божици на адот!

Лисимах

Заповедник е на огромна област
се прашувам што ли му недостига,
но незадоволството обично
од неблагодарноста доаѓа.

Александар

Дух силен и бестрашност
во жарот на сите битки тој покажа
Клито е тврд и жесток борец,
вистински македонски првенец!

Лисимах

Војниците наши за пораз не знаат
за назад, никогаш и не помислуваат
сепак, различни побуди исто дело даваат.

Александар

Токму пред чинот на жртвувањето,
повикот мој Клито го добил,
па ритуалот веднаш го прекинал
и право овде се упатил.

А трите жртвени јагнињa
сами по него тргнале
и со необичен поглед во очите
во чекор довде го следеле.

Аристандар

Моми змијокоси гледам
со крвава пена во устите црни,
во облеки парталави облечени.

Александар

Хм, лош предзнак...

Аристандар

Кога жртва на боговите се вети
на одредениот ден мора да се исполни
за брза несреќа човека да не го сполети.

Клеомант

Оваа морничавост јасно кажува
за несреќа неочекувана да се избегне
жртва на помирување се бара.

Аристандар

Од духот на Диоскурите посетени
жртвените јагнињa сега се осветени...
И не смеат тие никако да се колат
туку мора со други да се заменат!

Клеомант

Зборот од духот на вистината роден
голема тежина има,
Аристандар право збори
и друго објаснување, мислам, нема.

Аристандар

Да не губиме време сега
брзо, да одиме
жртвата на помирување да ја подготвиме!

Александар

Одете и направете сè што се мора
зашто за ноќва
македонска гозба се подготвува!
За доброто расположение да не изостане
и црното вино неиспиено да не остане!

(Громка смеа, Александар излеѓува)

Птоломеј

Вино индиско од крв потемно,
со шумски мед засладено
и ароми далечни досега невкусени,
ноќта треба да ни ја разубави!

Но, срцето на Лисимах не се зарадува...

Лицето му потемне и тој поглед сврти
гледам, се чудам и се прашувам
зошто ли така пријателот мој се смурти?

Лисимах

Александар, облечен ко Амон
Херакле или Артемида
на гозбите се појавува...

Како со облак олимписки обвиткан
со сивосин темјан околу себе кади,
очекувајќи од секого на кого наиде,
како на бог да му се поклонува и да го слави!

Птоломеј

Прозирната персиска облека
и појасот на Дариј
порано и мене ме вознемируваше...
Но, кралот за сите нас премногу направи
сепак, мало зло е тоа
и не треба да му се замери!

Лисимах

Под наметката снежно пајажинеста,
од волна на неродено јагне исткаена,
чекори во ритамот на Аполоновата лира
што само тој може да ја чуе...
Од другарите на милото детство се отуѓува
и како божество се однесува!

Аристандар

Од Хераклe и Ахил тој корени влече
и несомнено е дека во крвта негова црвена
од родот божествен, нешто и исхор тече!

Не грижете се, тој е голем прагматичар
и никогаш со митските ликови
целосно не се поистоветува,
со овие мистично ритуални претстави
само на своето божествено потекло не потсетува.

Лисимах

Олимпија за сè е виновна,
таа во мистериите го воведе
и полнејќи му ја главата со приказни,
еве до што го доведе!
(Молк)
Со Александар пораснав
тој ми е голем пријател,
а јас сум му личен чувар.
Но, често не можам да го препознам
загрижен сум, доброто му го сакам,
па затоа остро зборам!

Аристандар

Додека Филип воени вештини
и стратегија го подучуваше
и секојдневно со меч и штит
техника на блиска борба вежбаше
неговата бестрашност, тој посебно ја негуваше.

Но, иницирајќи го божественото во него
и Олимпијада му го даде најдоброто од себе,
без кое тој ни мал дел од ова натчовечко денес
не ќе можеше да постигне!

Клеомант

Има пријатели нешто
пред праволиниски да пресудите,
што мора безусловно да го знаете...

Молк.

Олимпијада штом зачна, на учителот се довери
и по пресметките што Аристандар
според ѕвездите ги направи,
вака тој низ солзи прозбори.

Еве ја волјата на Зевс и неговиот скриен збор...
Новиот господар на светот ќе се роди во Пела
токму на македонскиот кралски двор!

И кога првите трудови кралицата ги доби,
клекна пред неа учителот на колена
и жестоко почна да ја моли и преколнува.
Да се стегне силно и за малку да се воздржи
И во точно одредениот астролошки аспект
господарот на светот да го роди!

(Смеа и воодушевување)

Птоломеј
Слушна ли, Лисимах?

Другарот нема да го изгубиме
и место овде за грижа нема,
зашто времето брзо носи,
но уште побрзо однесува!

И тоа ќе му помине,
па кога некогаш на ова ќе се сетиме
сите само добро ќе се изнасмееме!

(Смеа и одобрување....)

Иван ВАСИЛЕВСКИ

ЏИГАН

(Според *Албатрос* од Ш. Бодлер)

Од палубата на светот
џиганот вјаса кон пристаништето,
кон брегот што скокотливо
за епски сон се подготвува
Низ отсутноста се влечка како
густа тиња, како лига се лепи
врз лицето на мракот
Џиган смрди во присутноста

Џиган се валка по улиците, пред
продавниците, по штиците на
театрите, во кулоарите,
по тротоарите. Меѓу птиците
џиган се испилил, се кикоти од
цибрината, ја распара тишината

Џиган плипот по маркетите,
на плоштадите, во домовите
Како црн мравјалник дивее
под пењоарите. Џиган буричка
во ормарите и будоарите

Џган сплеткари по семинарите
Се ветрее по пазарите
Џган штрека по дамарите

***

Од палубата на светот
џганот бразди кон морската шир
Фрла пајажина над брановите
и видикот го наткрилува
Џган во заумот, нестварно голем,
како џин го занишува брдот на свеста
Во монашка тишина, во маина,
џганот раширил едра
Меѓу бедра, на јаснина, подигнал
бивак, санким сивак дрочен
на јазикот, мравји трпки
под очен капак. Невиделија

Во јавето џган, џган во сонот
Во потсвеста на векот кули урива,
кории корне. Џган распослан како
чичок на погориште, како бурјан,
како бујак сред мочуриште
Како какол во житиште, како
папрат на лазиште. Џган како
троскот се зажилил во нивите,
се впајажинил меѓу лозјата,
сред овошките се вкоренил

Џган на буништата, во стрништата
Џган ги осквернува гробиштата
Џган во училиштата, лечилиштата,
џган по патиштата. Се вџарил џган
во светоста на светилиштата

***

Од палубата на светот џганот нурка
кон длабочините. Меѓу џган се
зажеглиле светлините, се глодаат
темнините. Џган во хотелите,
во борделите, на коктелите. Џган
меѓу писателите, меѓу пријателите

Џган кај поетите, во тоалетите,
на факултетите, во кабинетите
Џган во библиотеките, во аптеките
Џган во болниците, лудниците,
во судниците. Џган во берберниците,
на плочниците, во менувачниците
Џган во кафеаните, по ресторанite

Светот е џган фрлен на буниште
Џган на пероните, во вагоните
Џган се налепил на крстовите,
ги занемува камбаните. Џган на
ТВ екраните. Џган на интернет
порталите, на карневалите,
на игранките, во банките

Џган на земјата: во пустините,
на ридовите, планините, во реките
Сред езерата, мориња та, океаните
Џган во градовите, меѓу ѕидовите,
меѓу гробовите. Џган во вселената:
над зенитот, меѓу ѕвездите, сред
космички пространства и галаксии

Џган во спалните, во чекалните,
во предавалните. Џган како бушав
вран и мислата ја расткајува

Од џганот ни напред, ниту назад
Џган во автобусите, на станиците,
границите, царинарниците
Џган - брст и плева. И слепи да го
видат, и глуви да го чујат

***

Од палубата на светот џганот
се искачува кон небесата,
лета кон височините
Џганот го развејува димот од
оџаците. Џган под облаците,
по басамаците на светлосните
скали, меѓу зраците на божјата
супстанција џганот се прпелка,
се коти во мракот на биваците
Џган по сокаците, над знаците што
историјата ги заборава во хаосот

Џган расколничи во црквите,
манастири урнисува,
се чепати по конаците,
плука врз иконите,
драска по фреските,
блуе врз мозаиците

Џган меѓу ангелите
Џган меѓу демоните
Џган сред верниците,
меѓу грешниците
Џган ги побркува јазиците,
хули меѓу празниците

Џган по ходниците,
во работилниците,
се јази по висококатниците
Џганот гнете во слаткарниците,
се истопорил меѓу спомениците
Џган во штедилниците,
во обложувалниците
Џган меѓу академиците,
во џгановалниците

Џган под стреите, во музеите
Џган меѓу граѓаните,
во алеите на великаните
Џган на покривите, во архивите
Џган меѓу мртвите,

џган меѓу живите,
меѓу патриотите,
џган меѓу идиотите
Џган меѓу полтроните,
на стадионите
Џган во полицијата,
низ чаршијата,
меѓу сиромаштијата
Џган се вкоренил
во политиката, во установите,
во судовите. Џган во парковите,
на мостовите, по возовите
Џган меѓу зборовите,
во стиховите -
џган над џгановите.

Митко ГОГОВ

[САМО МАЛКУ МОЛИТВА]

.кога си тивок тогаш најмногу зборуваш,
кога сонуваш тогаш најмногу гледаш.

се будат слоновите со оркестарот во тебе
- ловџиите за прв пат се плашат од сопствените труби.

гледај во себе додека внимаваш да не ја настапнеш тревата.

во собата мирисаат сите ноќи
кои не успеавме да ги создадеме. ѕвездите заспаа чекајќи
на подот. по извалканите плочки сè уште траги, маленкоста
како сенка се крие помеѓу фугите.

ќе си заминеме без да се лутиме на
цвеќињата, на танцот кој го претворил виолетовото во жолто.

во вентилатор на ноќта испуштаме уште една молитва
- таа ме(н)тална прашина

што во космосот го игра најтажниот сон.

Награда Енхалон, 57 Струшки вечери на поезијата 2018

Ристо МАЌУНКОВ

ЗАМИНУВАЊЕ
На К.А.

Те видов во сонот
додека густа магла
се спушташе
кон зелените ливади под ридот

одеднаш стана мрачно
и се отвори бездна

во еден момент почуствував
сноп светлина
ама не можев да се свртам кон небото

само те гледав како заминуваш
со надеж дека
ќе се видиме можеби некогаш

СИРАЧЕ

Сношти липав
во сонот

како напуштено сираче
во светот кој не сака

да ме разбере
и признае за свој

НА ПРОЧКА

чекавме на ред
да си кажеме по некој убав збор
пред да си простиме еден на друг.

Често често пати се случуваше
само да се погледневме во очи

во знак дека нема што да се рече
и дека се' е однапред опростено.

БЕЗ МОЖНОСТ

Сонував дека времето
и годините поминале
а јас одново сум роден

со голема надеж
дека новиот живот
што започнува во мене
најпаметно ќе го трошам

во истиот миг сфаќам
дека се ́поминало
и никого веќе немам

ниту можност
некој да ме препознае

ПОТРЕС

Се чувствува
силата на ветрот,
вкусот на водата

и воздухот
лошо мириса

од потресот
што ја тресе
утробата на светот

Останuваме само
господари на нешта
што не се поправаат,

со непребол
заминуваме на крајот

без можност
да се вратиме пак
некогаш

СВЕТЛИНА

да бидеме еден на друг

во темни места
кога сите други лампи
ќе згаснат

заедно да направиме
барем малку

за да го просветлиме времето
со животот што ни е даден

Ѓорги КАЛАЈЏИЕВ

НЕМИНЛИВА ЉУБОВ

Ако имаш намера
некогаш да наминеш
во мојот живот,
стори го тоа „вчера“,
оти „вчера“ е денот
кој само еднаш поминал
и никогаш повеќе.
Едноставно, дојди,
природна и недотерана,
без име и презиме,
без догми и предрасуди,
без минато и иднина
да ми бидеш сегашност.
Замижи пред светот неосвестен,
замолчи пред сонот недоверен
и оглуши се на плачот
на денот сè уште неповиен.
Ако имаш намера
некогаш да наминеш
во мојот живот,
не прави го тоа денес,
оти ја мразам минливоста,
оти тоа „денес“
веќе утре
ќе биде „вчера“.

КУ - КУ

Времето застана на една минута
пред твоето последно излегување
од вратичето на стариот часовник.
На чиј ли sид сега означуваш полноќ
со твојата ономатопеја
на птица преселница
која во туѓи гнезда ги несе своите јајца ?
Дури наречниците ми даваат да дишам,
едно по едно, трпеливо ќе ги бришам
ситие есени,зими, пролети и лета,
заглавени во нашето љубовно
куково лето.

СРЧА

Цртајќи си ореол врз роговите
што ни растат катадневно,
си најдовме прибежиште
под нашите стаклени sвона.
Со лажен траор тагувавме,
со скришна радост ликувавме,
дури вистината и љубовта
заедно ги погребувавме.

И што сега?
Останавме
ние и нашите клети суети,
нашите надворешни козметичари
и внатрешни канибали.
Останавме
со sвезди под нозете
и со снег во душите,
оти нема кој да ја протресе
стаклената ни топка
во која се задомивме
-сувенир на нашата глупост
во кој се претопуваме
и така лека - полека
срча стануваме.

Јане АРАНИКОВ

МИРИС

Никој не може да каже ,,љубен мој,, како тебе.
Додека погледите
ни се среќаваат во одразот на огледалото,
додека го закопчувам последното копче
на беспрекорно испеглаката кошула,
додека неспретно ја натокмувам вратоврската,
Ти полека ми приоѓаш, ме душкаш
и нежно со врвот на прстите ме допираш.
Го загубив сопствениот мирис.
Веќе цел живот, мирисам на Тебе.

НЕЖНОСТ

Твојата нежност
од поило за sверови ја сркам
и од твоите изблици
ткаам летечка черга
со која летам во седмото небо.
Од перници со бели пердуви
калдрмисувам врвулици по кои газиш
за да не се сопкаш
од непристојните посакувачки погледи,
кои ги кинат црвените панделки
што јас по телото ти ги изврзав.

СРЦЕ

Вечерта,
кога за прв пат те видов,
спознав дека имам срце.
Го држев во рака,
зошто заулавено
од восхит и возбуда,
излета надвор
од ребрениот кафез.

Васил ДРВОШАНОВ

КРСТОПАТ

Секој од нас сака некого.
Јас те сакам тебе,
а тебе те дале на друг.
Но, јас нема да престанам да те сакам.

Секој од нас е на некој крстопат.
Јас сакам да те слушам како мислиш
и да ја видам твојата глава на мојата перница
пред да влеземе во рајот.

ЦВИЧ

Штом ќе помислам на тебе,
се топам од милина.
Кога те гушкам
и те опсипувам со бакнежи по вратот,
тогаш сум на деветтото небо.

Но, што дека те љубам
кога срцето ти е затворено.
Јас горам од љубов,
а тебе душата ти е цвич.

Зини, земјо, голтни ме!

ЈАВАЧКА

Ти го јаваше мојот коњ
на голо
и уживаше во неговиот галоп.

Јас те следев кришум
и уживав со тебе,
ама се чудев:
како го скроти дивиот коњ?!

ДОЛГ ПАТ

Моето тело е оптегнат лак.
Ти го чувствуваш тоа, но кротиш.
Ме оставаш на два пата.
Не знам кој пат да го фатам.

Се плашам,
ако појдам по краткиот и лесен пат
да не те загубам за навек.
Другиот пат е долг и тежок.

Сепак, побргу ќе втасам до тебе,
ако одам по долгиот пат.

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА

КЛУЧИЊА

На сестра ми

Знаеш дека не сакам многу да се жалам
И кога било најтешко
сум наоѓала капка сила да ги стиснам забите
и да станам од напуканата земја
да го направам следниот чекор
Но сега сè почесто ме вјавнуваат денови
кога дури ни инаетот не помага
а камоли Поезијата

Не можам да ги откачам од своето постоење
ѓаволчињата вчипчени за кожата
Штом ќе ги погледнам сите работи се стопуваат
со своите контури и се разлеваат во безначајност
тонејќи бесшумно во лепливото тесто
на ништожноста
Ги sурам скаменета камен сторена
со нозе-жили срасната среде бетонот
во овој град на циркусот што го затвора видикот

Не можам ни прст да мрднам
ни рака да подадам
за да ја растурам злата магија

Кога како деца изнаседнати врз рогозината
во дворот под сливата
ги слушавме чудесните приказни
на нашите пет тетки
за волшебните а затворени очи на Баба Ванѓа
потајум посакувавме да ја видиме еден ден
и без збор да ѝ кажеме да ни ја отклучи Срекѓата

Оти и за неа клуче имало
и тешко оному што ќе си го изгуби
во бездната на грабежливите раце

Каде ли ги изгубивме
своите клучиња?

ДОМАЌИНСКА

Го стивнувам со мисла немирот
тој неканет гостин од минатото
и ги затворам црно-белите албуми на детството

Работата
е најдобриот лек за сите болки и болести
и затоа со засукани ракави
влегувам во кујната
и се замуабетувам со брашното

Квасецот солта и водата
почнуваат да ми раскажуваат
топли приказни од огништа домашни
а низ sидовите од дамнини навева

мирисот на румената корка
крцкаво испечена под будното око на мајка ми

Месам
Со тестото мазно си зборувам
и со спомените...

Седнал деде на триножникот
го потспотнува огнот
па со жарчето залепено на црничкова деланка
си ја запалува цигарата

Рикнува телето во шталата
Од под тремот лавнува Кањуш

По третпат се јавуваат петлите
кошкајќи ги мрзливите пилиња

Додека над дворот почнуваат да танцуваат
првите снежинки на декември
во фурната весело црцорат златните компири
и штотуку измолзеното млеко
веќе се пени врз ринглата

Ајде деца, осамна!

ДОВОЛНО

Некогаш сум толку премалена
што помала и од мрава се чувствувам
Ми иде да ги затворам очите
и на сред пат да легнам, со правта да се покријам
Нека ме подземат седумте џуџиња си шепотам

Нека ме однесат горе на планина
на врв Беласица
Уште еднаш ветрот да го сетам
како крадешкум ми се вовира во пазувите
и градите ми ги полни со југовина

И потоа навистина би можела да се смирам

Нема да барам четирилисна детелина
Нема да чекам белези на небото
и благодатни априлски дождови
Доволно ќе биде некој мој прадедо
да помине со своите стада разблеани
и да го подземе мојот последен поздрав
до малите нешта што ми значеа многу

И освен во твојот малечок свет полн со добрина
знам дека ништо во светот ширен нема да се смени

Птиците ќе црцорат на гранките зелено
пеејќи ја песната за летото избегано
а кладенчето покрај нивите на дедо Томе
ќе ги раскажува приказните на баба Танка
научени од прадедо ни Ѓорѓи, татко ѝ

Доволно ќе биде тоа, Господи
си шепотам
за да распупи како трендафил
убавината на спокојот
во мојот сон

Сузана МИЦЕВА

.....

Бог мора да има сензор да ја сети,
намириса човековата лошотија,
злобата носена со ветриштата.
Да ги познае грмушките во кои е снесено
јајце од среќа, гнездото на пиле болно од грип,
оти Бог е надлежен и за нив, нели?
Изразено сетило, такво сигурно има Тој,
како инаку би ги бележел нашите дела
во седуммилијардитиот џагор,
плус некои недоброени народи,
неоткриени раси и подводни светови,
и сите што под други имиња
живеат во некои тајни места,
планети и сончеви системи?

Сензитивноста ја штелува
по табиетот на луѓето.

Не ни помагаат клетвите, ни молитвите,
не одговара на повици, ГПС сигнал,
ментално поврзување и медитација,
ни дување во рог и поздрав на Сонцето.
Се обидов и од утробата викав, а Тој
молчи и не се јавува додека пустошиме
и го менуваме лицето на Земјата.
Дали нè тестира, нè подготвува
за некаква инкарнација или нè заборавил
додека лови мир во божествена шума?

Голем шегаџија, мајтапчија, широка душа.
Само светците на иконите се тмурни и строги,
без насмевка и трошка шарм,
да ги плашат децата запишани на попска школа.
Или првиот сликар пијан ги цртал тој ден,
или жена му била во ПМС.
Трето нема, ќе умреме во незнаење.

Сигурно има расипан аларм,
погрешно кодиран компјутер,
застарен систем за контрола.
Или едноставно, остарел,
не гледа, не слуша, не мириса
дека сме затруено ткиво-
безнадежно воинствено племе.
Сите сме уништени и чекаме
реки од крв, масовна смрт
и една универзална бомба
да го потопи овој свет.

Ангели мили,
викнете го од таа јака журка
каде што се причестува
со виски и канабис
да не се крие, од сигурно следи
како е кога Харпот е стиснат до даска.

ЈАЗИКОТ НА МАЧКИТЕ

Дајте им на мачките слово,
нека зборуваат додека се парат!
Да го кажат со зборови тој очаен врескок
што секогаш е најсилен
во најтемната и најпуста ноќ.
И зошто земјата не татни кога
скокаат од покрив -
и како знаат кога им завршува,
а кога почнува секој
од деветте животи?

Дајте им на мачките јазик,
нека говорат додека предат!
За стравот во глувчовите очи
и за црцорот на врабецот додека ги ловат?
Многу треба да ни објаснат,
да послушаме и да се разбереме,
да погледнеме еднаш низ мачкини очи
чунки за светов знаат повеќе од нас.

Вања ИЗОВА ВЕЛЕВА

ИЗМИСЛЕНА ГРАДИНА

Решив да измислам своја градина
малку поразлична, малку необична.
Кренав раце кон сонцето
да го поканам
да биде сведок ,на мојата измислица.
Во мојата чудесна градина
дрвјата место крошни ќе имаат чадори,
ќе ѝ пркосат на жештината
чуваат од дождот, кријат од погледот.
Ќе измислам и цвеќе во стаклен обрач
внимателно посадено во проширен молк
за да му ја зачувам убавината.
Во мојата градина сè ќе биде безбедно
Место тревки ќе расфрлам памук
белина растрчана низ денот.
Птиците ќе слетуваат нечујно,
за да се напијат од измислената река
што ќе ја пуштам угоре
Ќе игра водата со моето сонце и ќе родат виножито
Таква е мојата градина ...
преполна измислици
ама моја

СЕТИ СЕ

Кога ќе посакаш да не гледаш
сети се како мала што правеше...
Скриј го лицето и молчи
Ќе помине стравот, оти ако не го гледаш
не може и тој да те види

Ако сакаш молк
сети се како мала што правеше...
Стави ги дланките на уши
и слушај го сопственото отчукување,
така ќе поминат викотниците

Ако посакаш да се скриеш
сети се како мала што правеше...
Отрчај под масата и чекај...
ќе заминат сите непоканети

Што и да те плаши сети се
дека веќе порасна
и ниту можеш да се скриеш
ниту можеш да не гледаш
Секоја пукнатинка остава трага

Ице БЕЛИЧЕВ

ПРОКОЦКАНО ВРЕМЕ

Чиниш кула од карти се распаѓа
ситна прашина создава,
молчешкум ја нагризува утробата
од темел ја тресе снагата.
Ги топи душите
небаре сонцето снегот,
секнува изворот
за жедни да останат грлата.
Обескрилувајќи ја птицата
ја зароби песната,
го урниса сламеното седало
ја докрајчи мелодијата.
Збесната виулица
го откина последниот лист
од старата исушена гранка
го посла на земја за да го згази.
Претрчувајќи ни пред нос
ни го замагли видот
за да не се познаваме,
посегна по зборот
за да го урниса муабетот.
Свртувајќи го рулетовото тркало,
ко арач ни го собра сиот влог.

НЕРАЗВРЗАН ЈАЗОЛ

Калемев кованици
да те облечам во бела коприна,
да навезам божур
со срмени паспули
и црвен конец,
да те куртулам од уроци.

Со голи раце ковев окови
по урнек на светица,
ореол да исковам,
во сонце да го обојам.

По дибот морски
длабев со ноктите
школки да изнајдам,
бисери да им украдам,
огрлица да нанижам.

Се ничкосав пред поетот
да позајмам зборови,
во стих да те повијам,
со љубов да те покрстам.

Во бовча сите ги спастрив,
со јазол троен ги врзав,
молците да не ги нагризат,
болвите да не се угостат,
негибнати требало да изгнијат.

Тања КАРМЗОВА КОСТИГЛИОЛА

ИЗДИГНУВАЊЕ

Молкум седиме под трошната стреа
и меѓу прстите го делиме
песокот од киселиот дожд,
накотен во длабинатините
на овој кутар атер,
и ничиј, и сечиј.
Со таа почва ќе изградиме нов дом,
иако рацете ни се бележани од корозија,
и во тоа ново огниште
ќе продолжи да ни мирува јазичето,
дур не се спознаеме себеси,
па одважно да му се претставиме
на светот.
Тишината ја дувна арматурата,
но не ги досегна темелите.
Оти таму,
таму гласно говори жедта
за вдомување,
а подземните води ја носат
до корењата на дрвјата и тревките,
за на пролет нивните стебла
да ни прават шарена сенка.
Навидум факири,

со фаќели и газја
светлост ќе му дадеме на патот
кон себеприфаќање и мирољубие.

ОНАМУ ГОРЕ

(на мојот̄ бат̄о)
Понекогаш “онаму горе”
е некаде длабоко
закопано в душа.
Со копач од жал ги
тргнуваме годините,
далечините,
судбините
и немирите з
а да б’снат спомени
во кои човекот што
заминал с
è уште живее,
та ни л’снува насмевка
на лице
дур надеж нѐ држи дека
онаму горе,
меѓу sвезди и комети,
меѓу сонце и облаци
споменот ќе го развесели
и оној кој простум го
напуштил овој свет,
од кој сите сакаме да
веруваме дека има
поарен.
И повторно,
онаму горе е мир и
тишина,
оти харфите на
херувимите свират
во главата на секој ангел
- чирак,
оти звуците на тагата и
болката се паметат
само овде,
онаму горе хармонијата
на прочистените енергии
станува дефинитивен
оклоп,
или тело
на оние луѓе по кои во
овој живот
никогаш нема да
престанеме
да плачеме.

Мариета ДУКИЌ

ПОЛЧАС

И тогаш минуваше автобусот
со луѓе,
измешани мириси и гласови.
На секој половина час
се мешаат полови и години.
На станицата
неколку чавки бодат минливи лица.
Половинките на часовникот и луѓето
чекаат некое друго време.
Поинакво.
Заврна.
Замириса на недостиг.

ИСЧЕЗНУВАЊЕ

Меѓу стапалото и земјата гние пожолтениот лист.
Еден ден ќе потонам и јас
како заборавена тревка во жолто поле.
На ист начин, сосема исто
ќе се збогуваме со небата и ветровите.
Листот и јас.
Еден ден ќе се молиме
да дојде нова пролет.
Еден ден небата
ќе шумолат раззеленети.

Катерина ПАНОВ КОЖАРОВ

ПОТСЕТУВАЊЕ

Немаше да биде лошо
да си ги замиеме срцата,
со сапун и вода да ги исчистиме
од гнасотијата што ни се исполепила
низ годините.
Оти нели се родивме чисти,
а ќе умреме со цел слој наслаги врз нив!
Толку многу маснотија ги обвива,
што веќе не си ги ни препознаваме...
Ги губиме некаде по маргините на животот
толку спокојно,
та секој еден со забавена нихил –трансформација
носи дијагноза за пречки во развојот.

Што аир од чистиот образ,
кога забораваме срцето
да го измиеме одвреме – навреме?

КРПЕНО СРЦЕ

И да се потопиш во тага
бурето ќе претече,
тагата ќе се излее,
ќе ги потопи твоите бескрајно сакани божури,
ќе ги измокри, и накисне, и растажи.
А знам дека не сакаш кога се тажни,
многу не сакаш да се тажни.
Трај си тогаш,
трај и чувај:
лицето да не покаже,
устата да не проговори,
очите да не те оддадат,
порите да не кажат
за тагата која ја носиш,
срцето што ти го соши
завек и довека
крпено да чука.

Весна МУНДИШЕСКА-ВЕЛЈАНОВСКА

ВРЕМЕПЛОВ




ко пловка по простори нови.
Во ровките основи на плодната бесконечност
Времето и просторот, како едност
од бездимензионалната Вечност
во која светлината кон сите исто ита,
ги будат сетилата и ги отвораат своите Врати
за секој набљудувач што дораснува,
но секогаш нечија маса ја деформира идилата,
па просторот ја губи својата Висина и
се стеснува во фотељата на свилената Вистина.
Во Хоризонтот на случување
сегашноста не може да избега од себе,
иднината гребе по своја Вселена,
а минатото незабележливо истекува
во недимензиониран ров...



СТРУЈНО КОЛО

Универзумот е даровит извор во
чиишто води клокотат плусови и минуси
што чекаат да станат енергија.

Жиците на срцето во синергија
спроведуваат импулси во разни варијации
чиишто иницијации креираат
активна мрежа разискрени полнежи живост.



Искрите во својата игривост
можат да ја разложат до прегор
секоја вмрежена склопка,
импулсите, пак, можат да ја задвижат
и да ја приложат како обзор
на нов потрошувач во продор
(налик светилка
што може да биде
понор или водилка).

Во струјното коло на животот во диспозиција
секој од нас е минувач во позиција
на отворен или затворен прекинувач.

На површината на овој извор
следственото
е прашање на избор.

Васил ТОЦИНОВСКИ

ШАХ

Необична некоја шах табла
со превртени простор и време
без принцези и кралеви,
без коњи и топови.
Минувачите се случајни
искривоколчени лажговци и лицемери
интриганти и гробари.

Необична некоја шах табла
нема правила на однесување
во безумна игра на Дох Кихот
сам против недоброј ветерници
стои така заумен и задуман
кој пат невиделина да фати
да побегне џенем од самиот себе.

Необична некоја шах табла
за жестока пресметка со себе
магла натежнала по полето,
студени ветришта рикаат
и ги поместуваат планините
реките надојдени и матни води
носат неповратно сè со себе
сневиден шах мат.

Никола Д.
САРАЈЛИЈА - МАКЕДОНСКИ

ХАИКУ

***

Сонце на видик,
месечина во море,
ѕвезди низ поле.

***

Сонце и лазур
бело и црно море
црвено поле.

***

Дворец на ридот
размеќе на светови
ѕвезден, граде мој.

***

Сонцето зад рид
пријатели во дворот
време е за чај.

***

Прегрст ливчиња
нежно лебдат кон дното
ѕвезди на сводот.

***

Стојам на ридот
градот под мене шуми
и понекој звук.

***

Надвор бучава,
внатре некаде ѕуни
ѕид од празнина.

***

Зад мене врева,
пред мене тишината
меѓу нив вечност

***

Додека тонам
длабоко во спокојот
птици ме будат.

***

Чекор врз чекор
потокот се тркала
патник во шума.

***

Снежна убавица
извишува над ридот
пролетно сонце.

***

Бела невеста
во дворот на дедо ми,
пак дојде пролет.

***

Птици на прозорец
катаутро ми пеат
запролетува.

***

Црвен хибискус
гледа кон сино небо
низ прозорецот.

***

Цвет во погледот,
пеперутка на патот
ох, орхидеја.

***

Љубов и вино
јужното сонце дрочи
цветна насмевка.

***

Сончево око
жедно голта водоскок
летна насмевка.

***


Породјно дожди
измиени предели
најпосле sунка.

***

Есенско сонце
огреало над ридот,
таа се буди.

***

Ах, лубеница
жолта на ридот лежи,
есенска вечер.



П(Р)ОГЛЕДИ

Далибор ПЛЕЧИЌ

Дистопија во постјугословенските книжевности

Надежта во подобро утре води кон самоубиство.

Жак Лакан

1. Увод – Југославија како регресивна утопија

Цветан Тодоров во една прилика изнесе став дека најдобрите текстови од научната фантастика се организираат така што, читателот од почетната зачуденост од натприодните појави, на крајот сепак разбира колку тие се блиски до вообичаениот живот. Во последно време сè почесто може да се чуе во медиумите, емисиите, телевизиските разговори, предавањата на професорите, формулацијата дека живееме на „крајот на времето“. Било тоа да е изречено во симболично-реторичка смисла, или е само дел од дискурсот на маркетиншките придобивки, есхатолошки-апокалиптичниот поглед на иднината на човечкиот ред е повеќе од евидентен. Колку според формулата на Тодоров, можеме да кажеме дека живееме почеток на една дистопична иднина? Дали минатото по природа на нештата е посигурно подрачје, како и по што е специфична претставата на иднината и минатото на авторите коишто пишуваат на нашите простори?

Веќе не е никакво посебно откритие да се каже дека системот на вредности на либералниот капитализам сè повеќе и повеќе се соочува и тоа, сè поексплицитно, со проблемите на своите антагонизми во структурата на сопственото функционирање. Со тоа, сведоци сме на разни толкувања на светските проблеми и секакви антиципации на идните промени, што по своја прилика, се сливаат во еден канал кој има катаклизмична димензија. Просторот на Балканот, поточно просторот на некогашна Југославија не остана имун на тие тенденции во современото толкување на светот. Она што е важно за овој текст е дека ниту писателите од овие простори не останаа заштитени од современите тенденции во светската книжевност на имагинарното, која (како што покажува продукцијата) е во директна врска ток-

му со есхатологијата на современата мисла. Книжевноста на натприродното, фантастиката, па со тоа и утопијата и антиутопијата, оставија значаен печат во книжевната историја на југословенските народи. Земајќи во обзир дека овде фокусот е на научната фантастика, поточно на дистопијата, ќе истакнеме дека научната фантастика на овие простори е стара колку и онаа во светот. Продукцијата на таква литература не престана ни кога се распадна претходната држава. Напротив, се појави битен корпус на текстови што се занимаваат со дистопичниот поглед на иднината на светот. На самиот почеток треба да се напомене дека постои голема дилема меѓу теоретичарите за разликите и специфичностите на научно-фантастичната литература и дистопијата. Некои сметаат дека дистопијата е подвид на научната фантастика (на пример, Дарко Сувин), додека други подвлекуваат дека сепак, се работи за различни жанрови. Факт е дека секоја антиутопија не е по природа на нештата научно втемелена, па не мора да влезе на списокот на научно-фантастичната литература. Меѓутоа, првенствено поради социо-политичката димензија на утопијата/дистопијата, во овој текст ќе се задржиме на нивните заеднички особини и ќе ја следиме антиутопијата како дел од жанрот на научната фантастика.

Дистопијата во постјугословенските книжевности дели бројни особини со сличните дела во светот. Сепак, се чини дека и покрај глобализацијата на темите и мотивите, покрај брзата размена на информациите и заедничките пориви, авторите од овие простори се дел од еден дискурс што поседува свои спефични особини. Посебните карактеристики на книжевната постапка на овдешните книжевни творци се поврзани и со искуствата надвор од делата и од сижеата на романите и приказните. Во овој текст ќе се обидеме да покажеме дека *differentia specifica* на делата во постјугословенската дистопија е специфичниот однос помеѓу утопијата на минатото, наречена Југославија и дистопијата на напишаната фикција во романите, во облик на изневерена иднина. Имено, не е редок случајот поранешна Југославија да се восприема како „утописка“ творба, што и во нејзиното самопостоење негувала извесни утописки идеали и принципи. Од друга страна, нејзиниот трагичен крај донесол една дистописка реалност и се припил кон глобалната дистописка перцепција на иднината. Односот помеѓу „утописките“ минато на Југославија и дистописката фикција во романите на авторите од овие простори, претставува однос помеѓу своевидна „регресивна“ утопија и „фиктивна“ дистопија.

Постои опасност, се разбира, ваквото видување на својот пат да се лизне во некаков позитивистички ќорсокак и агол на гледање и биографско условување на книжевноста. Тоа во никој случај не е цел на овој текст, напротив. Интенцијата е да се укаже на специфичноста на ваквата книжевност токму во тој метафизички однос меѓу „херојот“ на минатото и „антихеројот“ на иднината, во односот помеѓу „нереалноста“ на реалното и можната реалност на (досега) „нереалното“ и на крајот на краиштата, во односот помеѓу утопијата што ја живеевме и дистопијата што многу лесно во блиска иднина можеме да ја живееме.

Важно е дека на просторот на некогашна Југославија текстовите со мотивски елементи карактеристични за жанрот на научната фантастика, се појавуваат прилично рано. Првото остварување на овие простори што ги поседува сите елементи на научно-фантастичниот дискурс, секако е новелата Патот до ѕвездата Деница, за којашто постои податок дека датира од 1872 година. Можеби најзначајните остварувања од овој вид на овие простори претставуваат драмата *Posle milijon godina* ("По милион години") на Драгутин Илиќ (1889) и романот *Jedna ugašena zvezda* ("Една згасната ѕвезда") на Лазар Комарчиќ (1902). Бојан Јовиќ во својата книга *Rađanje žanra: počeci srpske naučno-fantastične književnosti*, наведува дека драмата *Posle milijon godina*, освен што е едно од ретките остварувања од овој вид и во овој облик, претставува првата СФ драма. (Јовиќ, 28).

2. Дистопија во постјугословенските книжевности

(Планета Фридман, на Јосип Млакиќ, Ирбис на Александар Жиљак и Историја на љубовта меѓу микробите на Ратко Р. Радуновиќ)

Дистопијата или антиутопијата ја зголеми својата популарност меѓу писателите на овие простори, особено во последната деценија, што секако кореспондира со светската ситуација во која, најпознатите левичари, на извесен начин станаа „Фукујамисти" (поддржувајќи ја тезата дека го живееме последниот стадиум на општествените промени) каде што невозможноста за поставување вистински прашања е директно поврзана со неизвесноста на иднината. Меѓутоа, постјугословенската утопија исто така е одраз, отсјај на книжевноста, а она што е во овој случај можеби и поважно, општествено-политичкото и културното наследство на заедничката држава и заедничкиот сон за иднината што направи една, условно кажано, жива и материјална дистопија – земја во која многу од нас се родија и живееја. Неколку навистина одлични романи се напишаа во последните години на овие простори: Доаѓање на Николаидис, На незнајниот јунак на Угричиќ, Разбивање на Живановиќ, Аушвиц кафе на Радуловиќ. Во тој контекст, индикативна е тенденцијата на авторите да ја поимаат иднината во дистопичен дискурс, тенденција којашто, иако на прв поглед изгледа анахрона и веќе видена, сепак таа е во тесна врска со размислувањата на еден цел корпус на општествено ангажирани мислители од нашите простори.

Научно-фантастичните дела што се напишани по распадот на СФРЈ на овие простори се создадени под влијание на странските книжевни постапки, што е одраз на целокупното интертекстуално искуство коешто има глобални карактеристики. Историски и географски гледано, писателите и писателките од овие простори постојано биле во допир со нивните колеги од Источна и Западна Европа, Америка па и со останатите делови на светот. Несомнено е влијанието на Станислав Лем, браќата Стругацки, Урсула Легвин, Филип Дик, Фредерик Пол, Клигфорд Симак, Исак Асимов, Реј Бредбери и останатите по-

знати писатели коишто ги имаат напишано најмаркантните и најлитерарните дела во овој жанр од книжевноста. Тој континуитет продолжува и по промените на границите на Балканот, згора на тоа со промената на медиумската комуникација и со забрзувањето на размената на информациите на светско рамниште, кореспонденцијата и влијанието меѓу авторите доби уште поцврста и темелна прогресија. Во такви околности, сосема е очекувано што научната фантастика на овие простори, а со тоа и дистипијата, константно се паралелни со глобалните промени, турбуленциите и развоите, ерго и самата постјугословенска дистопија се одликува со истите особини, како и онаа преку океанот или во остатокот на Европа. Меѓутоа, токму заедничката општествена позадина, искуството, стресот, војните, промените на границите, насилството, колективната свесна и несвесна носталгија, копнежот по сигурност и останатите карактеристики на општествениот живот што ги делат републиките од поранешната земја, произведоа и заедничка визура на работите и заедничка примена на новите текови во културата и пишаниот збор. Дистопијата во тукашните книжевности ги дели карактеристиките на останатите во светот, но поседува и свои специфични особини што ѝ овозможуваат извесна автентичност.

Да напоменеме дека во овој текст, во прв план се сличностите, а не потенцијалните разлики помеѓу дистопијата и научната фанстастика. Според Дарко Сувин, последното прашање за смислата на дистопијата би можело да гласи: „Како ќе успее хомосапиенсот да се хармонизира со сопствениот сегмент од универзумот?“, на што додава „Исто важи и за научната фантастика“.[1] Во тој контекст, Сузин заклучува дека утопијата е поджанр на научната фантастика и дека социјалната научна фантастика е ограничена на полето на општествено-политичките конструкции што се крупијални за човечката судбина. Можеби е уште повпечатлива неговата констатација дека целата научна фантастика е внука на утопијата, којашто се срами од своето семејно наследство, но не може да избега од својата генетска судбина. (Suvin, 72.). Во согласност со ова, одредени теоретичари упатуваат на утописката суштина на научно-фантастичниот свет, како на пример Марк Анжено. Според тоа, научната фантастика претставува своевидно продолжение на утописките мислење, како што и утопијата претставува еден од природните сегменти на научната фантастика. Секако, не секое антиутописко дело е научна фантастика по автоматизам, меѓутоа ние овде ќе се држиме до заедничките работи и допирните точки помеѓу овие „роднински“ жанрови. Што е специфичноста на дистопијата на овие простори?

Постапката на зголемување до точка на апсурдност на некои појави и проблеми што се пристутни во општествените структури во кои живеат авторите, се всушност почетните точки во правењето на дистопијата во современата книжевност. Појдовната точка кај постјугословенските автори се веќе распространетите, сеприсутни и ширум отворените теми на проблемите со кои изобилува либералниот капитализам.

1 Suvin, Darko. Metamorphoses of Science Fiction: On the Poetics and History of a Literary Genre. *London*. 1979

Меѓутоа, да тргнеме од некои од основните особини на утопијата што дистопијата ги користи во својата специфично свртена, искривена интерпретација на работите и како тие особини се третираат во постјугослвенската интерпретација на авторите, користејќи референци од романите Планета Фридман, на Јосип Млакиќ, Ирбис на Александар Жиљак и Историја на љубовта меѓу микробите на Ратко Р. Радуновиќ.

А) <u>Социјална рамнотежа</u> Една од основните карактеристики на дистопијата е нерамномерната распределба на богатствата и социјалната нееднаквост. Нашата поранешна држава ја карактеризираше еден речиси утописки сон за еднаквост и рамнотежа, за социјален мир. Со распадот на државата, покрај системот и поредокот, се распадна и сонот. Одненадеж одделените републики се разбудија, но потонаа во уште подлабок сон, којшто прерасна во кошмар и неверба. Покрај светските тенденции, оние на расправите за потрошеноста на либералниот западен модел, дискусиите за корпоратизмот, појавата на новите латентни и субтекстуални идеологиии, се чини и дека и една друга тенденција, специфична за овие простори го услови односот кон утопијата и антиутопијата. Ако употребиме една груба паралела и крајно симплифицирано ја споредиме имотната состојба на некој директор на извесно претпријатие во СФРЈ и онаа на современиот менаџер, раководител, сопственик на компанија во новиот (не)систем на претприемништво, можеме да констатираме дека некогашната разлика помоѓу популарниот Голф и Југо, куќа и викендица наспрема мал стан, денес е заменета со многу големи разлики и дискрепанции (енормно скапи џипови, наспроти неможноста да се купи некој трошен автомобил). Таквиот сплет на околности доведе до тоа, односот кон современата состојба во капитализмот, да се насочи во две насоки: критика на иднината од една страна и „меланхолична“ критика на минатото, од друга. Во краткиот роман Историја на љубовта меѓу микробите, Ратко Р. Радуловиќ приказната ја сместува во далечна иднина во најнаселениот град Алтавил, со којшто векови наназад суверено владее христијанската црква. Пренаселеноста на клоновите чијашто цел е да го продолжат животот на одамна одумрените единки; постојана закана од болест од која луѓето своеволно умираат од смеа откако претходно ќе ги совлада крволочно лудило; текстови што се вбризгуваат во очите и служат како еден вид халуциногено патување – само се некои од вообичаените појави во тој свет на утрешницата. Според зборовите на авторот, овој роман може да се опише како маскарада на крајната огорченост – но не против Бога, колку против институциите на власта – во форма на дистопија, којашто на многу начини може да се третира и како утопија. Во неа “безгрижниот теолошки систем” треба да стои насместо политичкиот, иако е повеќе од јасно дека примарната власт, како и секогаш, лежи во рацете на пред сè екномски-настроената администрација. Јосип Млакиќ во Планета Фридман државите и владите ги менува

со корпорации, а планетата се вика Фридман, а не Земја. Додека Млакиќ светот го дели на зони (по статус А, Б и Ц) Жиљак во Ирбис главешините, корпоратистите, богаташите ги сместува во облакодери како алузија на недопирливоста на висините, но истовремено како и на емпириската „допирливост“ на кулите во Менхетен. Светот во кој живеат протагонистите на романот, не се разликува многу во својата суштина од денешниот свет, попрво би рекле дека неговата надворешна манифестација е драстично различна. Богатството на светот е контролирано од еден процент на популацијата, со самото тоа моќта е во нивните раце, населени се во високите кули (модерни дворци) и управуваат со светските случувања. Прераспределбата на богатствата, имотите и финансиските сили се повеќе од јасни, мала популација на луѓе, не повеќе од еден процент, го контролира остатокот. Не можеме да кажеме дека е преинвентивна таквата какотопична визура на иднината, особено ако се земе во обзир толку познатата парола на повампирените шеесетосмаши во Occupy Wall Street движењето: „The World against 1 %“.

Б) <u>Хиперболизација доведена до апсурност</u> Нема да има преголема разлика во хиперболизацијата ако го разгледуваме ликот на Ирбис, одбегнатиот војник во тело на силен леопард, неемотивниот Герхард Шмит или Емил Пулкарбек. Преувеличувањето на особините како резултат на развојот на технолошките околности, дехуманизацијата и технократизацијата на иднината претставуваат битна особина на дистопијата. Утопијата (како дело на имагинацијата) не е насочена против принципот на реалноста, туку само против нејзиниот социјален слој. Речиси во секое утописко дело, најголем дел од промените што авторот ги внесува, се реално остварливи.

В) <u>Инсуларизам</u> Изолираноста, животот на остров (во симболична смисла на зборот) претставува нишка што ги раздвојува припадниците на поделените класи, раси, касти во страшната иднина на дистопијата. Посебните зони, кули, одвоеноста и разграничувањето се продолжение на продлабочувањето на јазот помеѓу богатите и моќните наспрема „обичниот“ свет за што можеме да сведочиме и денес. Меѓутоа, рушењето на кулите, на зоните на поделеност, во романите на Жиљак и Млакиќ јасно укажуваат на неминовноста на пропаста на елитизмот и езотеричноста. Секој вид раслојување до точка на радикално оспорување и карикирање на општествениот и социјален поредок на своето време (времето во коешто живеат писателите и писателките на романите) нè доведува до исход на потполна апсурдност во облик на негативна идеализација. Со мистификацијата на појавните работи, со речиси афектно повторување на една идеја (во облик на зборови, сентенци и сл.) до компарациите од широк параболичен распон, авторите пред нас во своите романи простираат извесна „девалоризација“ на системот и општеството.

Г) <u>Униформираност</u> Социјалната униформираност уште од времето на

Храбриот нов свет на Алдоус Хаксли претставува почетна точка во социјалните раслојувања, како во утопијата, така и во дистопијата. Во романите на домашните автори хармоничната личност е заменета со нивелирана личност. Индивидуалните разлики меѓу унифицираните припадници на групите се исчезнати, а утопистот е заљубен во симетрија, геометрија. Утопистот бара начин да се огради од разноличноста на природата, која е пред сè хаотична и заканувачка, па своето сигурно засолниште го наоѓа во апстрактните шеми на идеалното општествено уредување. Во утопијата владее апстрактна доверба во разумот. Во делата на Млакиќ, Жиљак и Радуновиќ, па и во делата на останатите автори од овие простори, коишто ја имаат начнато оваа тема или макар сегмент од неа, видливо е „какотопизирањето“ на униформираноста на разумот и атакот кон шематизацијата на хабитусот и хронотопот.

Д) **<u>Индивидуалност</u>** Токму побуната против потиснатата ирационалност, против апсолутното владеење на разумот е посебната вредност на дистопијата. Светот на утопијата е свет на разумот и во него нема место за суштества коишто се во спротивност со рационалната материја на универзумот. Во таа смисла се и полурационализираните религии присутни во делата, како што се деизам, пантеизам, култот кон човештвото и др. Утопиите се разликуваат од реалноста, па според тоа, тие се надвор од реалистичната книжевност. Меѓутоа, таа разлика не е истовидна како во фантастиката каде што е присутен концептот на апсолутното невозможно, попрво овде е присутен судир со реалнста во апсурдната можност тоа неверојатно да биде реализирано. Со сила на приликите, таа реализација во романите на домашната антиутопија е плод на науката, техниката и научниот развој, што секако спаѓа во видеокругот на научната фантастика. Значи, со побуната поединецот бара право на индивидуалност, право на индивидуална слобода или право на рационалност. Среќата и задоволството во романот Храбриот нов свет се постигнуваат со помош на напитокот „Сома“, додека стабилноста и рационалноста, сигурноста во романот на Млакиќ се постигнуваат со помош на таблетата „PsychoR“. Побунетиот поединец (Герхард Шмит, Леопардот Ирбис, Емил Пулкарбек) ја одбива улогата на безимено делче во механизмот, чијашто единствена и основна цел е да функциниора совршено и безгрешно. Во таа смисла, борбата на поединецот против семоќното општество не е само борба за слобода, туку и гореспоменатата борба за ирационалност. (Токму поради тоа, употребата на хемиските стимуланси со кои вештачки се постигнува чувство на задоволство и среќа се единствен начин поединецот да се подведе под правилата на егалитарност и колективизам). Меѓутоа свет „без вина, грев, без негативност, исто така е свет на опсесија, кошмар и комплекси“[2]. Токму поради тоа, дистопијата изнесува на виделина двојност, а спо-

2 Lacassagne, Claude. L’au-dela de l’utopie in Ranam N’VI Starsburg, 1973. Str, 25.

ред тоа и можна амбиваленстност на целокупната егзистенција. Одново се нудат легитимноста и вредноста на мрачното, значајноста на смртта и она реалното. (Lakasanj, str. 28).

3. Југославија – заледен идеал (поважно од заклучок)

Не е изолиран и посебен случај можноста да се апострофираат две насоки во постјугословенската дистопија. Особеноста на тој вид, генерално е своите стравови и неверици да ги протегнува низ:

1. Реалноста што ја знаеме со никулци на извесни тенденции кои (според историското искуство, како и според визионерската моќ на авторите насочени кон антиципација) можат да нараснат до заканувачки размери во иднината;
2. Утописката мисла, којашто сама по себе се зема за виновна во поставувањето парадигми во облик на утописки замисли со помош на кои целото човештво треба да се движи. Можеби најдобар светски пример на дистопија во таа насока е познатиот роман на РА Лаферти Господар на минатото каде што, човештвото живее на планетата Атроб во изобилство, слобода, среќно и без болести. Но, и покрај тоа, бројот на самоубиства се зголемува и управата на градот решава, со помош на временска машина, лично да го доведе Томас Мор и да им помогне во решавање на овој проблем. Меѓутоа, Мор го искажува своето длабоко несогласување со сопствената утопија и се залага за рушење на градот, за да биде подоцна фатен и осуден на смрт (како и во реалниот живот).

Насоченоста кон реалноста каква што денес ја знаеме, со сите можни исходи во иднината, од евтини предвидувања за крајот на светот, до реалните можни еколошки катастрофи, се теми од кои не се изолирани ниту авторите од овие простори. По истиот принцип феноменот на утописката мисла и «опасноста» од реализација на нејзината фантазија е вткаена во текстот, поттекстот и интертекстот на романите и другите прозни остварувања на авторите од овие простори. Меѓутоа, токму тој допир со утопијата како реална закана или поточно со фрагменти на утописките мисли, што на овие простори нашле можност за свое отелотворување (во минатото), гради една посебност на овие дела. Специфичноста на бившата заедничка држава, од самоуправното уредување до номиналните независности, одделно создава и посебна заднина во погледите кон иднината, но истовремено и кон минатото. Можеме да констатираме дека СФРЈ цели сто години била утопија на еден народ, од која и да е националност. Таа утопија на симболички начин се префрли во извесна реалност, барем на половина век (додека траеше СФРЈ) и потоа повторно се врати на статусот на «само» утопија. Несомнено е дека претходното уредување на заедницата на југословенските народи, по својата природа беше (прогресивно-самоуправно-социјалистичко) свртено кон иднината и развојот, со тоа и подложно

на антиципација. Паушално би можеле да констатираме дека југословенската идеја за иднината била барем делумно утописка, заради неконстатирање на фактичката состојба, делумно поради изолираниот поглед на идните општествени решенија. Во текстовите на постјугословенските автори е присутен дистописки поглед на иднината и тоа на далечната иднина. Во романите што ги споменавме, дејствата се одвиваат во многу одминатa иднина од мигот на пишување. Меѓутоа, она што излегува како посебност на овие дела, но и на други текстови на авторите од овие простори, е тој «истакнат» ненамерно «замрзнат» поглед кон минатото. Ако ги издвоиме најчесто користените карактеристики на дистопијата кај овие автори, може да го изнесеме следниов список: шпекулација со општесвеното уредување и неговата судбина во иднината (планетата се вика Фридман кај Млакиќ) хиперболизација (болеста од која луѓето своеволно умираат смеејќи се кај Радуновиќ) изолираност (облакодери, зони) регулативност (однесување во склад со нормите и рационализација на емоциите кај Млакиќ) колективизам, апсолутна доверба во разумот (таблетите кај Млакиќ, техниката кај Жиљак, клонови како продолжување на видот кај Радуновиќ) сместеност во далечната иднина, дириrираност (управување одгоре, јасна диференцијација на власта, управување по вертикала, од кули, горни слоеви, јасна дистинкција на највисоките ешалони на власта). Без ралика дали во делата на овдешните автори се споменуваат, посредно или непосредно, топоними или референци од бивша Југославија (или воопшто не се споменуваат) може да се постави прашањето за основните мотиви, сижеа и користење на опишаните карактеристики.

Шпекулирањето со општествениот систем и можните резултати од неговите промени во иднината, е категорија што не е блиска единствено на писателите и мислителите и може да се смета за дел од секојдневниот дискурс на постјугословенските простори. Транзицијата од еден општествен систем во друг, трае толку долго што се трансформира во уредување само по себе, и предизвикува скептицизам генерално кон општествените уредувања. Хиперболата, од своја страна станува «природно нешто» на југословенскиот патос, кој протегајќи се од «надчовечните партизани» подоцна до «четвртата армија во светот» јасно е дека не остави трага само врз кафеанскиот мистцизам на филозофите-натуршчици, туку и на еден сериозен корпус квалитетни четива од областа на белетристиката. Регулативноста и довербата во колективната еднаквост претставуваат покрај «братството и единството» рамка на идеологијата и секојдневната реторика на лидерите и обичните луѓе од Вардар до Триглав. Управувањето одозгоре, видливата централизација на власта што секогаш во своите идиоми е некаде «горе», јасно укажува на свесното прифаќање на вертикалната диригираност, како на стопанството, така и на законите воопшто - «одозгоре» од Дедиње или некоја друга матафизичка надморска височина.

Ако ги земеме овие карактеристики на едно општество и како тоа општество како заедница влијаело на создавањето на книжевната сцена воопшто, не можеме да ги запоставиме подлогата и заднината за креирање

одредени литературни насоки. Колкаво било влијанието на реалистичната, ништо помало не било и она на фантастичната книжевност и книжевноста на невозможноста. Видовме дека научната фантастика е своевиден книжевен староседелец на овие простори, но се чини како и таа да транзитирала во дослух со разните општествени промени и успешни и неуспешни катарзи на овој специфичен балкански хронотоп. Влијанието на општествената реалност врз книжевноста на овие простори, доведе, свесно или несвесно до она што често се нарекува „регресивна утопија“. Пропаѓањето на општествената историја е можеби сместено во далечната иднина, можеби и не се спомнува минатото како почетна точка, па „Русовската СФРЈ“, а „златната епоха“ и сигурноста на поранешното уредување стоеја зад редовите напишани како своевиден „добар дивјак“ којшто во лудилото на капиталистичката какофонија е потребен како никогаш досега. Во таа смисла, несвесното сознание дека таа утопија што навистина била тука, веќе е неповратна во сите облици на креативното изразување.

Односот помеѓу утопијата и дистопијата на овој терен би можел да биде преведен како однос помеѓу минатото и иднината, златното време и неизвесната иднина, однос помеѓу емпирија и империја на насобраните разочарувања. Наспрема, славното, храбро всушност «утописко» минато, се исправува иднината на изневерени, потиштени и пред сè разочарани луѓе. Во тој чуден временски континуум на народите кои верувале во блескавото утре, се појавила нова реалност, реалност на иднината, пандан на некогашната утопија - идната дистопија. Постои реална опасност од генерализација и унифицирање на индивидуалноста на авторите, меѓутоа јасно е дека во гореспоменатите романи, како и во сличните дела од овие простори, доминира апокалиптината утрешница. Меѓутоа, таа апокалипса не е класичен распад на светот каков што го познаваме, ниту е холивудска претстава за стравот од утрешнината, туку е искуствен и полн со недоверба поглед кон понатамошниот тек на промените во човечкото уредување. Тоа е апокалипса што води кон конечното, но конечното што не е статично и не е точка до која се стигнува. (Николаидис,53.). Конечното е движењето, повторувањето. Конечното е (Бадју го толкува Хегел) она што од себе излегува само за да остане... она што, излегувајќи од себе би го произвело Другото, останувајќи во елемент на Истото. На местото на алтернацијата на себе, останува само итерација» (Николаидис,53.). Југославија како дистопичен проект со обзир на резултатите, произвела апокалиптичност во делата, односно она што Хегел го нарекува лоша бесконечност (chlechte-unendliche) на југословенското поимање на иднината. Претставата за апокалиптичната иднина и за есхатолошкиот исход ја потврдува цикличноста на митските корени. Хаос – космос - постапна деградација - критичен миг - космос е дефиниција на цикличноста, но и на современита затскриена митолошка свест на светско ниво. Ако ја пренесеме таа универзална повторливост во дискурсот на југословенските автори, ќе добиеме слична шема: војна, Втората светска војна и сл. (хаос)- Југославија (космос) -необјективност во претставување на иднината на земјата и општеството, постепен распад

на системот во осумдесеттите години на 20 век (постепена деградација) - почеток на деведесеттите, немири (критичен момент) – војна (хаос) - нова повоена реалност, нов поредок (нов космос).

Современите автори на дистопијата и научната фантастика генерално знаат дека човекот ги има изневерено сопствените очекувања. Во нивните редови, исто така се гледа дека човекот ја изневерил и науката шта самиот ја создал. «Мигот кога задачата на науката била да го ослободи човекот од оковите на незнаењето е минат од дамнина: денешната наука системски го понижува човекот сведувајќи го, буквално на ништо». (Николаидис,94.) Во таа смисла, ако човештвото се изневерило себеси, науката, општественото уредување, својата социјална еволуција, тогаш постјугословенскиот писател е двојно изневерен. Еднаш е изневерен од утопијата (Југославија) којашто ја живеел во својата биографија и по вторпат да го изневери светскиот поредок којшто, поради сопствените антагонизми ита кон неизвесна или можеби уште полошо извесна иднина. Реалноста во нивните романи наспрема реалноста во животот, е однос помеѓу стварноста и фикцијата. Но, ако претпоставиме дека реалноста денес е реалност на капиталот, кој е шпекулативна категорија сама по себе, реалноста во романите е реалност на идниот капитал, односно станува збор за двојна шпекулативна реалност. Особено е видлива намерата на Жиљак и Млакиќ да шпекулираат со можните исходи на денешната шпекулативна реалност. Во нивните романи иднината е директно поврзана со корпоративната логика на богатите и со логичкиот исход на распадот на таквата реалност како преголем збир на внатрешни антагонизми. Според постмодерната догма (на симболичките фикции, симулакруми итн.) постои некоја тврда реалност на којашто ние постојано ѝ се измолкнуваме и ѝ бегаме. Во психоанализата се смета дека, ако постои некоја тврда реалност, тогаш тоа е реалност на сон или фантазија, додека стварноста е за оние коишто не можат да ги поднесат соништата. Во согласност со тоа, ако ја ставиме постјугословенската дистопија во овие рамки, можеме да го констатираме следното: ако постои тврда реалност на писателите наспроти фикцијата што ја пишуваат, таа реалност би била некогашната Југославија. Југославија веќе не постои, остана зад нас како утописки сон (без разлика како кому му изгледал тој сон, како убав сон или ноќна мора), следствено реалноста што стои зад фикцијата на авторите е регресивна и над сè, утописка. Од друга страна, фикцијата во романите по својата природа е дистописка. Од замисленото равенство на утописката реалност=дистописка фикција произлегува заклучокот дека односот помеѓу утопијата и дистопијата кај постјугословенските писатели всушност е однос помеѓу «големото» минато и изневерената иднина.

Без намера да се наметнуваат карактеристики кои, писателите и писателките од овие простори, не ги сакаат, може да се констатира дека differetia specifica на дистопијата на постјугословенските писатели се наоѓа надвор од книжевната постапка и од кннижевното дело. Според тоа, специфичноста на овој вид книжевност на овие простори, лежи токму во тој однос помеѓу вистин-

ското минато и фиктивната иднина. Некаде на тој пат помеѓу фантазирањето за вистинскиот живот, од една страна и креативно-уметничката вообразба од друга, се наоѓа една, во последно време мошне активна книжевна продукција на просторите на некогашната држава. Покрај примената на светските тенденции во книжевните постапки, одбирањето теми и шпекулациите, изгледа дека сепак дистописката, па и воопшто научно фантастчната книжевност, се одликува со еден сопствен дух и сопствена партикуларна реторика.

Впечаток е дека, покрај неизвесната иднина во романите и во реалноста, на ист начин ја проживуваме и доживуваме и неизвесноста на минатото, што исто така се менува во таа утописка визура којашто ја користиме. Во тој чуден временски континуум, можеби сепак една работа е загарантирана: а тоа е продолжувањето на развојот на научно-фантастичната книжевност, што на овие простори сепак, не е мала работа.

Користена литература:

1. Adnanin Jašarević, „Bosansko-hercegovačka fantastika na bespućima socrealizma", *Ubiq 7* (2010.)
2. Bjelogrlić, Aleksandar. *Citadela.* Zrenjanin, *Agora*, 2012
3. Frye, Northrop. *Anatomija Kritike.* Zagreb: 1979.
4. Lacassagne, *Claude. L'au-dela de l'utopie in Ranam* N'VI Starsburg, 1973.
5. Miodrag Milovanović, „Kratak prilog za istoriju srpske naučne fantastike ", *Ubiq 4* (2009.)
6. Mlakić, Josip. *Planet Freidman*. Zagreb: *Fraktura*, 2012
7. Nikolaidis, Andrej. *Homo Sucker.* Zagreb: *Algoritam*, 2010.
8. Oscar Wilde, *The Soul of Man under Socialism. www.goodreads.com*
9. Raymond Trousson. *Voyage aux pays de nulle part. Bruxelles*, 1975. Str. 260
10. Tanja Cvitko, „Slovenska znanstvena fantastika", *Ubiq 3* (2008.)
11. Žiljak, Aleksandar. *Irbis.* Zagreb: *Zagrebačka naklada,* 2012-12-10
12. Živković, Zoran. *Naučna fantastika*. Beograd: *BIGZ*, 1976
13. Živković, Zoran. *Savremenici budućnosti.* Beograd: *Narodna knjiga,* 1983.
14. Јовић, Бојан. Рађање жанра. Почеци српске научне-фантастичне књижевности. Београд: Институт за књижевност и уметност, 2006.
15. Урошевиќ, Влада. Демони и галаксии. Скопје: Македонска книга, 1988.

Стево ПАВЛОВСКИ

Егзекуција на жените светици во средновековната литература

1.

Поаѓајќи од фактот дека сета средновековна книжевност е создадена во духот на средновековието со доминантен акцент врз црковната христијанска идеологија, несомнено е дека во неа доминантна улога има мажот и „машкоста“. За тоа сведочат многубројните текстови од библиски и литургиски карактер, како и црковните слова создавани од црковни отци. На почетокот од развитокот на оваа книжевност се појавија житија на светците (првенствено од машки пол), пустиножители, анахорети, од што може да се констатира доминација на машкиот принцип (св. Кирил и св. Методиј, св. Климент и Наум, Црноризец Храбар, Презвитер Козма, св. Гаврил Лесновски, св. Иларион Мегленски, св. Ѓорги Кратовски и многу други).

Наспроти средновековната машкост, постепено почнува да се појавува и т.н. средновековна женскост, со што женскиот подвиг пред сè е претставен преку категоријата „великомаченик“, а донекаде и пустиножител-типична мажествена карактеристика, којашто е произлезена од преголемата љубов кон Бог. Во овој контекст ќе ги споменеме мачните подвизи на великомаченица Злата (Хрисија) Мегленска, ликот на најсветлата личност во христијанската религија св.Богородица, св.Екатерина, св.Недела, св.Петка, св.Текла, св.Теодора, св Јулија, св. Марија Египќанката и др. Според ова, можеме да констатираме дека повеќето светители од раниот среден век биле монаси или монахињи. Сета средновековна книжевност во тој период е создадена врз напливот на христијанските, теолошките и библиските содржини. Но, со појавувањето на жанрот расказ и роман постепено се развила тенденцијата за излез од долгогодишните и долговековните негувани црковни и христијански содржини. Голем дел од она што е познато за жените во средниот век е од делата на монахињите, како Клара Асишка, Бригита од Шведска и Катерина Сиенска. Главен предмет на ова истражување е женскиот пол/лик во средновековната литература. Анализата на субјектот жена, ќе биде прикажан од аспект на категориите невино прогонета хероина и егзекуција (извршување на смртна пресуда, уништување и сквернавење на

жената и женското тело од страна на хегемонистичкиот и фалогоцентричен, маскулинистички принцип). Имено, нашето внимание главно ќе биде насочено кон животот и страдањата на жените светителки-жени маченици, преподобни жени како што се: светицата Злата Мегленска, св. Екатерина и св. Марија Египетска, чијашто светост живее и денес со култот кон нив.

Во контекст на нашата тема, драгоцени се и ставовите на Роси Браидоти, според која, положбата на жените како обележје на абнормалност, а со тоа и на различноста како знак на инфериорност, станува константа во западните научни дискурси. Меѓусебната поврзаност на жените со монструмите во литературниот текст, според истата авторка, е особено значајна и збогатувачка за сатирата како литературен жанр. Во таа смисла, сатиричниот текст е безусловно монструозен, девијантен, сам по себе застранет. (Браидоти 2002:114). Надвор од литературната традиција, поврзувањето на женскиот род со монструозноста упатува на систем на пејорација, која произлегува од бинарната логика на спротивности, која пак, го карактеризира фалогоцентричниот дискурсен поредок. Монструозноста, како негативен пол, пол на пејорација, структурално е аналоген на женскиот род, и како таков, тој е поинаков од востановената норама, без оглед која е таа норма. Поаѓајќи од фактот дека во овој текст првенствено ќе се занимаваме со ескплоатацијата/угнетувањето/малтретирањето на жената од страна на свирепиот маж, ќе се повикаме на ставовите на Браидоти, според кој, жената, како знак на различност се дефинира како монструозна. Ако го дефинираме монструмот како телесен ентитет којшто има аномалии и е девијантен, пишува Браидоти, тогаш можеме да расправаме деке женското тело ја има истата привилегија како и монструмот-да го изразува измешаното чувство на фасцинација и ужас. (Браидоти 2002: 117).

2.

Внимание ќе посветиме и на расказот „Девојка без раце“, бидејќи во средновековната книжевност особено биле популарни расказите со чудата на пресветата мајка. Според средновековните истражувачи и проучувачи, во расказот е предаден несреќниот живот на царската ќерка, којашто поради својата маќеа ги изгубила своите раце. Крајот се толкува како голема милост и благодарност на Бог и неговата мајка, кои ја спасиле девојката и ѝ ги вратиле изгубените раце. При анализата на расказот првенствено ќе се повикаме на ставовите на Ернестина Фридил, којашто зборува за односите меѓу половите и сфаќањата на машкоста и женскоста од аспект на ритуалите што ја симболизираат и ја донесуваат промената од еден општествен статус во друг, т.е. таканаречените „обреди на преминување“ што се поврзани со пубертетот на двата пола. (Фридил 1999). Во вториот период, според Ернестина Фридил меѓусостојбата, вклучува обид кандидатите да бидат симболично оттргнати, често со болни и понижувачки средства, од структурната улога што порано ја имале или да се уништи дотогашната улога, како подготовка за новата. Според Е.М. Милетински, исклучително е голема улогата на преодните

ритуали што со социумот и со космосот ги поврзуваат прашањето, именувањето, особено преминувањето од група деца во група возрасни мажи (иницијација), бракот (како воспоставување врски со друг род), посветување во повисок социјален статус и конечно смртта. (Милетински 2002:274). Во контекст на претходното, можеме да констатираме дека средновековниот расказ „Девојка без раце“, меѓу другото го обработува и мотивот на т.н. свадбена иницијација, што по својата природа најмногу се доближува до пубертетската, во која сите искушенија и проверки им се поставуваат на протагонистите за да се види нивната подготвеност за брак.

Лидија Стојановска-Лафанзановска истакнува дека свадбената иницијација претставува еден типичен случај на т.н. преодна иницијација. (Стојановска-Лафанзановска 1998:346). Повикувајќи се на ставовите на споменатата авторка, можеме да констатираме дека еден од најпарадигматичните, а истовремено и најексплицитно изразени симболизми на женската пубертетска иницијација се согледува преку мотивскиот циклус на невино прогонета хероина, како резултат на односот маќеа-паштерка. Имено, во расказот „Девојка без раце“ е присутен мотивот на нарушени семејни односи меѓу маќеата и паштерката, со што девојката е принудена да го напушти својот дом. Слично како и во приказната „Снежана и седумте џуџиња“, лошата маќеа му наредила на слугата да ја однесе во шумата и да ја убие убавата девојка, а како доказ да ѝ ги донесе нејзините отсечени раце. Ликот на Марија е претставен низ призмата на ма/жествена жена која како асимболичен поредок со својата „немост“ доживува егзекуција на своите екстремитети, а потоа е невино протерана од царскиот двор. Ако Марија можеме да ја споредиме со ликот на Снежана од сказните, тогаш за расказот кој е наш предмет на интерес, можеме да заклучиме дека важи констатацијата на Бруно Бетелхајм кој вели дека дека наградата на јунакот не е ниту смрт, ниту уништување, туку поголема интеграција-симболична победа над непријателот, противникот и среќата. (Бетелхајм 1979:220).

Во контекст на претходното, ќе се повикаме и на ставовите на Јулија Кристева, која пишува дека старвот од архаичната мајка, во суштина се покажува како страв од нејзината моќ за раѓање. Патрилинеарното сродство се нагрбува со бремето да ја завладее токму таа застрашувачка моќ. Убиството на женското тело-неговото исфрлување од една, веќе постојана фаличка идеализација е основата на женската асимболичност. Асимболичноста е положба на жената кон симболичното кое, пак функционира со посредство на исклучување на женственоста. (Николичина 2000:22). Наоѓајќи се во една преодна или лиминална состојба, како што спомена Ернестина Фридил, девојката Марија симболично не умира и останува на прагот на можностите. Имено, таа останува жива благодарение на синот на еден господар, кој ќе ја пронајде во „пустелија“ и ќе ја земе за жена.

Искажано со јазикот на Мелетински, иницијацијата би значела физичка проверка на издржливост, односно одделување од групата, сè со цел да се стекне правото за женидба. Патот што го минува младиот и храбар (неимену-

ван) јунак е претставен преку опозицијата овој-оној свет, каде пустелијата го претставува граничниот простор, т.е. таа е еквивалент на смртта. И покрај фактот што младата девојка (која на почетокот на расказот не е именувана), има физички недостаток-нема екстремитети, сепак младиот маж ја носи во својот дом. Патот на земање на младата претставува заминување од оној свет, т.е. смртта. Нејзиниот иден сопруг истовремено е и нејзин помошник, веќе полово созреан, способен да се спротивстави на својот татко, а со тоа да ја задржи девојката којашто нема раце и со неа да создаде свое семејство и потомство. Оваа невино прогонета хероина на крај од средновековниот расказ, со помош на Богородица повторно ќе ги добие своите раце, (период на вклучување или повторно присоединување во телото на општеството-симболично повторно раѓање во нов статус), храбро ќе проговори (ќе се соочи со потчинетоста на женскиот молк) и ќе ја открие целата вистина: „Досега криех, некех да кажам која су, ама лели е заповед божии да ви кажам да знаете оти су ја на царот ваш керка и това што ми стори на моја глава, ми го стори царицата, ама царица небесна и маика на сирачињата ме куртули от сите зла и сите неволи“. (Стојчевска-Антиќ 1996:213).

Женскиот субјект (Марија), во чинот на станување мајка ги пренебрегнува симболичките договори, го руши поредокот и ја остварува примордијалната желба да стане едно со објектот и да го одрече својот идентитет. Во контекст на претходното, пишува Јасна Котеска, Јулија Кристева доаѓа до тезата дека мајчинството е еден од примерите за семиотичкото, што навлегува во симболичното. Слично на абјектот и хората, мајчинството станува простор во кој, нагоните и инстиктите ги надвладуваат патерналистичките договори, кога со губењето желба за комуникабилност се одречуваат јазикот, договорите, конвенциите, поредокот. (Котеска 2002:306).

Според Лидија Стојановиќ-Лафазановска, целта и целесообразноста на ваквите иницијациски искушенија е содржана пред сè во здобивањето одреден квалификатив којшто една млада жена мора да го поседува како предуслов за реализација на свадбениот чин. (Стојановиќ-Лафазановска 2002). Поради фалогоцентричната перверзија, женскиот род и монструозноста можат да се сметаат за изоморфни. Жената/мајка е прекумерено монструозна; таа ги преминува воспоставените норми и граници. Таа е монструозна поради недостатокот: жената/мајка не го поседува супстантивното единство на машкиот субјект. Уште поважно, преку нејзината идентификација со женскоста, таа е монструм, поради дислокацијата: симбол на меѓузоните, на бескрајното, на двосмисленото, на измешаното; жената/мајка е подложна на постојан процес на метафоризација како „поинаква од“. (Браидоти: 2002).

3.

Во предговорот на зборникот „Аспекти на другоста: зборник по културологија“, Иван Џепароски, вели: „Веројатно, најраната употреба на поимот Другост, во контекст на родовите студии, се среќава во делото на Симон

де Бовоар „Вториот пол“, каде што се разјаснува како машко-доминантната култура ја третира жената како нешто Друго, нешто помалку важно во однос на мажот, за на тој начин да изгради еден систем на општествена и културна доминантност. (Џепароски 2007:13).

Имено, главната теза на Бовоар во ова епохално дело е едноставна: низ историјата жените биле сведени на објекти за мажите: „жената“ е конструирана како Другиот на мажот, нејзе ѝ било одречено правото на сопствена субјективност и на одговорност за сопствени дејствија. Жената, пишува Де Бовоар, се детерминира и се диференцира во однос на мажот, а не тој во однос на неа; таа е небитното, наспроти битното. Тој е субјектот, тој е Апсолутното; таа е Другото. (Де Бовоар 1989:11). Според истата авторка, категоријата на Другото е вродена како и самата совест. Во примитивните општества, во најдревните митологии, секогаш се наидува на двојство меѓу Истото и Другото, бидејќи како што истакнува Де Бовоар, другоста е основната категорија на човечката мисла. Ниедно заедништво никогаш не се дефинира како Едно, без веднаш да се постави Другото.

Всушност, Другиот и Другоста постојат од дамнина како елементи за одбивност и зазор. Во антиката сите оние што имале поинаква етничка припадност и зборувале поинаков јазик од грчкиот биле именувани како „варвари“, или они што „брборат“, односно зборуваат неразбирлив јазик. Во средниот век, припадниците на другите вери визуелно се претставувале како чудовишта за да се означи нивното безбожништво, а сите тие, заедно со хомосексулците и со жените се сметале за обземени од темните сили; тие се најчесто оние „другите“ коишто се опасни и заканувачки настроени. Современиот свет на почетокот на дваесет и првиот век, сè уште говори за „другите“, но тие сега се „други“ како: „илегални емигранти“, „азиланти“, „политички бегалци“, „муслимански терористи“, „балкански завојувачи“ итн. Во историјата имало случаи кога националните идентитети биле развиени до екстремности што резултирале со шовинизам и војна. Од друга страна, во случајот кога етничките идентитети биле развиени до екстремности и биле приоритетни во однос на националните идентитети, се појавила опасноста од раѓањето на нациите и нивно уништување од страна на надворешните непријатели.

Решението на конфликтите меѓу различните етнички идентитети се наоѓа во транспарентен и искрен дијалог со „етнички другиот, во запознавање со начинот на животот, интересите, културата и литературата, традицијата, навиките на „другиот“, она што тој сака и што тој не сака, како и во учење да се почитува и да му се верува на „другиот“. Во средновековната литература меѓу најстарите зборници спаѓаат хагиографските зборници, посветени на жени-светителки, составени од наративни текстови за жени. Елоквентен пример преку кој можеме да ја прикажеме категоријата Другост, односно „етничката другост“ е „Житието на великомаченичката Злата Мегленска“. Имено, Злата Мегленска била родена во селото Слатина, во Мегленската област, во семејство на сиромашни, селски родители. Нејзината убавина била повод нејзиниот живот да се украси со страдања на великомачени-

ца. Во житието е прикажан ликот на сотонскиот Турчин (етнички Другиот), кој поттикнат од љубовта кон Злата, се обидувал на брутален начин да ја задоволи својата гнасна страст. Имагологијата што се занимава со ликовите на Другиот, во контекст на наведениот текст, ни дозволува сликата на етничката „другост" да ја прикажеме и преку опозицијата христијанство-муслиманство (Злата-Турчин), а истовремено и да го загатнеме мотивот на недозволената љубов, со етнички другиот. Имено, во обидот Злата да се потурчи, не можеле да помогнат ниту заканите на Турчинот за страшните маки коишто морала да ги претрпи, ниту заканите за животот на нејзините родители и уште за трите сестри.

Во духот на христијанската идеологија и силната верба кон Бога, Злата останува доследна на верата и на своите ставови и покрај многубројните напори на Турчинките да ја воведат во исламот. Во книгата „Imaginarni Turčin", Божидар Језерник (Језерник 2010), истакнува дека, Османлиите биле опишани како крвожедни, нечовечки суштества, кои одвај чекале да ја пролеат крвта на христијаните. Во согласност со ориенталистичката пракса, забележува споменатиот автор, Османлиите се сметаат за неморални хедонисти, за сурови и свирепи, нецивилизирани и алчни освојувачи. Судејќи според гледањето од тој период, османлискиот напаѓач припаѓал на еден „друг", сосема поинаков свет; тој навистина бил совршен негатив во однос на европскиот христијанин.

Во контекст на претходното, можеме да истакнеме дека тој бинарно подреден свет, што не дозволува отстапување од црно-белата шема, е присутен и во наведеното житие што е наш предмет на интерес. Турците, во одреден период од нивната историја, пишува Недрет Куран Бурчоглу, го преставувале „другиот", против кого се обединила цела Европа. Тие биле сметани и прикажувани како „непријатели на христијанството", како „антихристи", „сензуално копиле" коешто го поткопува интергритетот на христијанството. (Бурчоглу 2002). Како резултат на отоманското ширење во Европа, истакнува Марија Тодорова, се развила т.н. огромна анти-турска пропаганда, што создала стереотипен лик, според кој Отоманците биле диви, крвави и нечовечни, и го деморализирале противникот како олицетворение на традиционален непријател на христијанството. (Тодорова 2001:96). Оваа пропаганда била користена за решавање на внатрешните политички проблеми и била блиско поврзана со прашањето за апсолутизмот и „општественото дисциплинирање" на населението. Како резултат на ваквите пропаганди, што диктирале „дисциплина" на населението, уште повеќе се засилила и пропагирала идејата за забраната на меѓусебни контакти меѓу половите од христијанска и муслиманска верска исповед.

Умната и великодушна маченица Злата ќе се соочи и со членовите на нејзиното семејство, коишто исплашени од заканите на насилните Турци, ќе се обидат да ја наговорат да го прифати исламот и да се омажи за Турчинот. Злата, бидејќи не сакала да има контакт со маж од муслиманска вероисповед, се откажува и од своето семејство. На крајот од житието, е опишано болното измачување на Злата, којашто во ниту

еден случај не се согласувала да ја промени својата вера. Во контекст на претходното ќе се повикаме на ставовите на Едвард Саид, кој истакнува дека исламот, не без причина станал симбол на ужас, уништување, демонство, за орди омразени варвари. Исламот за Европа бил трајна траума. До крајот на седумнаесеттиот век, пишува Саид, „отоманското зло“ се прикрадувало околу Европа и претставувало постојана опасност за целата христијанска цивилизација. Со време, европската цивилизација ја инкорпорирала таа опасност заедно со нејзината традиција, нејзините славни настани, ликови, доблести и пороци како нешто вткаено во писмото на животот. (Саид 2003:64).

Од друга страна, пишува Марија Тодорова, Османлиите секогаш се опишувале како носители на една суштинска туѓа цивилизација, којашто се карактеризирала со фантастична и милитантна религија, наметнала поинаква стопанска и општествена практика и довела до пасторализација и аграризација на Балканот. Опишувајќи ја таа цивилизација, истакнува споменатата авторка, биле потенцирани насилствата, злосторствата и грубоста, коишто кулминирале за време на опаѓањето на Османлиското Царство, особено во текот на 18 век и ја иницирале борбата за национална еманципација.(Тодорова 2001:268). Да се поседува жена од друга конфесија, не значи само господарење со непознатото, туку и влегување во царството на Другиот, во светот на оној непознат и различен Друг. Преку ликот на Турчинот во текстот е насликана природата на ориенталниот маж и неговиот фалогоцентричен дискурс, кој ќе ја поттикне маченицата Злата да посакаат да се ослободи од робувањата на црно-белата реторика, соочувајќи се со сите маки и страдања. Имено, иако ликот на Злата е прикажан со атрибути на мажествена жена, која цврсто се соочувала со преголемите маки, сепак нејзиниот живот завршуваат трагично, со громорозно егзекутирање на женското тело.

4.

Христијанската идеологија доста придонела за угнетување на жената. Имено, во најраните времиња на христијанството, кога жените се оддале на јаремот на Црквата, биле релативно почитувани. Покрај мажите и тие биле маченички, меѓутоа тие можеле да учествуваат во верата само како второстепени „ѓаконки“. Во таква положба, жените биле овластени само да исполнуваат световни должности: негување болни, давање помош на луѓе во неволја итн.

Во книгата „Вториот пол“, Симон де Бовоар пишува дека Свети Павле, на жените им наложувал скромност и воздржаност. Во Стариот и Новиот завет, тој го основа принципот на подреденост на жената кон мажот. „Мажот не е создаден од жената, туку жената од мажот. И мажот не е создаден поради жената, туку жената поради мажот.“ А на друго место стои: „Како што Црквата му е покорна на Христос, така и жените во сè треба да им се покорат на мажите“. Во религијата во која сетилноста е проколната, жената се јавува како најопасно искушение на ѓаволот. (Де Бовоар 1989:134). Од друга страна, Свети

Тома, пишува Де Бовоар, останува верен на таа традиција кога изјавува дека жената е „случајно“ и некомплетно битие, еден вид недовршено машко. Според Свети Тома, „Мажот е глава на жената, како што Христос е глава на мажот. Очевидно, жената е одредена да живее под власт на мажот и над својот господар да нема никаква моќ. (Де Бовоар 1989:135).

Во „Бдинскиот зборник“, посветен исклучително на жени светителки, се наоѓа и „Житието на св. Екатерина“, во кое е прикажан пример на ма/жествена жена-светица чијашто глава немилозливо била отсечена од страна на маж. Според проф. д-р Добрила Миловска, овој средновековен текст, во кој преовладува библиски мотив, во повеќе редакции е познат според преписи од 15 век. (Миловска 2002). Имено, во житието света Екатерина, инаку верна христијанка, е прикажана како убава, мудра и образована жена, која била посакувана од сите мажи, па дури и од оние коишто потекнувале од царските семејства. Не можејќи да се сооочи со своите додворувачи, таа прибежиште, со сета своја душа и разум ќе најде во чинот на прифаќање на христијанството и завет кон Бога-нејзиниот небесен вереник. Храброста, смелоста и бестрашноста на оваа средновековна хероина, доаѓаат до израз во моментот кога таа без колебање, ќе му се спротивстави на паганиот цар Максентиј, кој наместо да ја казни, ќе ја побара за жена и ќе ѝ понуди раскошен живот, барајќи од неа да се откаже од христијанството. Преку ликот на царот Максентиј е прикажано машкото владеење со светот што не е заговор кој го креирале лошите, физички појаките и подвижни мажи, за да го наметнат на физички послабите и оптоварени жени.

Во контекст на претходното, Дороти Динерстин констатира дека внатре, во одредена класа мажот има право отворено да наредува, да им противречи на другите, да дава упатства, да командува или забранува без извинување и заобиколување, односно жената не смее да реагира на таков начин, бидејќи би била неженствена. Таа може да понуди противпредлог или да протестира против суштината на машката изјава, но во принцип не смее да го отфрлува неговото право, да дава таква изјава, ниту пак може да бара исто право и за себе. (Dinerstin 2000). Како резултат на мажествените атрибути што ги поседувала, св. Екатерина му се спротивставува на царот и истовремено со гнасење ќе го одбие неговиот предлог да ја промени својата вера и да му стане сопруга. Бидејќи таа реагира спротивно од начелата на машкиот принцип, царот ќе повика педесетмина мудри луѓе да полемизираат со неа, сè со цел да ѝ ја посрамат верата. Поради обдареноста на света Екатерина со познавање на грчката философија, медицината, реториката и логиката, таа ќе успее да ги надмудри и да ги посрами своите соговорници. Како резултат на таа постапка царот наредил сите педесетмина мудреци да се изгорат во оган.

Неприфаќајќи ја понудата на царот, св.Екатерина прво ќе биде затворена во затвор, а потоа и сурово измачувана. Но, нејзината верба во Бога ѝ овозможува да ги преброди сите громорозни мачења и страдања. Поради тоа, таа ќе биде осудена на монструозна смрт и ќе биде испратена на губилиште. Во чинот на громорозната егзекуцијата,

кога мачителите ќе ѝ ја пресечат главата, од тоа место потекло млеко, наместо крв. Според Добрила Миловска, млекото што како наративен елемент е во тесна врска со Премудроста (а Премудроста всушност е самата светица, а тоа е нејзин дар од Бога) всушност е млекото на вечниот живот, симбол на Христовата крв и на спасението. (Миловска 2002).

Дороти Динерстин, наведува два аспекта во машкото владеење со светот. Првиот аспек се однесува на машката привилегија директно да ја наметнува својата волја, отворено да ја покажува својата моќ и авторитет да биде званичен стопан. Вториот аспект според споменатата авторка се однесува на одговорноста; на пример машката одговорност при кумулативен процес во создавање на светот, одговорноста за самосвесно и заедничко самоизградување што суштински нѐ разликува од другите живи суштества. Вториот аспект на машкото владеење добро се согласува со останатите карактеристики на односите меѓу половите. (Dinerstin 2000:213). Слично пишува и Симон де Бовоар, која забележува дека од историски аспект, мажите секогаш ја имале сета конкретна моќ. Уште од почеткот на патријархатот, тие сметале дека е корисно жената да се одржува во состојба на зависност; нивните Закони биле насочени против неа, и токму така таа се изградува како друго. (Де Бовоар 1989).

5.

Во средниот век се наидува на многу длабок облик на потчинување на жените во општеството. Односите меѓу мажот и жената биле дефинирани од каноните на христијанската религија. На почетокот на развојот на христијанската религија, како религија на обесправените, жените имале порамноправна положба. Подоцна во Светото писмо, оваа положба е променета. Имено, христијанството како религија повикувајќи се на Стариот завет, ја смета жената за најопасно ѓаволско искушение. Жената била определена како нечиста, опасна и како закана за човештвото. Со Августин се востановиле основните сексуални ставови на христијанската црква. Во рамките на бракот, сексуалниот однос бил толериран, но само кога целта му била создавање нов живот. Исто така, било неминовно секоја друга сексуална активност што не водела кон тоа, да биде осудена. Црковните отци гледале на сексот како на нешто, кое во најдобар случај морало да се толерира, нужно зло за да се продолжи човековиот вид. (Булох 2006).

Во контекст на претходното ќе ја споменеме и студијата на Риен Ајслер „Обрасци на минатото: гиланија и историја“, во која е прикажана дистинкцијата на поимите гиланија и андрократија (gyne=жена, andros=маж). Осудувањето на жените од страна на Црквата, на потчинет и тивок статус, споменатата авторка вели дека може да се согледа не како неважна историска мистерија, туку како примарен израз на Црквата со андрократскиот доминантен модел. Било неопходно да се потчинат и замолчат жените заедно со „женските“ вредности што првобитно ги проповедал Исус, за да може да се одржат андрократските норми, а со тоа и моќта на средновековната црква. Од 13 до 16 век жените, поради своите способности биле прогонувани и

палени на клада како вештерки, врачарки или невротични психолошки лица. Најголемо обвинение, кое едновремено го открива проблемот, е дека вештерките биле сосема просто обвинувани дека биле сексуални, бидејќи во очите на Црквата, сета моќ на вештерките, во крајна линија, потекнувала од нивната „грешна“ женска сексуалност. Во контекст на претходното, споменатата авторка вели: „Ова патолошко женомразечко сфаќање за жените како пол, се претставува едноставно како ирационалност на полово фрустрираните мажи. Но, моралната осуда на жените, од страна на црквата, била нешто многу повеќе од психолошка настраност. Тоа било оправдување за машката доминација како соодветен и рационален одговор на андрократскиот систем. (Ајслер 1999:226).

Жените, пишува Елизабет Грос, се (културно) дефинирани со својата сексуалност и со способност за репродукција, но истовремено токму овие функции прават жените да бидат ранливи, па им треба заштита или посебен третман, зависно од препораките на патријархатот. Според Грос, опозицијата машко/женско е во тесна врска со опозицијата ум/тело. Типично, женскоста е претставена (експлицитно или имплицитно) со една од следниве вкрстени опозиции: или умот се прикажува како еквивалент на машкоста, а телото како еквивалент на женскоста (на тој начин, априори отфрлувајќи ги жените како можни субјекти на знаењето или како филозофи) или пак на секој пол му се придава сопстеваната телесност. (Грос: 2002).

Патријархалното угнетување, со други зборови, се оправдува себеси, барем делумно, поврзувајќи ги жените многу поблиску со телото, отколку мажите и преку оваа идентификација, сведувајќи ја општествената и економската улога на жените само на биолошка. Потпирајќи се на есенцијализмот, на натурализмот и биологизмот, мизогинистичката мисла ги ограничува жените на биолошки потреби за репродукција врз основа на претпоставката дека поради нивните биолошки, физиолошки и ендокринолошки трансфрормации, жените се некако побиолошки, потелесни и поприродни од мажите. Во 16 и 17 век темата за половите противречности станала мошне актуелна. Се пишувало за машката супериорност и за машкото достоинство, но не помалку и за женската и нејзиниот карактер. Повикувајќи се на ставовите на Јулија Кристева, Јасна Котеска односот гиланија-андрократија го поистоветува со поимите симболен наспроти асимболичен поредок. Во контекст на ова, споменатата авторка вели: „Бидејќи симболниот поредок е татковски, машки и фалоцентричен, тогаш женскиот субјект се конфротира со постојаната свест за исклученост. Бидејќи женскоста се наоѓа вон Јазикот, Поредокот и Законот, таа се дефинира како асимболична. (Котеска 2002:270).

Според Роси Браидоти, женскиот потомок е еден вид аномалија, односно тој се гледа како варијација на главната тема на машкиот род и додава дека жената секогаш се поврзува со феномените за она што не е свето, за безредието, за пониската класа луѓе и за она што не е угледно. (Браидоти 2002). Пример на жена светителка, која поради својата „грешна“ сексуалност ќе биде прогонета е прикажан преку ли-

кот на Марија Египќанка. За житието на св.Марија Египѓанка, пишува Добрила Миловска, којашто вели дека е познато според бројни преписи од 13-14 век, а се наоѓа и во еден руски Торжественик од 14 век. Во повеќе словенски редакции е познат според препис од 15 век. (Миловска 2002:142). Света Марија Египетска е пустински аскет преку чијшто живот се искажува искреното покајание и неискажаното Божјо човекољубие, кон оние кои искрено сакаат да се откажат од нивните гревови. За неа во науката постојат податоци дека е светителка од 5 век, а нејзиниот животопис го напишал Софроний Ерусалимски.

Нарацијата што започнува во прво лице најнапред го прикажува животот на монахот Зосима, кој за себе смета дека е најверен молитвеник. Гласот што ќе го слушне е поттик за вербата дека никој не е совршен. Имено, отецот Зосима ќе замине во нов манастир што се наоѓа покрај реката Јордан, каде што некогаш бил Јован Крстител. Еден ден, за време на постите, тој случајно ќе се оддалечи од манастирот и ќе навлезе во пустинскиот дел. „Како што пееше за светите работи, виде од десната страна сенка како од човечко тело и прво се уплаши, мислејќи дека тоа е бесовско сениште.“ (Тиквешки зборник 1987:115). Старецот ќе посака да дознае кој се крие зад „призракот“ и затоа ќе потрча кон внатрешноста на пустината. Тој ќе се чувствува многу вознемирено и исплашено, кога ќе го види голото женско тело како се моли. Од понатамошниот разговор, Зосима од жената ќе дознае дека таа поради преголемата блудност, дваесет и седум години била прогонета сама во пустината, гола и без храна. Причината за вакиот прогон, кој всушност претставувал процес на покајување и прочистување на гревовите и блудот што Марија ги направила, е поврзан со нејзиното доаѓање во Ерусалим. Грешницата Марија, спас од таквата состојба пронаоѓа во покајанието кон Бога и во примањето на христијанската вера.

Извесен број проститутки станале светителки. Нивните приказни за преобратување рано станале дел од фолклорните преданија меѓу верниците, служејќи за пример дека секогаш има можност за спасение, дури и меѓу жените на дното. (В.Л.Булох 2006:245). Повеќе или помалку, официјалното стојалиште на христијанството во врска со проституцијата било она што го изнел Августин во 5 век. Тој сметал дека проститутките биле нешто најбедно, најнескромно и најсрамно, но ако се отстранат од животот на луѓето, сè друго би се загадило со сладострасноста. Тие морале да бидат исклучени од црквата сè додека продолжувале со својата професија, иако секогаш постоела надеж дека ќе се преобратат, следејќи го примерот на нивните претходнички, кои станале светителки.

Мачниот пат на Марија Египќанка, нејзиното симболично миење на гревовите, хранењето со двата леба и со билките во природата, претставува пат на прогонство, но истовремено и пат на повторно раѓање со доживеаната и возвишена смрт. Марија станала толку света, што кога го направила знакот на крстот, монахот Зосима успеал да чекори по водата. Кога Марија умрела, нејзиното тело било поставено во пештера и често била посетувана од еден лав, кој своеволно ја оставил пештерата без да

го допре нејзиното тело. Присуството на лавот, како симбол на моќта уште еднаш ја потенцира светоста на Марија и нејзината божествена природа. Како и особините на лавот коишто произлегуваат во согласност со неговиот ранг, така и оваа светителка во текот на нејзиниот живот имала добри и лоши особини. Исто така, лавот ја навестува и нејзината поврзаност со ангелите, со Христос и бројните божества. Во контекст на ова ќе се повикаме на ставовите на псевдо–Дионисиј Ареопагит, кој објаснува зошто теологијата на некои ангели им дава лик на лав. Имено, лавот со својот облик сугерира авторитет и неопбедлива сила на светите суштества, нивното ненадминливо, нескротливо и силно настојување да ја достигнат божествената возвишеност. (Жевалие 2005:567).

6.

Угнетувањето на жените, пишува Џудит Батлер, има некаква единствена форма што е забележана во универзалната или хегемонистичка структура на патријархатот или машката доминација. (Батлер 2002). За таа форма на феминистичко теоретизирање, споменатата авторка вели дека се најде на ударна критика, поради нејзините одбиди да ги колонизира и да ги определи не-западните култури, да ги поддржуваат претежно западните форми на угнетување што тежнееја да го конструираат „Третиот свет“ или дури и „Ориентот“.

Во примитивните времиња се претпоставува дека постоело вистинско владеење на жените, односно во одреден стадиум од развитокот на човекот, жената навистина била одговорна за егзистенцијата на заедницата. Според Нешка Николовска, жената во матрилинеарните општества стоела на чело на родот во улога на заедничка прамајка, којашто управувала со сè, од која зависело сè и на која ѝ припаѓало сè. (Николовска 2011:21) Но, со преминот од матријархат во патријархат, женскиот пол почнал да го доживува својот пораз. Да се каже дека жената била Друго, значи дека меѓу половите не постоел однос на реципрочност; Земја, Мајка, Божица, таа никогаш не му била слична на мажот. Жената не е само Другиот, како што откри Симон де Бовоар, туку, сосем конкретно е Другиот на мажот: неговиот негатив или слика од огледало. Поради ова, Иригаре тврди дека патријархалниот дискурс ја става жената вон претставувањето: таа е отсутност, негативност, темниот континент или во најдобар случај, помалку маж. Во патријархалната култура, женственоста како таква е сузбиена: таа се враќа само во својата „прифатлива“ форма, како Другиот одразен од огледалото на мажот. (Мои 2001:158).

Општеството секогаш им припаѓало на мажите и политичката власт секогаш била во нивни раце. Во однос на ова, Бовоар констатира дека триумфот на патријархатот не бил ни случајност ни резултат на некоја женска револуција. Уште од почетокот на човештвото, неговата биолошка привилегија им овозможила на мажите самите да се потврдат како суверени битија. Тие никогаш не се откажале од оваа привилегија и делумно го отуѓиле нивното постоење во Природата и во Жената, но потоа повторно ја усвоиле.

Користена литература:

1. Ајслер, Риен. „Обрасци на минатото: Гиланија и историја“. Антропологија-Зборник текстови. Уред. Слободанка Марковска, Сузана Симоновска. Скопје: Догер, 1999.
2. Батлер, Џудит. Проблеми со родот. Прев. Елизабета Шелева, Роберт Алаѓозовски. Скопје: Евро-Балкан Прес, 2002.
3. Браидоти, Роси. Номадски субјекти:отелотворување и сексуална разлика во современата феминистичка теорија. Скопје: Македонска книга, 2002.
4. Betelhajm , Bruno. *Znacenje bajki*. Beograd: Prosveta, 1979.
5. Булох, Верн Л. Сексусални ставови: митови и реалност. Скопје: Магор, 2006.
6. Грос, Елизабет. Недофатни тела: за телесниот феминизам. Скопје: Македонска книга, 2002.
7. Де Бовоар, Симон. Вториот пол. Прев. Маргарита Маленковска. Том I. Скопје: Наша книга, 1989.
8. Де Бовоар, Симон. Вториот пол. Прев. Маргарита Маленковска. Том II. Скопје: Наша книга, 1989.
9. Dinerstin, Doroti. *Sirena i minotaur: odnosi među polovima i ljudska nelagodnost.* Prev. Dragana Starčević. Beograd: Feministička, 2000.
10. Житие на света Екатерина Александриска. http://amvon.mk/sv-ekaterina/ (преземено на 21.07.2017).
11. Иригаре, Лис. Спекулум на другата жена. Прев. Елисавета Поповска. Скопје: Евро-Балкан Пресс, 2002.
12. Jezernik, Božidar *Imaginarni Turčin*. Prev. Alen Bešić i Igor Cvijanović. Beograd: Biblioteka XX vek, 2010.
13. Куран Бурчоглу, Недрет. „Идентитетот и Другоста-Слика на „Другиот“. Мираж. 02 јуни, 2002 www.mirage.com.mk/index.php/mk/spisanie-mirage/223-mirage-2/teoriski-diskursi (преземено на 26.07.2013)
14. Милетински, Е.М. Поетика на митот. Скопје: Табернакул, 2002.
15. Миловска, Добрила. Книжевни дејци и дела. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2000.
16. Миловска, Добрила. „Жени-светици во јужнословенската писмена традиција“. Зборник: Истражувања од областа на родовите студии.Уред. Катерина Колозова. Скопје: Евро Балкан, 2002.
17. Миловска, Добрила, Јован Таковски. Македонска житијна литература (IX-XVIII век). Скопје: Менора, 1996.
18. Мои, Торил. *Сексуална/текстуална политика: феминистичка литературна теорија*. Прев. Елизабета Бова. Скопје: Сигмапрес, 2001.
19. Николичина, Миглена. Смисла и мајкоубиство. Скопје: Сигмапрес, 2000.
20. Николовска, Нешка. Култот на големата мајка: аспекти на женскиот

креативен принцип. Скопје: Македоника литера, 2011.

21. Пенушлиски, Кирил. Одбрани фолклористички студии. Скопје: Македонска книга, 1988.
22. Саид, Едвард. Ориентализам: западни концепции за Ориентот. Скопје: Магор, 2003.
23. Стојчевска-Антиќ, Вера. „Девојче без раце“. Средновековни раскази и романи. Скопје: Табернакул, 2009.
24. Стојановска-Лафазановска, Лидија. Феноменот на иницијацијата во македонската народна книжевност. Докторска дисертација. Филолошки факултет. Скопје, 1998. http://pelister.org/folklore/Research/Lafazanovska.pdf. (преземено на 10.07.2017)
25. Тиквешки зборник. Превод и предговор Блаже Конески: коментари Вера Стојчевска Антиќ. Скопје: Мисла, 1987.
26. Тодорова, Марија. *Замислувајќи го Балканот.* Скопје: Магор, 2001. стр. 96.Скопје: Евро Балкан Пресс: Менора, 2007.
27. Фридил, Ернестина. „Расправа за определниците на половите улоги“. Антропологија-Зборник текстови. Уред. Марковска, Слободанка, Сузана Симоновска. Скопје: Догер,1999.
28. Џепароски, Иван. „За аспектите на другоста“. Аспекти на другоста: зборник по културологија. Прир. Иван Џепароски. Скопје: Евро Балкан Пресс: Менора, 2007.
29. Шевалие, Жан, Ален Гербран. Речник на симболите. Скопје: Табернакул, 2005.

Марија ПАНДЕВА

На маргините на статијата „Македонската поезија во медитеранската сфера“ од Блаже Конески

Македонија како географски простор, меѓу другото, се определува и како медитеранска земја. Секако, и не само во границите на еден (о)граничен простор. Медитеранското влијание е видливо во речиси сите пори на општествениот живот и пред сè на културниот живот. Токму од тој аспект најверојатно се водел и Блаже Конески во неговата статија „Македонската поезија во медитеранската сфера“ (Блаже Конески, За литературата и културата, “Култура”, “Македонска книга”, “Мисла”, “Наша Книга”, Скопје, 1981).

Во оваа куса статија, како што кажува и нејзиниот наслов, Блаже Конески, упатува на уште едно „ново“ читање на македонската современа поезија, а оттука и нејзините корени – народната песна. Според него, не може да се пренебрегне фактот дека сиот овој простор – од крајниот Балкан до крајниот Ибер, пред сè, потпаднал под силно влијание на исламската цивилизација (пред тоа на големите империи Римската – Византија и Западното Царство). Така поврзани со невидлива медитеранска нишка, според Конески, се шпанската и македонската поезија, притоа секоја од нив задржувајќи ги белезите на својата територија. Во тој контекст, Блаже Конески, посебно се осврнува на влијанието на Лорка и неговата поезија, па оттука на шпанската книжевност воопшто.

Ако се фати бегол поглед врз шпанската поезија до појавата на Лорка, за разлика од македонската, таа во својата книжевна историја запишува поголем број поети. Но, ако тој поглед, како што и би бил редот, првично се задржи на народната поезија, македонската народна песна не само што го држи чекорот со шпанската туку, без лажна скромност, можеме да кажеме и дека ја натпејува.

Но, овој текст нема намера да биде натпревар меѓу шпанската и македонската поезија, туку напротив, да укаже на интер и на мултикултуралноста на еден книжевен род. Затоа, она што се Маврите во шпанската народна песна, тоа е Црна Арапина во македонската народна песна. Шпанските народни песни од “Канционерот” ги инспирираат шпанските поети до денес.

Богатата македонска песна собрана од Миладиновци, Цепенков и Шапкарев не заостанува воопшто во тој поглед. Заеднички се баладите, тажаленките, броениците... Повторувањето, градацијата, хиперболата, персонификацијата се општи карактеристики и на двете народни поезии, што она медитеранското вткаено кај Хомер ја продолжува својата нишка и во современата поезија. Кај Шпанците од барокниот Горгола до авторите на златната генерација 27, за нас особено се интересни Федерико Гарсија Лорка и Рафаел Алберти, а кај нас, според Блаже Конески, тоа е Петре М. Андреевски.

Преминот од колективна во индивидуална поезија е обусловен од општествено-политичките околности. Можеби тука треба да го бараме „виновникот", зашто Блаже Конески зборува за влијанието на шпанската поезија и на Лорка во македонската современа поезија, а не обратно. Впрочем, Лорка е веќе одамна мртов кога неговите песни, односно нивниот дух талкајќи од Иберот низ Медитеранот се „смирува" во срцевината на Балканот. И секако, тоа не ќе било можно ако македонската поезија не била податлива почва, а била токму поради тој широк и разбрануван медитерански простор, односно сфера што има ист ритам на шумот на лисјата, истите славеи на гранка, којшто има убави жени со црни коси (макар биле и неверни), пространства вода (море, реки, езеро) и истите залези на Сонцето. Овие и ред други мотиви во богатото творештво на Лорка не треба да се бараат во збирките на нашите поети. Тие сами се „нудат", особено кај Јонче Котески, Петре М. Андреевски на кои посочува и Конески, но би додале и Матеја Матевски, Влада Урошевиќ и други.

Оваа статија на Блаже Конески е пишувана во 1980 како реферат на Симпозиумот на тема: „Современата македонска поезија"одржан во мај истата година во Италија. Тој се задржува на поезијата на овие автори до тој период. Но, видлив е континуитетот на медитеранското влијание на нивното подоцнежно творештво. Песната од Јонче Котески „Не за долго..." што Конески ја претставува во целост, датира од 1972 година („Сенки"). Како „лорковска" може да ја определи само добар познавач на неговото дело. Затоа што оваа песна го носи личниот печат на поезијата на Котески, што се менува, туку само го „засилува" мастилото и во песните пишувани на робија. Стеблата, коренот, ветриштата, зелената боја (на чојата), зорите, горите – зборови кои и само нафрлани надвор од стихови, ќе се поврзуваат со неговата поезија. Факт е дека ги има и кај Лорка.Факт е дека рефренското повторување го засилува ефектот (Ј.К.: не за долго), факт е дека „прстите немо шумат" го даваат тонот на песната. Таа сама се пее. Како и песните на Лорка. Во песната „Плодови" маслинките (еден од клучните зборови кај Лорка), калинките, глоговите, чемериката, пелинот и босилекот си имаат свои пандани кај Лорка, специфични за неговата Андалузија, а на поезијата на Котески ѝ даваат посебна автентичност и автохтоност. Песната „Вејкрпа" има почеток што личи како да е народна песна, но само дотука. На еротскиот набој во неа би му позавидел и Лорка.

Секако, кога се спомнува Лорка, во македонски рамки М.Матевски е име-

то што најмногу се поврзува со него. Тој е впрочем и најголемиот познавач и препејувач на неговото творештво. Погоре се спомнаа и неколку типични зборови што ги среќаваме и кај Матевски. Но, Матевски и Лорка ги поврзуваат и sвоната (Лорка: „Sвона“ – Некаде sвони.); и Циганите (Лорка: „Циганский ромасеро“ : Матевски: „Санаториумска балада“); и боите (Лорка: „Зелено, те љубам, зелено“ : Матевски: Румено. Румено. Румено.). Лорка го има својот „Поет во Њујорк“, Матевски својата „Ноќ во Њујорк“.

И Котески и Матески и Урошевиќ имаат песни низ кои се доловува широчината, длабочината и големината на, како што вели Блаже Конески, медитеранската сфера.

Стефан МАРКОВСКИ

Рационалистичките наспроти мистичките поимања на спознанието/созерцанието и човековото суштествување во византиската филозофија (Варлаам, Акиндин и Палама)

Учењето на Варлаам Калабриски VS мистицизмот на Григориј Палама и ренесансното поимање на „Божјата светлина“: дали навистина постои победник во дебатите за исихазмот?

Нема сомнеж дека појавата на личноста на Григориј Палама и неговите следбеници и кулминацијата, односно „триумфот“ на нивниот исихастички спор со Варлаам Калабриски и неговите ученици – Григориј Акиндин и Никифор Григора, резултирале со одредени парадигматски поместувања на сето она што денес го подразбираме како византиска филозофија. Впрочем, самиот исихастички спор централно тематизирајќи го прашањето за начинот и изворот на созерцанието, може да заклучиме дека спротивставувал 2 гледишта по однос на ова прашање: 1) *киновитското* – можноста за здобивање созерцание по пат на литургиско учество; и 2) *монашкото* – гледиштето на исихастите-пустиници, според кое созерцанието е прашање на индивидуален вознес во висините на духовноста по пат на воздржување од телесни страсти и молитвено тихување.

Според Варлаам, како мислител со ретки енциклопедиски и академски познавања, единствен пат на созерцанието како посебен облик на богопознание, едновремено вклучувајќи и себеспознание, е патот на разумот. За Варлаам Бог претставува синоним со вистината и таа може да се спознае исклучително како резултат на употребата на когнитивните капацитети, обвинувајќи ги паламистите за еретицизам сличен со оној на месалијанците (од кои Палама очигледно претрпел фундаментални влијанија), и карактеризирајќи ги оние коишто биле убедени дека остварале „контакт со Бог“ како необразовани и лековерни фанатици. Во концептуалните рамки на Варлаамовиот рационализам, аске-

тизмот на паламистите е чин којшто од строга спознајна гледна точка е целосно непотребен и апсурден, додека од еден поширок психолошки аспект – одвратен и дволичен, заради што во 1341 година поднел и официјална тужба на еден црковен собор, заедно со Акиндин, што не била потврдена; ова најверојатно задало определен удар врз Варлаамовото сфаќање за предноста на разумското над ирационалното, заради што тој се обврзал себеси, како резултат на она што го сметал за неправедна одлука на црквата, да ја напушти Византија и да се врати во Калабрија. Од друга страна, по смртта на императорот Андроник III, дебатите за вонредно контроверзната исихастичка идеологија дополнително се разгориле, а Палама бил осуден и затворен.

Сепак, во 1351 година паламизмот под релативно недоволно познати околности добил признание од страна на православната црква на таканаречените паламитски собори, набргу интегрирајќи се како едно од нејзините основни учења, а Палама, разбирливо, бил прогласен за светител. Во тој контекст, може да заклучиме дека логичката, рационалистичка методологија на Варлаам не предизвикала некои импресии врз епископите коишто, најверојатно оваа своја одлука ја втемелиле на стриктно политички темели.

Учењата на Палама, за разлика од оние на Варлаам, тешко дека би можеле да ги сметаме како оригинални; без оглед дали ќе ги определиме како комбинација од разни неоплатонистички сфаќања и христијански догми, или пак, како збир од внатрешно христијански отклонувања од изворните догми, тие секако се темелат на првобитниот исихазам неколку векови претходно, и тоа пред сè на мистичкиот апофатизам, според кој, Бог може да се спознае само по пат на мистичкото искуство за коешто иманентно е догматското, од сите можни третирања.

Тој, пак, за разлика од Варлаам, го толкувал разумот како средство за спознавање на светот, но не и како средство за спознавање на Бог, односно како метод за правилно толкување на божествените енергии и божествената суштина, како апартни аспекти на Бог.

Алегориите во (пала)мистичкото созерцание

Според Палама, постојат безброј (под)видови божествени енергии од кои, како најзначаен вид се издвојува т.н. *таворска енергија*, иста со таворската светлина што ја здогледале апостолите за време на „воскресението“, односно „преображението“ на Исус. Впрочем, еден од главните пунктуми во однос на којшто се водел исихастичкиот спор била природата на ваквата хипотетичка енергија: дали таа била создадена или не, и како/од што?

Во согласност со ad nauseam употребуваната исихастичка догма за истовремена иманентност и трансцендентност на Бог, едни од, ако не и најлогичните и најсистемски толкувања на Палама, влегле оние според кои Бог истовремено ги создал, односно одделил своите енергии, од една страна, додека од друга, тие останале во рамките на не-

говото совршено, неделиво постоење. Божјите енергии исто така се деливи и неделиви како ens causa sui причина и последица на сопственото постоење.

Прашање е каков егзактно е односот помеѓу *таворската светлина* (заедно или пак, без останатите божји енергии) и Светиот Дух во контекст на „одуховувањето“ на човекот, односно сплотувањето со божјите енергии. Меѓутоа, и покрај својата привидна контраверзност, постои сериозна основа за хипотетизирање дека оригиналното толкување на Палама било токму во насока што тие на своевиден начин би ги поистоветила, аналогно на начинот на кој Бог алегорично би бил поистоветен со Таткото, додека смртникот – со Синот.

Овој став, од една страна, би можеле да го аргументираме земајќи ја предвид трипартитната поделба на познанието кај Палама: 1) сетилното; 2) мисловното; и 3) интуитивното, преку кое, според тврдењата и „сведоштвата“ на паламистите, се достигнувало ваквото соединување на тринитарното во Едно.

Од друга страна, логично е да се прашаме што го натерало Григориј Палама да го воведе концептот за имманентноста и трансцендентната божја природа, којашто како таква е (само) предодредена да се обедини, колку што и да се разедини преку Човекот како „Бог во Бог“?

Што реално означува симболиката на Палама во изразот „Бог во Бог“?

Еден можен одговор би бил дека едноставно сакал да ја задржи конзистентноста во одговорите кон нападите од страна на Варлаам, а потоа и Акиндин, при што впрочем, овие ставови биле индуктивно изведени од првобитно искажаните за дуализмот меѓубожјата суштина и појава, додека од друга страна, би можело да се заклучи дека Палама, кој како и Варлаам, навистина добро ги познавал скриените алегории во христијанската доктрина, онаква каква што е приопштена во Светото Писмо, во духот на сфаќањето за ирационалистичкото (односно недостапно за разумот) објаснување за истовремената Едност и триделност на Бог, како, на извесен начин, тврдење што целото христијанство му се наметнало од политеизмот по Никејските Собори, настојувал да го избегне објаснението за таворската светлина како знак токму заради веќе воспоставената исихастичка практика што лично сакал да ја продолжи и своевидно да ја возобнови.

Во таа насока, учењата на Палама пред сè би требало да ги анализираме во контекст на неговата општа приклонетост кон традиционализам и мисијата за заживување на некогаш распространетата исихастичка монашка, молитвеничка традиција.

Значи, ако го набљудуваме паламизмот од оваа гледна точка, имајќи предвид неколку претходни спротивставености во теолошките предлошки на православното христијанство што резултирале со едностраниприфаќања на едните учења за сметка на целосните отфрлања на други (како што е на пример, случај со иконоборско-иконофилските соочувања), разбирливо е, се чини, зошто паламизмот во овој период како учење бил поприфатлив за официјалната Црква од релативно порационалистички заснованиот пристап на Варлаам и Акиндин.

Молкот и молитвата во исихастичката традиција

За Палама од фундаментална важност било рецитирањето на Исусовата молитва („Господе Исусе Христе, помилуј ме мене грешниот“, што се рецитирало неколку стотици пати со внимателна контрола над срцевиот и ритмот на дишењето, кои се тежнеело да се совпаднат), додека во рамките на своите спорови, најчесто во целост одбегнувал да понуди логички засновани, и наместо нив, претежно избирајќи апсурдни, но „мистички“ „валидни“ „аргументации“, свртувајќи го вниманието кон формата на изложување на ставовите.

Паламистите во духот на своето застапување на молитвата како метод за воспоставување „комуникација со Бог“ ставовите ги „аргументирале“ користејќи парадоксални, поетски форми на изразување; исти какви што сметале дека би требало да се користат при инкантациите на Бог, при што за „комуникациите“ со „Него“ е потребна, според нив, „светост“ – единствениот антропоспецифичен вид духовност.

Целта на молчењето, пак, не е толку насочена кон постигнување на екстазата колку кон самата себепурификација, делувајќи како своевидна потпора за духовната катарза остварена преку магичните зборови на молитвата. Тоа траело не само во паузите меѓу молитвите, туку се одржувало како принцип во складност со целокупниот животен стил на монасите, кои или настојувале да го користат говорот што е можно помалку, или пак, воопшто да не го употребуваат по ниедна цена (таков е случајот и денес со некои ретки христијански деноминации, како на пример Картузијанството).

Искушувањето преку неговорење на еден интересен начин воопштено ги доловува искушувањата на подвижничкиот живот. Ако најчести предели за монасите биле некои целосно напуштени простори, како на пример, пустините, така најчеста состојба на говорот било неговото отсуство. Ваквата „филозофија на молкот“, потсетувајќи на кинескиот Чан или стоичката идеја за прочистување, може да се каже дека соодветно го доловува „отсуството на живот“, односно карактеристиките на животот, на кој своеволно овие лица се изложувале.

Антрополошките толкувања на егзистенцијалните причини за „одуховувачките“ воспевања на Бог/себеси како што е случај со молитвите, псалмите, мантрите (во индиската традиција) и сл., се движат во двете добро познати клучни насоки: 1) во насока на објаснување на нивниот дијахронизам во контекст на степенот на цивилизацискиот развој; и 2) во насока на објаснување на нивното трансисториско преземање меѓу културите (како еден вид „патувачки практики“, аналогни на секоја друга размена на богатства и услуги, односно техниките во согласност со коишто се создаваат). Одовде, како што е тоа досега релативно солидно проучено во рамките на оваа интердисциплинарна област, не гледаме сериозни причини зошто молитвата не би требало да се сфати како практика и треба да се објасни на начин, односно со метод

поинаков од споменатите два, односно „идеалната синтеза“ што произлегува од нивната комплементарност. Верувањето во магичноста на изречените зборови се одржало од самите мугри на цивилизацијата, понирајќи низ целокупната христијанска традиција до исихастите, кои, сепак, не можеме да одречеме дека вовеле одредени новитети што не треба да се занемарат (како клучни можеме да ги спомнеме индивидуалниот подвижнички и аскетски живот како масовна религиска практика, различното поимање на апатијата, гносеологизмот на Агапи и тн.).

Созерцанието како предизвик за логичко опојмување на материјалниот свет кај Григориј Акиндин

Како што сугерира и Крумбахер во „Историја на византиската филозофија“, мошне веројатно е дека едно од своите најзначајни дела, „За суштината и енергијата“, Акиндин го напишал под мошне големо влијание на Тома Аквински (и други, помалку значајни во тој контекст, западни схоластичари), особено неговата *Summa contra gentiles*. Многу византолози, пак, сметаат дека ова дело и воопшто не е негово автентично. Како и да е, во него, заедно со необјавените „Приговори против најлошите Паламини ереси“ се изнесени некои од клучните ставови што Акиндин ги застапувал во рамките на исихастичкиот спор, а коишто ќе се покажат како опасни во однос на одржувањето на мистификацијата на христијанската догма за истовремената иманентност и трансцендентност на Бог, заради што потоа, заедно со патријархот Калекас ќе му биде одземен свештеничкиот чин, ќе биде екскомунициран, и како врв на хистеријата на официјалната Црква, ќе му биде изречено проклетство.

Според Акиндин, единствено разумот може да ја воспостави врската меѓу човек и Бог, односно неговата енергија – негова суштина и носител на неговата совршена неделивост. Овој разум е во целост заснован на Аристотеловата силогистика, пребродувајќи ги во когнитивен поглед слабостите на официјалните црковни доктрини за трансцендентната Божја природа.

Следствено, ниту таворската, ниту каква било поинаква енергија би можела да биде одговорна за воспоставувањето на оваа врска; според тоа, светлината која што ја забележале апостолите, не била на ниту еден начин поразлична од сончевата светлина, што се однесува до својот материјален склоп. Таа е резултат на креација, а самата по себе не би можела да биде одговорна за креацијата на што било друго. Како доказ за ова, според него, послужува фактот дека сè што се перципира преку сетилото за вид е создадено и не е божествено.

Етиката, според Акиндин, не е доведена во директни врски со човековите сознанија за природата на ствариte, утврдена стриктно по пат на опити.

Неразделноста меѓу теологијата и филозофијата во мистичката традиција

Ако се обидеме да изнесеме заклучоци за тоа дали и колку византиската филозофија може да се поистовети со христијанската теологија, нашиот одговор најпрвин би зависел од самото дефинирање на филозофијата и теологијата. Дали всушност, теологијата не е само една од нејзините гранки, или пак, е целосно одделена, сама за себе дисциплина, како што тоа е случај со толкувањата во православието до денес. Сепак, очигледно е дека дефинирањето и на едниот и на другиот начин мора да го подразбере, во поширок контекст, испреплетувањето меѓу филозофијата и теологијата до степен до кој што е речиси невозможно со некоја арбитрарна прецизност да ги повлечеме дистинктивните граници. Заробеноста во магичниот круг на оправдувањето на премисата „Бог (Исус Христос) постои и влијае на начинот прикажан во Светото Писмо“. Всушност, од очигледни причини се покажала како неуспешна во филозофски контекст, издвојувајќи навистина мал број позначајни фигури од целата византиска филозофија, што не е ексклузивна карактеристика за византиската, туку и за целокупната средновековна европска (а исто така и блискоисточна) филозофија.

Крајните логички контрадикции во самото „Свето Писмо“ по стотици прашања, доведувајќи до низа различни можности за толкување, од една страна овозможиле борба на идеи, што навидум, изгледала рамноправна, додека во политичката сфера прикриено се донесувале клучните одлуки за реформацијата на очајниот догматизам.

Сосема реално е гледиштето како во рановизантиската, така и во доцновизантиската теологија, одлуките за промена на определени ставови зависеле не од интелектуалниот, туку од владејачкиот слој во рамки на свештенството, но и во световната власт, додека критички настроените умови што не се помирувале лесно со таквата ситуација, на најсурови начини биле оттргнувани од свештеничкиот живот, за што, на пример, сведочи повлекувањето на Јован Дамаскин во ерусалимскиот манастир „Свети Сава“, прогонети од него – како што доживеале Григориј Акиндин и патријархот Калекас, или пак, за малку избегнале трагичен крај, како резултат на роднински и пријателски врски во високото свештенство, како што било случај со угледот на Григориј Ниски.

Од друга страна, филозофските расправи со сè побројните „ереси“, како оригенизмот, аријанството, аномејството, манихејството и др., што уследиле по оние со приврзаниците на религиите постари од христијанството, ја оддале нивната „наменска страна“ во политичко-правните импликации при самиот чин на насилна христијанизација на населението, односно прогонот на нехристијанско население и убиствата на недолжните цивили-припадници на поинакви религии, како што било случај и за време на Крстоносните војни.

Сето ова во рамки на далеку поригорозното во општествен контекст, западно христијанство, резултирало со

негово конечно реформирање со појавата на протестантското учење, додека во источното со негово натамошно формализирање и сведување на прост ритуал, впрочем, како што било случај и со паганските традиции претходно и натамошно проретчување на и онака ретките, искрени „трагачи по Божјите вистини“ како што биле истихастите-анахорети.

Библиографија:

1. В. Татакис, *Историја на византиската филозофија*, Култура, Скопје, 1998.
2. K. Krumbacher, *Geschlihte der Bizantinischen literatur*, München, 1897.
3. G. Palamas, *Dèfense des Saintes Hesyhastes*, Louvain, 1973.

Милица ДИМИТРИЈОВСКА -РАДЕВСКА

„Лов на елени“ од Васил Тоциновски како симбол на духовна преродба на книжевните истрајувања на зборот низ времето и просторот

Кај Келтите еленот е симбол на преродба. Еленот со неговата грациозна форма, во традицијата на Келтите се поврзува со уметностите, особено со поезијата и музиката. Келтите верувале и во неговата поврзаност со самовилското царство и во веројатноста да ги однесат до нив и секогаш кога ќе забележале елен во шумата, скршнувале од патот и го следеле. Тој ги симболизирал љубовта, мирот, скромноста, креативноста, духовноста, грижата, зората, месечината и слично. Во овој случај „Лов(от) на елени“ од Васил Тоциновски е продолжување на неговата потрага од книгата „Предвесници“, односно откривање на тоа духовно царство не само на нашиот деветнаесетти век, туку и откривање на духовните волшепства на зборот, времето и просторот во духовната традиција на Македонија. На тој пат на кој, пред авторот се испречиле многу искушенија, многу колебања за тоа од каде проблеснува светилото на вистината. Во промислата постојано како да одзвонуваат беседите на доктор Константин Тренчев „Копнете во македонската душа и во македонската земја, нурнете подлабоко и ќе го слушнете нејзиниот глас!“. Тој глас во духот на еден Жинзифов кој постојано нè повикува - „Стани, земи остен в раце, работи Ти ден и ноќ, со пот, истреби трње, исчисти троскот, изорај бесплодна нива да даде плод“ - се чини е кодот, низ којшто треба да ги исчитаме записите во книгата „Лов на елени“ од Васил Тоциновски.

Уште во првиот текст за „Македонскиот влог во хрватската книжевна традиција“, Васил Тоциновски како и многу пати претходно, ја потенцира врската со Хрватска и културно-книжевните релации во втората половина на 19 век и почетокот на 20 век низ примерите на трите книги: Зборникот на браќата Миладиновци (1861, Загреб), книгата „Македонија или гласот на робот“ од Георги Капчев (1898, Загреб) и стихозбирката „Бели мугри“ од Кочо Рацин (1939, Самобор). За Тоциновски овие книги се непорекливи аргументи за нејзината самобитност, непокор, историја и традиција,

јазик, култура и вера. Секако, покрај името на Јосип Јурий Штросамер којшто го овозможил појавувањето на Зборникот на Миладиновци, импозантен е бројот на хрватски интелектуалци од тоа време коишто се јавуваат не само како претплатници на Зборникот, туку и како афирматори и промотори на македонската култура во Хрватска. Но, истовремено укажува и на луѓето како Георги Капчев, Македонец по потекло, којшто ја развил неговата книжевна и пропагандна дејност во периодот на 1898 и 1899 година во Загреб, кога го издавал весникот „Македонија" и ја објавил книгата „Македонија или гласот на робот". Автентичните истражувања на Винко Цециќ, со архивска документација од 1898 и 1899 година, точно покажуваат дека од весникот *Македонија* излегле три броја. Пишувајќи за книжевната и пропагандната работа на македонскиот револуционер Георги Капчев, Горан Калоѓера подвлекува: „Za pretpostaviti je da je Karčevljeva propagandna djelatnost u Hrvatskoj ipak potaknula temeljitije i dublje promišljanje makedonskog pitanja u Hrvata, kojima su još uvijek bila svježa sjećanja na 1861 godinu i objavljivanje Zbornika braće Miladinov u Jakićevoj zagrebačkoj tiskari. Georgij Kapčev, publicist, pravnik i politički djelatnik, predstavnik je one grupacije makedonskih intelektualaca koji su uglavnom izvan teritorije turske drħave zagovarali makedonske interese pred svjetskom javnošću". Тука, како и во другите текстови, Васил Тоциновски ги користи автентичните документи за да ја ослободи вистината од какви било контексти и произволни интерпретации.

И секако, појавата на „Бели мугри" на Рацин, Тоциновски ја доведува во врска со релациите и контактите на Кочо Рацин со хрватските интелектуалци и писатели како што се: Огнен Прица, Јуре Каштелан, Драго Иванишевиќ, Оскар Давичо, Отокар Кершовани и други. Во тој поглед впечатливо е и првото аналитичко проследување на стихозбирката од страна на Иво Козарчанин, кој забележува дека: Mala zbirka makedonskih pjesama K. Racina "Beli mugri" ("Bijela praskozorja") ima u sebi toliko tople, osebujne lirike, inspirirane nesumnjivo na makedonskoj narodnoj poeziji, toliko jednostavne, duboke emocije, ljudske gorke boli i srca, da to izdvaja ovu knjiħicu formalno nesavršenih i često posve nevještih stihova iz kruga lirskih zbirki, kojima su poplavljeni knjiħarski izlozi. Socijalni protest povezuje Racin s narodnim melosom, pa to daje njegovim pjesmama karakter kolektivnog revolta u kojemu Racin traħi i nalazi svoj izraz.

Несомнено, пораката и усилбите на авторот Васил Тоциновски се во насока дека никогаш не става точка на неговите истражувања, секогаш остава простор за да пронајде нешто ново, да се протолкува секој творечки напор во нова светлина. Тоа е единствената вистина кон којашто сите треба да се стремиме. Дека е така зборуваат и текстовите за Андреа и Константин Петковић, иако и во книгата „Предвесници", претходно даде свој влог. Тие се нови откритија, нови зраци светлина за животот на Константин Петковић од неговиот дубровнички период, за дипломатските бејрутски години, за годините на дипломатска работа на Андреа Петковић во Риека и неговите релации и контакти со црногорското кралско семејство од 1889 година.

„Зборот, времето и просторот“ е есеј во којшто ја остварува врската на македонскиот 19 век со книжевните зачетоци и проблесоци на 20 век. *Книжевната историја треба да живее во трите времиња на Историјата што Фернад Бродел ги разликува како:* ***долгото траење****, дури и* ***повеќевековно*** *(ама не и* ***трансвековно****), потоа, средното време,* ***генерациско*** *(појава на поколение што може да се определи со изразите за заедничка* ***форма ментис****, за заедница на идеите, на читања, на естетски, идеолошки препораки, толку значајни за определени книжевности, на пример, иберискаta или иберо-американ-ските) и, на крајот, кусото време, времето на настаноt што го проникнува, го вчудовидува книжевниот простор.* За Тоциновски формата ментис има извонреден пример во ликот и делото на блескотното поглавје во македонската литература во рамките на Македонскиот литературен кружок во Софија (1938 – 1941). Тие автори се образуваат и создаваат на туѓ јазик, но со една единствена тема и промисла - Македонија. Во таа смисла, Тоциновски го истакнува размислувањето на Вапцаров за стремежот да се создава своја сопствена национална македонска литература во своја сопствена држава: „*Не затоа дека треба здраво да се расчистат сите објективни и субјективни претпоставки, туку чинам, за нас, како Македонци коишто пишуваат, ни е неопходна една прва емоционална сила, што треба да ни ја раздвижи крвта, да ни раздвижи емоционално многу претопени чувства, многу спомени и да нè врати на местото на нашата предназначеност“.*

Според Гане Тодоровски „Случајот посака, во Вапцаровиот пример да ја добиеме таа прекрасна симбиоза помеѓу уметноста и моралот, помеѓу националното и социјалното одредување, помеѓу интернационалниот алтруизам и интимната човечка исповед, помеѓу општествената функција на поетскиот збор и неизбежноста да се пее“.

Покрај името на Вапцаров, Тоциновски ги именува и Асен Шурдов-Ведров со циклусот од три песни *Вера, Надеж* и *Љубов како* даден вредносен пример за идеолошките препораки за ментисот, но и имињата на Коле Неделковски, Антон Попов, Венко Марковски. Но, зборот, времето и просторот во тој низ ги поврзува и судбините на авторите Ганчо Хаџи Панзов и Стојан Христов којшто и самиот за себе ќе забележи*: „**Ние сме Македонци по раѓање, Американци по избор... Ние сме усвоени синови и ќерки на Америка, но Македонија е нашата природна мајка и ние не можеме да ја заборавиме. Сакајќи ја Америка и должејќи ѝ ја првата верност, ние би биле безвредни синови и ќерки на Америка ако немаме љубов во нагшите срца за почвата што нè хранеше во нашето детство, за јазикот што го зборувавме како деца и што не го заборавивме“**.

Рацин за авторот Тоциновски е посебна верба, љубов и страст. Низ есеите „Вљубениот Рацин“ и „Рацин - два брега и две стрмнини“, споделува нови страници од животот и творештвото на Рацин. Пеејќи за љубовта како идеал, совршенство и утопија, Рацин својата верност и љубов во одредено време им ги дарува на Невенка Вујиќ, Румена Хаџи Панзова и Малина Поп Иванова. Стихозбирка *Антологија на болката* Кочо Рацин ја создавал во

текот на 1928 и 1929 година. Стиховите во картичката од 6 октомври 1928 година, *Го земам твоето име како мое, и затоа ти подарувам бесмртност., стануваат не само негова себеидентификација со името на Рахилка Фирфова, туку и како што забележува Атанас Вангелов*: *„Напишана и остварена во доменот на други (туѓи) јазички системи, оваа лирика го усвојува во неговите општи видови поетолошкиот речник на експресионизмот, но не успева во една убедлива мера да го изложи низ него сопствениот, личен, индивидуален аспект". Во продолжение Тоциновски дава исцрпна анализа на песните од* Стихозбирка *Антологија на болката, не* само преку мотивските параметри, туку и нѐ води низ естетско-поетолошките признаци на оваа поезија. Таа љубовта, како инспиративно јадро, како зародиш на Убавината, на Универзумот, на слободата нашле свој одраз во романот на Јордан Леов, Антологија на болката и во поетските записи на Ката Мисиркова-Руменова, Малина Поп Иванова. И затоа, кон крајот на овој поетолошки есеј, Тоциновски ќе констатира: „Жената е голема и света љубов. Возвишена и неповторлива како што е тоа љубовта кон човекот, животот и светот. Атомот на Рациновата болка во филозофијата секој миг да се чувствува и да се живее полнокрвно, полнозначно се остварувал и во неговиот однос кон жената. За неа размислувал и пишувал песни, раскази, есеи и публицистички текстови".

Исчитувајќи го во неколку наврати овој есеј, не можев да се ослободам од чувството дека тука низ љубовта на авторот Тоциновски кон Рацин, низ неговото човечко почитување кон делото и творештвото на Рацин, сѐ додадено, допишано би било осквернување на чистата мисла што како благослов воскреснува од секој збор, од секоја воздишка, од секое треперење, од секое рационално доживување на личноста Рацин. Тоа несомнено е препознатливо и во следниот есеј за Рацин „Рацин - два брега и две стрмнини". За авторот личноста и делото на Рацин се своевидна синтеза на македонствувањето. Равенство се на традицијата и на континуитетот во македонската книжевност. Тоа го илустрира со стиховите на Гане Тодоровски: - *Ги учеше, им велеше во мракот ним, / Тој, светлозборецот наш, Рацин, / Вашето си е ваше, но ако земете / Рано-рано да се крстите, / Повтете да го чините тоа / Кога по небото се распослани / Белите мугри македонски, / Бидејќи токму тогаш / Имаат сила молитвите!*

Всушност, Васил Тоциновски обележува еден нов простор во исчитувањето на поетот Рацин како инспиративен вруток за поетите. Тргнувајќи од првиот избор во 1998 година, *Поетите за Рацин, во* издание на Друштвото за наука и уметност од Велес, авторот забележува дека ова е една нова, оригинална и поинаква во суштина лирска биографија што не се содржи во ниту една друга книга за него. Поетите Гане Тодоорвски, Цане Андреевски, Христо Петресќи, Петре Бакевски, Радован П. Цветковски, Ивица Максимовски, Павел Боржуков, Васил Дрвошанов, Мирослава Спировска, Тихо Најдовски, Славчо Ковиловски, Ката Мисиркова-Руменова, Димо Н. Димчев, Добре Тодоровски, Иљаз Шабан, Никола Алтиев, Љубомир Груевски, Тодор Чаловски, Душко На-

невски, Благица Дафовска и други, во своите духовни посланија за човекот, кој во своето срце градеше праведен свет, ја потврдија оргиналноста и посебноста на неговата поезија, но го искамчија и заветот за тежината на зборот, за одговорноста на поетот и поезијата пред себеси и светот на кој припаѓаат.

Васил Тоциновски, нѐ потсетува и на неговиот монографски труд „Тројцата кружочници“ во издание на “Култура” и Институт за македонска литература на Филолошкиот факултет *Блаже Конески*,Скопје, 1998, каде што е проследен животниот пат на Ѓорги Абаџиев, Асен Шурдов-Ведров и Антон Великов-Беломорски, како дел од Македонскиот литературен кружок во Софија (1938- 1941). Песните од Ведров: *Надеж, Писмо, Одговор, Беба* и *Коледе во село,* за првпат се објавени во битолското списание *Развиток* со кратка библиографска белешка, во препев на македонски јазик. Тоциновски токму низ анализата на скромните поетски записи за љубовта, човекот, достоинството се обидел да засведочи за местото на овој наш откорнатик во историскиот развиток на македонската литература.

За равенството Мирослав Крлежа и Блаже Конески,Тоциновски ги користи искуствата и документите од книгата на Огнен Бојаџиски, „Крлежа и Македонија“. Низ страниците на оваа книга, забележани се повеќе сведоштва за Крлежа и неговиот однос не само кон Македонија, туку и воопшто кон македонската култура и литература. Тука особено се потенцирани релациите на равенството Крлежа-Конески, нивните визионерски размислувања за развојот на секоја национална култура. Во тој однос од мноштвото документи би илустрирале за преписката помеѓу Крлежа и Конески за идејата за печатење посебни изданија на енциклопедијата на македонски и на словенечки јазик, како и на српски јазик со кирилично писмо. Ваквата идеја е највозвишеното признание за Крлежа како енциклопедист. Со писмо од Загреб, на 30 јануари 1968 година, му се обраќа на својот долгогодишен пријател и соработник: *Dragi moj Koneski... Sama ideja, dragi moj Koneski, da bismo doista pristupili organizaciji štampanja i izdanja makedonske encklopedije mislim, po svemu, da je aktuelna, i ona bi trebala da bude varijanta naše Opće enciklopedije, jer bi se taj posao svršio relativno brzo, po liniji najmanjeg tehničkog otpora. U takvom slučaju, dakako, trebalobi organizirati u okviru naše redakcije specijalnu makedonsku redakciju (kao što smo to učinili i u okviru Enciklopedije Jugoslavije). Makedonska redakcija trebala bi da vodi kontrolu nad prevoĐenjem tih tekstova iz svih potrebnih makedonskih aspekata sa eventualnom dopunom i proširenjem nekih tema iz same makedonske problematike, a sama masa enciklopedijskog teksta kakav jeste mogla bi ostati*. Коресподенцијата меѓу Мирослав Крлежа и Блаже Конески опфаќа период од шеснаесет години, почнувајќи од 1952 до 1968 година, што секако е предмет на една поширока анализа.

Во оваа студиозна книга „Лов на елени“ на Васил Тоциновски се издвојува есејот за поетските судбини на две поетеси - Анка Призмиќ - Шеге и Даница Ручигај. Овој есеј сам за себе ги дефинира естетските и етичките вредности на уметноста. Иако и двете поетеси зад себе оставиле скромно поетско творешто, само по две збирки поезија, тие

со нивната оригиналност и посебност, со нивната авангардност во контекст на времето на коешто припаѓаат, ја потврдиле апсолутната вистина за уметноста и уметникот. „Песната како писмо на мислата и на чувствата беспоговорно ја бара искреноста. Таа не трпи лага, заобиколувања, интриги"- забележува Тоциновски. Тоа недвосмислено се открива низ крикот на двете поетеси, или како што пее Ручигај: „*Сакав едноставно да го доживувам сè она што се случува меѓу луѓето отсекогаш*". Авторот Васил Тоциновски во овој есеј успеал уметноста да ја извлече од животот. Низ синтагмата дека во опстојувањето нема случајности, покажал на нему својствен начин дека слободната волја и ум дадени од бога во творештвото на Шеге и Ручигај, имплицираат енергија преточена во стихови, саморазголување на најскришните честички на душата. Низ предзнакот на авангардноста, Тоциновски во поетското писмо на Призмиќ Шеге и на Ручигај открива суштествување на една посебна *длабока вистина*. „Во нивниот спев таа добива автохтона димензија и станува знак на равенство меѓу жената и поетесата". Оттука за да даде секој од нас каков и да е суд за паралелите што ги направил Тоциновски во однос на двете поетеси, секако првенствено треба да ги исчитаат нивните поетски копнежи, болки, соништа, немири и очекувања што имаат заеднички именител - љубовта низ сите нејзини манифестации. Па, затоа благодарноста до авторот пред сè се однесува на неговиот продлабочен обид и опит да сведочи за две ретки големини во македонската и хрватска литература.

Во традицијата на една национална литература каква што е македонската литература, името и делото на Ѓакомо Скоти претставуваат вредност, нишката што ги поврзува световите, јазиците и културите. Низ неговите најрани преводи и записи за развојот на македонската култура и литература, Скоти според Тоциновски ги бара тенденциите и нејзините индивидуални можности и перспективи. Потврда за тоа е неговата прва *Антологија на македонската поезија од 1965 година*, којашто се појавува во време кога современата македонска поезија се открива и именува како *светско чудо*. *Антологијата на македонската поезија* претставува своевидна лирска историја на македонската усна и уметничка поетска реч. Ѓакомо Скоти препеал и превел поетски книги од: Кочо Рацин, Славко Јаневски, Блаже Конески, Матеја Матевски, Анте Поповски, Петре Бакевски, како и романи од Борис Вишински и Божин Павловски. Значи, освен оваа *Антологија* како резултат на неуморните истражувања, Скоти во 1967 година објавува *Избор на македонски раскажувачи*. Она што останало нешто недоречено во првата антологија и секако од немерливата љубов кон безимениот гениј на македонската усна книжевност, Скоти тоа го афирмира во Македонски народни песни од средниот век до денес. Како ретко кој преведувач и проследувач на македонското творештво, Скоти успева со особено чувство за мерка и дистанца да ги афирмира македонската култура, јазикот и писменоста од светите браќа Кирил и Методиј, па сè до современите македонски автори и тенденции.

Во есејот „Современиот македоски расказ", Тоциновски ги проследува развојните тенденции на македонската

белетристика, почнувајќи од првите записи на македонските просветители Крчоски, Пејчиновиќ, па сè до состојбите во современата македонска литература. На едно место, јасно и концизно, без заобиколувања, се редат имињата на сите македонски автори кои, низ краткиот епски жанр-расказот, ја вообличиле стварноста на своето време.

Последниот труд во оваа книга, којшто е најобемен, е есејот „Ракописното книжевно наследство на Константин Тренчев“. Тоциновски низ записите на книгата на Оливера Тренчева *Македонија – незгасната желба во време без надеж,* издадена од “Македонска реч”, Скопје, 2012 година, се обидува да ги издвои моментите од библиографските записи низ кои може да се проследат книжевните обиди на Константин Тренчев како дел од историјата на македонската култура и литература. Фрагментите во спомените на Константин Тренчев низ импресивни слики ги откриваат бесмисленоста и минливоста, парадоксалноста и апсурдноста на егзистенцијата. Но, исто така тие претставуваат мотив и поттик на авторот за дел од неговите творечки обиди. Несомнено, секоја страница од животот на Тренчев е приказна за судбината на човекот исправен пред историјата и своето време.

Овие забелешки за книгата „Лов на елени“ од Васил Тоциновски не се ништо друго, освен импресија од исчитувањето на нови, неоткриени страници од македонската историја, од развојот на македонската култура и литература. Сосема скромно самиот автор нагласува дека секој од нас го има долгот кон јазикот и зборот, како свест за себе и својата егзистенција. Каков избор ќе направиме, на кој начин ќе се посветиме на животот и што ќе испишеме тоа е друга страница, друг опит, но во сето тоа мора да има етичка димензија на чест и достоинство.

Борче ГРОЗДАНОВ

И ние наш Шекспир за игра имаме! . . . . . .

Кон праизведбата на пиесата ” Царот Владислав” од дебитантот Борис Јанков, во режија на маестро Бранко Ставрев, а во продукција на НУЦК “Антон Панов” од Струмица

Дека зборот е тесто од кое се меси сонот и дека од него и за него универзално сè потекнува, доказ е моќта со која авторот Борис Јанков ја сочинил пиесата ” Царот Владислав” чијашто праизведба ја видовме неодамна (на 23 ноември), на сцената на НУЦК “Антон Панов” од Струмица. Дека нашиот јазик е пребогат и не само со знаковна и семантичка идеја и моќ и дека метриката и убавината на Шекспировиот стих, убаво звучи и е прекрасна мелодија и на автохтон македонски јазик и авторство, се докажа со инсценацијата на делото на Јанков, кој тука и сега во Македонија, денешно, Шекспировски, ни докажа дека Уметноста, актерот Скомрах и ”празната” сцена имаат чудесно дејство...

На тоа дејство кумуваше и диригентската палка на маестро Бранко Ставрев, чијашто режија и сценографски решенија уште еднаш ни потврдија дека за добра претстава се доволни само сцената и актерот и тоа лишени од секакви додатоци, наддатоци, предатоци...

Живиот организам создаден од 13 актери пулсираше, додавајќи и наддавајќи и дел од себеси, но и дел од сонот насочен кон публиката за да потврди дека братоубиството и пролеаната крв ниту завршиле, ниту ќе се завршат... Инаку, ова го осознавме од алчноста на царицата Марија, алијас Оливера Аризанова, којашто царува преку крв, обземајќи го несиугрниот Владислав или Стојан Велков-Трн, кој верата во Бога ја претвора во неверство кон сопствената крв, пред сè убивајќи го својот братучед кнезот Гаврил, за да дојде до престолот во кој, кутриот не го собира... Аризанова и Велков-Трн постилајќи ја секој својата психофизичка моќ и тоа како контрапунктови на перцепција на власта, ни понудија интересен актерски светоглед, а истото важи и за проневерениот Коста Ангов или пак Кнезот Гаврил... Царицата Ирена на Ангелина Тренчева-Ангелова импонираше со смиреност, преку којашто успешно се справуваше со метриката на стихот, сотворена од инвентивниот автор Јанков, сето свое искуство за да покаже дека актерот може скоро речиси сè, го искористи Бранко Бенинов како патријархот Давид, кој во име на верата се случи со неверство и пролева крв, искуствено слична #слика#

имаме и од Ванчо Мелев, како епископот Данаил, иако тој е другата страна на огледалото и медалот, Богомил, кој ја има верата, како етички кодекс и начин на живот, па и смрт. Освен овие носечки столбови на крвавата сага за Царот Владислав и неговата слепа алчност, свој придонес даваат и Ванчо Крстевски, како војводата Богдан, Кире Ѓоргиев со испосникот Стефан, Тинка Ристеска, којашто преку повеќе ликови е дел од живиот организам наречен пиеса/претстава, а посебно импонира и освежува како маќепсницата, кнегињата Косара, или Анкица Бенинова, којашто во дејствието без застој, со редуциран хорски израз, владее како наратор или церемонијал мајстор, на не така розовата и убава приказна, Ален Нанов, кој "епизодно" својот цар Владимир го отсликува со стаменост и незбунетост, дури и во смртта, а надополна на целината се дрварот на Томе Ментинов и Васе Христов како тапанарот...

Значајна црта и дополнување се и изборот на музиката на маестро Ставрев, знаковно бележитите костими на Елена Дончева (надополнети со идејата за црнилата на нашите собитија, секако по идеја на режисерот), како и потенцијалното одбележување преку играта на светлото и мракот, за кој виновници се Димче Спасевски и Никола Илков. Секако дека праизведбата на "Царот Владислав" понуди едно тетарско четиво, преку кое моќта на историјата, зборот и сонот ни ја отсликуваат и моменталната, наша, не така розова денешна стварност!

Во оваа смисла, честитки за ансамблот на НУЦК – театарот "Антон Панов" од Струмица!

Васко МАГЛЕШОВ

„Граници, дождови„
содржински ферментиран и невозбудлив

Времетраење: 93 минути

Држава: Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Велика Британија, Шведска

Режија и сценарио: Никола Мијовиќ и Властимир Сударр

Директор на фотографија: Милош Јаќимовиќ

Улоги: Кристина Стевовиќ, Вахидин Прелиќ, Роберт Будак...

Тажењето на погрешен гроб во малото црногорско село е комична ситуација која, уште во првичните сцени од филмот, навестува дека наративот на „Граници, дождови“ ќе бидат границите. Темата на другоста природно е вградена во балканскиот географски ареал. Филмот на Никола Мијовиќ и Властимир Сударр ја екранизира познатата и експлоатирана приказна за културата на двоен генитив и на обидите за семејно и интимно зближување по распадот на Југославија. Настрана фактот што е пречесто тематски апсолвиран, оваа црногорско-босанска копродукција пропушти да прикаже нов заводлив ракурс на скицирање на личните приказни и колективните архетипи во филмот.

Оваа веќе ферментирана гранична приказна уште еднаш ја потврди познатата флоскула дека колективните политички тетоважи без оригинален авторски печат, особено сценариски, се неинвентивен и здодевен филмски зафат, којшто е предвидлив и невозбудлив.

„Граници, дождови“ е 90-минутна приказна за границата меѓу три држави сфатена како топоним на разделбата и на обидите за блискост. Две разделени семејства живеат во Црна Гора и Босна и Херцеговина. Немаат никаков меѓусебен контакт, освен што во дијалозите ги потенцираат роднинските врски. Младата Јагода (Кристина Стевовиќ), студентка по филозофија, доаѓа во селото на нејзините роднини коишто живеат од другата страна на границата. Секојдневието им го обликува животот на роднините како вибрантни музејски експонати, со малку хумор без осцилации и изненадувања. Јагода се обидува да ги чуе нивните приказни. Хумористичниот лик на 39-годишниот Здравко, кој пак,

има проблем да им приjде на девојките, дополнително ја стереотипизира филмската карактерологија. Идентитетот на ликовите осцилира со идејата за домот како лиминален простор.

Впечаток е дека запрело времето во таа локална географија, а содржината на филмот упорно се обидува тоа да го илустрира и да го потенцира. Комични и тривијални се и сцените каде што бабата игра на мобилниот телефон, а родителите на Здравко, берејќи грозје разговараат дали да му купат брендиран костум од „Версаче“ и гумени чизми за да им се допадне на девојките. Од друга страна, на самиот меѓуграничен простор, две дечиња постојано се расправаат со хрватскиот граничар за политичко-територијалните маркери преку досетки и гестови. Обидот да се сфати баналноста на границите преку хуморот на децата и граничарот е единствениот и веројатно највпечатливиот сценаристички белег на овој филм. Ако може да се извлече вредносна вертикала, тогаш таа извира од комичните ситуации и како таква, го одржува вниманието на гледачот.

Карактерите се стереотипни, недооформени и без личносен жиг. Она што навистина му успеало на овој филм е преку камерата на младиот директор на фотографија, Милош Јаќимовиќ, да го долови карактерот на питорескните рустикални предели што ги има во изобилство. Музичката подлога, особено со локални песни од времето на Југославија го прави филмот поприемчив и емотивно повибрантен.

Референтната оска, околу којашто гравитира семантиката на филмот е дека границите се имагинарни територијални линии, испрекинати со лични судбини. Оваа филмска „геометрија“ несомнено резултира со пораката дека граничните линии не можат долго да ги држат на дистанца зближувањето и заедничарењето.

Епилогот на приказната завршува во Хрватска, а гледачот останува збунет од краткото, неефектно и предвидливо затворање на филмската приказна. Заклучокот е дека филмот постојано се бара и се губи себе во обидот да го задржи вниманието на публиката.

Ѓургица КОСТАДИНОВСКА

Ноќниот менаџер – нов шармантен џентлмен кој го „украде“ костумот на Џејмс Бонд

Најскапата драмска мини-серија во историјата на BBC, спакувана во само шест епизоди, на љубителите на бондовската шпионажа им донесе нова димензија. Ноќен менаџер (рецепционер) или британски шпион во мисија да го уништи најбогатиот, најбескрупулозниот, најбруталниот и најзлобниот човек на светот. Иако оваа тема е лизгав терен кога вака ќе се постави, изгледа дека конечниот продукт е вистинско освежување.

Она што уште на самиот почеток го исполнува „гладното“ око на гледачот со истенчен вкус е најавната шпица. Оружјето се трансформира во кристални чаши како симбол на отмеността, а дијамантскиот накит пак, во злокобни мали летечки објекти со една цел – деструкција. Кога веќе сте инволвирани во ваквиот визуелен перфекционизам, спектарот од егзотични дестинации, луксузни хотели и казина само ја надополнува целата шарена естетика. Колоритноста и визуелноста веројатно се најсилниот адут на оваа мини-серија.

Ќе ве шармира и извонредната актерска екипа предводена од фантастичниот Том Хиделстон (Џонатан Пајн). Тука е и Хју Лори (Ричард Рупер) целосно демаскиран од улогата на доктор Хаус по којашто го препознава целиот свет. Секако, харизматичната Оливија Колман (Анџела Бур) е светлата точка во серијата, ликот што се бори да го донесе лицето на правдата.

Елегантно и интелигентно сте вплеткани во високите структури на британската полиција, животот на корумпираните богаташи и задоволствата што тие можат да си ги дозволат.

Но, тука се и моралните дилеми и семејните проблеми што покрај динамичноста и возбудата го тераат гледачот да подзастане и да се замисли, дали еден озлогласен криминалец може да биде и најдобриот татко на светот? Има ли цена хедонизмот што е овозможен само преку сплетки и постапки од коишто страдаат и најневините? Како совршениот татко за своето дете, станува монструм за туѓите?

Можноста да се размислува за овие прашања Ѝ дава тежина и комплексност на серијата од којашто сте очекувале дека ќе гледате само матни зделки, динамика и акција. Иако тоа е одличен спој во функција на забавата, на оваа серија не Ѝ е дозволено разво-

денето и развлечено дејствие поради малиот број епизоди. И секако, тоа е огромен плус.

Египет и Лондон како да се соединуваат парадоксално во нивната различност. Луксузниот хотел наспроти полициската канцеларија, лицето на неправдата наспроти оние коишто сакаат да ја разоткријат. Локациите толку лесно се менуваат и се претопуваат една во друга, иако секоја карактеристична на свој начин, го исполнуваат со значење главниот негативец – Ричард Рупер. Именно, неговата приспособливост еден дел од денот да се наоѓа на Мајорка, во друг правејќи зделки во Турција, за на крај да ужива во хотелските соби во најлуксузниот хотел во Каиро, многу зборува за неговата моќ и авторитетот што го ужива. Неговата љубезност, друштвеност и слаткоречивост му пречат на гледачот веднаш да навива против него. Па, дури и лековерноста и наивноста ќе го направат симпатичен и тој целосно ќе ја сруши сликата што ја имате за најзлокобниот човек на светот.


Не можеме да ги занемариме и дупките во сценариото што, рака на срце, во оваа серија ги има многу. Со оглед на тоа што станува збор за екранизација на истоимениот роман од Дејвид Корнвел познат под псевдонимот Џон ле Кар, а сценариото исто така доаѓа од неговото перо, забелешките за овој дел одат на негова адреса. Иако и самиот во 50-тите и 60-тите години работел во британската шпионажа, постојат моменти што во серијата и не изгледаат така реалистично. На моменти тоа е засладена лимонада што ве тера да се размислите кој е нејзиниот вистински вкус.

Апетитите и нетрпеливоста на гледачот постојано се одржуваат. Тензијата е присутна, не до степен да гризете нокти во исчекување или да не си дозволувате да трепнете, но љубопитноста за настаните што следат ве држи концентрирани сè до расплетот.

Џонатан Пајн е совршениот Џејмс Бонд на 21 век кој како да му го украл костумот на Бонд, а со него и сите џентлменски манири. Женскиот дел од публиката несомнено е благодарен за неговата шармантна насмевка на којашто се лепат убавите жени за чиешто присуство во серијата, е благодарно машкото око. Мелодраматичните љубовни моменти ризикуваат да се трансформираат во сапуница, но умешно се повлекуваат на границата, токму пред да добиеме чувство на претераност.

Енергично, но ни најмалку импулсивно, полека, смислено и постепено се одмотува и се заокружува целата приказна. Нема недореченост, сè добива своја целина и смисла.

Резултатот е дека серијава апсолутно вреди да се погледне, нема да понуди нешто досега невидено, ниту пак некаква катарза. Вреди да се погледне без големи очекувања и да се ужива во речиси 6-часовното „возење“. Предвидливоста и зашеќереноста не ја расипуваат генералната слика, напротив го вметнуваат гледачот во некој нов свет и плејада од ликови коишто заслужуваат да им се посвети внимание.



APTитектура



Љупка Галазка-Василев ***„Трепет“*** 50x60cm



Марјан Син ***„Порта“*** 54x73 см
комбинирана техника

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА

Метафорите во сликарскиот дискурс на Ниче Василев

Ти постојано ги допираш нејзините трепетни очи, со немирни краеви,
ти нежно брмчиш околу нејзиното уво како да ѝ раскажуваш некоја тајна
и иако таа одмавнува со рака, ти пиеш нектар од нејзините усни
– центарот на насладата.
О пчело, ти навистина ја постигна целта, а јас талкам во потрага по вистината!

„Шакунтали“ - Калидас

Неверојатна е силата на уметноста, особено на сликарството, во едно мртво време, време на умртвени емоции и чувство за постоење на свет надвор од материјалниот, време кога духот е во криза, таа да опстојува како противтежа на реалноста. Во едно такво време да се одржува жив поривот за создавање уметност и да плови на површина со една дрска достоинственост, спротивставувајќи му се на ветрот, кој дува во спротивен правец, е проклето тешко. Но, такви се уметниците, живеат и творат водени од гордоста и вистината дека ниедно време не е погодно за нив, тие тврдоглаво создаваат давајќи му боја на секојдневието, удавено во сопственото сивило. Само така можеме да ја сфатиме и толкуваме потребата за бегство од секојдневието и во просторот на сликарското ателје да се создава еден друг, паралелен свет, но свет многу посуштински од реалниот. Во тој свет владеат правилата на инспирацијата и поривот, да се оживее мртвата перцепција на опкружувањето. Живеејќи во едно скудно време, време во кое човекот се сврtува против самиот себе и води жестока битка со сопствените демони, уметноста во сите нејзини форми се обидува да го врати на изворот, таму каде што се вкоренил. Уметноста во секоја своја форма е еден вид lux in tenebris (светлина во мракот), ненаметлив зрак што се распло-

дува и го пресекува мракот, уништувајќи ја неговата целост. Човекот, немоќен да се справи со сите зла што како фурија ја напуштија Пандорината кутија, неспособен интелектуално да се наметне, заборава дека постои нешто надвор од неговата потреба да обезбеди храна на сопствената суета. Тоа надвор е една визуелна емоција насликана на платно, врамена и поставена на штафелајот на животот, а неа ја создава и артикулира генијалниот сликар.

Низ улиците на малиот, спокоен и убав град, веќе децении наназад чекори академскиот сликар Ниче Василев, скромен и тивок сограѓанин, барајќи инспирација што неговите прсти ќе ја преточат во уметничко дело. За себе зборува многу малку, но со она малку што го кажува, како да нè предизвикува да посакаме да затропаме на вратата на неговиот свет, на тромеѓата меѓу четката, боите и платното. „Во моето творештво и во мојот живот се мешаат безброј моменти, случки, зборови, совети... личности коишто на еден или на друг начин, се знаци на патот по кој одам веќе 65 години и за чудо, интензитетот на нивните бои никако не бледнее. Сите нив ги носам во својата папка со цртежи, во кутијата со бои, во џебовите, во седите влакна, во оваа кратка исповед.“ Во овој цитат го препознаваме она што за поетите е ars poetica и недвосмислено оди во полза на аргументот дека, уметниците ја пресоздаваат реалноста, онаа иста реалност што претходно ја доживеале и преживеале. Уметниците чинам, двапати се раѓаат, еднаш обликувани во својот човечки физикус и вторпат како продуховени собитија кои создаваат свет што постои како противтежа на материјалниот. Но, нивното удвоено постоење го поништува најстрогиот закон на природата, дека сè живо што се родило, мора еден ден да умре. Прашинки од духот на уметникот остануваат вградени во делото што тој го создава, така остануваат да лебдат над хоризонтот на вечната присутност.

Ниче Василев, скромен и ненаментлив сликар, четири децении ја негува, бдее над љубовта меѓу четката и бојата, љубов што озарена од моќта на раката на сликарот се преточува во најубава слика. Токму во нивниот допир е зачетокот на раѓањето на уметничкото дело, тој допир кој започнува како чиста и невина еротска игра, завршува со дело што суштествува во хаосот на светот, дело коешто има своја форма и содржина, дело коешто според Ефтим Клетников, претставува „една посебна ликовна поезија и поетика со моќен звук и сугестија“. Да се чита поетиката во делото на Василев е навистина предизвик, бидејќи неговите дела може да се читаат како поезија на платно. Боите, формите, изразот на уметничкото дело, во мисловниот свет на набљудувачот разгранууваат долга низа асоцијации што се нижат како гроздови. Сè се тоа метафори насликани на платно. Целосно се согласуваме со констатацијата на Георги Барбаровски дека сликите на Ниче Василев се чиста лирика. Авторот во своите слики како да бара боја во бојата, како да сака од основниот тон да оплоди совршени нијанси, со кои ќе може да го наслика она што го носи внатре во себе. И наизглед се чини дека тоа го прави со леснотија, а делото што го создава се топи во својата едноставност. И ако во поезијата и во сликарството се

вткаени најсилните и најинтимни одгласи на човековата душа, тогаш кажано со речникот на поезијата, сликите на Ниче Василев се чисти метафори чијшто извор се женското тело и жената како симбол. Жената самата по себе е метафора за животот со сите свои убави, но и помалку убави страни. Природата ја помилувала да биде извор, матка, доилка, да биде животот. А таа, како да си ги додала храброста, гордоста, достоинството, малку нарцисоидност и многу самодоверба. Сите овие атрибути се читаат во потезите на четката на Ниче Василев, како да создава.

На уметничката слика не ѝ треба преведувач, таа зборува на сите светски јазици и пораката што ја носи е универзална, разбирлива за секое човечко битие. Зборувајќи за полезноста на науките, Леонардо да Винчи рекол: „Сликарството, многу повистинито и појасно, отколку зборовите и книжевноста му ги прикажува на разумот делата на природата, но книжевноста повистинито му ги прикажува на разумот зборовите, што не може сликарството“. Ниче Василев во своите уметнички создателства ја прикажува можеби најсовршената креација на природата, жената и женското тело. Дразнејќи го сетилото за вид, сликарот индиректно ги дразни чувствените сетила, предизвикувајќи кај реципиентот чувство на восхит. Неговите жени понекогаш се толку реалистични и сосема едноставни, со говор на тело што е толку гласен, како сцената да се одигрува пред вас, на полето на реалистичниот код. Но, жените на платното на Василев се и тајно замаглени, мистични и загадочни, со што стануваат уште попривлечни за разумот што бара начин како да ја избистри сликата, за да дојде до претпоставената вистина. Жените на сликите на Ниче Василев се жени-симболи. Ако според Лапчевиќ, „симболот се јавува несвесно и е продукт на уметниковата потсвест“, тогаш, овие жени се пресликани токму од сферите на таа потсвест. Таму се раѓа сликата за нив, а се оформува на сликарското платно.

Жената поистоветена со уметноста, тоа е вистината за уметничкиот израз на Ниче Василев. Жената, дури и во нејзината наједноставна појава е совршена инспирација за уметникот, бидејќи неговата перцепција продира длабоко во нејзината анима. Жените на сликите на Ниче Василев поседуваат некоја своја мистичната сензуалност, жени коишто достоинствено ја носат сопствената женственост, грациозно исправени угоре со долгиот и истенчен врат. Тоа се тие спокојнички и осаменички, жени коишто според видувањето на Барбаровски „не викаат и не врескаат“, жени во друштво со осамата, со длабок поглед вперен кон сопственото внатре. Овие жени како да се во потрага по сопственото време и место, каде што би биле сами со нивната природа. Жените од платното на Ниче Василев го владеат просторот што им го дава уметникот, го запоседнуваат, тивко и ненаметливо. Тие како да се појавуваат од никаде, покриени со бисерна прашина, како да sиркаат под густината на бојата. Жените на сликите на Ниче немаат дефинирани лица, а сепак изгледаат совршено. Оскар Вајлд во една прилика ќе напише: „Лицето на мажот е негова автобиографија. Лицето на жената е нејзино ремек-дело.“ Токму такви мали ремек-дела се женските лица што ги создава авто-

рот. Ликот на жената со издолжен врат како централен мотив, во уметничкиот свет на авторот ја претставува жената со сета нејзина слобода. Таквата жена, мечтателка, осаменичка, но и заводничка е една поетизирана фигура чиишто метафори се читаат и препознаваат под слојот на бојата. Тие ликови немаат нагласени очи, усни, јаболчници, а сепак поседуваат израз што носи специфично расположение и емоција. Авторот како да му дозволува на набљудувачот, сам, повикувајќи се на својата фантазија, да го оформи ликот на таа жена, да ја замисли и осмисли по сопствено видување и доживување. На тој начин уметноста нежно ги допира сетилата, ги буди предизвикувајќи ги на мегдан со фантазијата. Така, уметникот станува креатор на безброј светогледи. Таа жена може да се перципира како сонувана, замислена, посакувана, недостижна, жена претопена во сите свои атрибути. Во овие уметнички дела се кријат мигови од постоењето, секоја слика уловила миг што крие некаква драматичност, миг на очекување, страв, смиреност, меланхолија, носталгија, вљубеност, еротски занес и слично. Сите тие се емоции пренесени на платно, психологија на постоењето јунговски препознаена и насликана во боја. Авторот како да ја слика жената од прапочетокот, жената изродена од првобитниот хаос и фрлена во сивилото на новиот свет. Некаква праматерија како да се оформува кога се допираат четката и бојата, женскиот принцип воплотен во матката на природата. Такви се и неговите пејзажи, да се претстави руралното што е најблиску до природата. Тоа е само потреба да се врати духот на матицата од којашто се хранел.

Сликите, цртежите, графиките на Ниче не бараат да ги толкувате, да барате логика во формите и боите, тие едноставно бараат да ја откриете нивната убавина и да уживате во неа до бескрај. Тие пред вас се покажуваат во сета своја раскош, рефлектираат емоција што неминовно разбудува, возбудува и вознесува. Сликите на нашиот генијален уметник како да се обидуваат да ја вратат изгубената рамнотежа меѓу умот и духот, како да сакаат повторно да ја сплетат таа нишка, која како конец од предиво некогаш ги поврзувала, иако тенок, но неверојатно цврст. Претворени во духовни инвалиди, во време, како што велеше големиот Фридрих Ниче, на „превреднување на сите вредности“, заборавивме дека духот ни гладува за убав збор, за спокоен звук и убава слика. А убавината, според Старделов, „не е никогаш тоа ако не зрачи самата низ самата себе и неа ништо не може да ја открие и пренесе, освен таа самата“. Затоа сметаме дека сликите на Ниче Василев самите се топат во својата убавина и заведени од погледот на набљудувачот, уште повеќе ја истакнуваат, како жена која, кога знае дека е предмет на нечие набљудување, кокетира истакнувајќи ја убавината до совршенство. Гордоста и привилегијата да се биде современик на Ниче Василев, се претопуваат во длабока почит и искрен поклон за едно безвременско дело, што ги испишува најсветлите страни на современото македонското сликарство.



Ниче Василев ***„Девојка со црвен шешир“*** 50x60cm

Никола ПИЈАНМАНОВ

Вечнеење

(Во сеќавање на Владимир Георѓиевски)

Боринаж, зима 1879 година

Младиот проповедник Винсент ван Гог го раздава својот имот и платата на рударите и тргнува по нив во јамите за јаглен. Експресно доаѓа теолошката комисија да го разреши за нарушување на редот и правилата на црквата. Како може некој во партали, коски и кожа, со бушава брада и коса, валкан од јаглен, бои и прашина да ѝ служи на Христовата црква?! - прашале фарисеите. Од тој миг, младиот проповедник станува сликар. Не може да го поднесе лицемерието на теологијата и земните институции коишто сакаат да го усреќат и хуманизираат човештвото по нивните бирократски "христијански"правила.

Во ателјето на професорот Владимир Георгиевски првпат отидов кога имав 15 години. Ме однесе и ме претстави сликарот и колега Ѓорге Јовановиќ. Беа стари пријатели со татко му, скулптор и негов соработник. Јас учев во Средното уметничко училиште "Лазар Личеноски", а живеев во еден подрум, недалеку од Архитектонскиот факултет. Учев од добри професори (стара гарда), проучував техники, занаетот и мајсторијата на сликарството и цртањето, занесен ги голтав книгите со репродукции од Сутин, Ван Гог, Ел Греко, Модилијани...но, длабоко во себе знаев дека тоа не е доволно, ликовноста сама за себе е дводимензионална, дури и просирна. Бев незадоволен, лутав низ репродукциите во монографиите и немав радост. По првата средба со професорот Владимир Георгиевски, како во некое откровение сфатив дека уметноста е една голема синтеза на сите човечки дисциплини, естетски и духовни. Книжевноста, музиката...филозофијата. Станав сликар заради длабокото чувство за минливоста на убавината, но и убавината на минливото. Читав многу. Сакав преку сликите да го допрам невидливото, преку јавето – сонот, но не знаев како. На некој начин, сакав да им одговорам на писателите (Рилке, Бодлер, По, Достоевски, Иго) кои ми го полнеа животот со смисла. Владимир ми го покажа тој пат. Затоа ќе го викам учител, не професор. Затоа што неговото влијание врз мене не се ограничуваше само во просториите на факултетот и државното образование. Тој влезе во секоја клетка на мојот живот.

Имав еден голем блок преполн со цртежи, што го носев често со себе. Порано никој со толкаво внимание и

посветеност не беше ги разгледал. Бев навикнат на студен и професионален однос. Бев осамен во тоа што го работам. Конечно некој го потврди мојот занес за цртање. На прв поглед ми остави впечаток една макета на брод со раширени едра што стоеше закачена над влезот во ателјето. Често го сликаше и како позадина во автопортретите. Тоа беше и ателјето, брод што немирно плови низ матните и темни води на времињата што ги живееме. Просторијата личеше на палуба од стар дрвен брод. Никогаш не ги спушти едрата и платната секогаш останаа отворени, да пркосат на ветровите. Но, прво, ме праша - што читаш? Реков, Иван Карамазов ми е омилен лик. Ми ја стегна раката и осетив дека нашата дружба ќе трае долго.

Ателјето на учителот Владимир беше отсечка од светот. Тоа не беше обична сликарска работилница што мириса на терпентин и маслени бои, туку естетска лабораторија. Тоа катче во строгата форма на зградата од Архитектонскиот факултет беше издвоено со некоја необјаснива аура. Како средновековна работилница на некој неимар, градител на катедрали. Тоа ателје беше срцето на факултетот. Многу често ми се случуваше да се исплашам и да не влезам, иако моето присуство во тоа ателје беше речиси секојдневие. Имаше мигови на творечки занес кога учителот не можеше да те препознае. Му требаше самотија, ателјето беше во центарот на градот со илјадници луѓе, а тој беше издвоен како да е на некој далечен манастир. Во неговото импозантно творештво имаше толку многу материјал, што навистина би требало цел човечки живот да се посвети и внимателно да се проучи секое дело. Најмногу ги сакав монументалните платна што ги поставуваше во вистинска екстаза и откровение. Пасиите по Дон Кихот, Влегувањето на Христос во Ерусалим... Постапуваше како Леонардо да Винчи или Микеланџело. Првин ги работеше во цртеж, монохромни на огромни хартии и картони, нешто налик на подготовка за фрескосликање или мурали. Тоа беше средновековен и ренесансен пристап кон ликовната материја и реализација на идејата. Цртежот му беше алфа и омега, стегнатата форма преку линијата во неговата уметност беше закон. Многу често се судиравме околу тоа вечно отворено прашање, каде завршува цртежот, каде почнува сликата? Јас ги сакав формите растопени и речиси исчезнати во капката и бојата, тој сметаше дека тоа е погрешен пристап. Но, никогаш не влијаеше директно на она што се вика стилска посебност и естетска препознатливост кај еден автор. Со текот на годините почнувам да разбирам што сакаше да каже со тоа дека "цртежот е крвоток на сликата." Го ценеше личното и посебното, неповторливото кај секој уметник. За разлика од сите други професори по уметност коишто секогаш криеја нешто од учениците, дали ликовен метод или некој индивидуален начин и средство да се постигне нешто поголемо, поквалитетно во сликарството, тој безрезервно споделуваше сè. Секој негов успех сакаше да го сподели и раздели со ученикот. Сакаше да го пренесе на виделина она што го постигнуваше и реализираше во ноќното бдеење. Не можеше да поднесе површност во фигурацијата. "Кога се слика портрет, мора да се ископа целото битие на површината, преку очите мора да се открие таинствената супстанца на

постоењето!" Но, постои и тешка површност во пристапот кон апстракцијата и нефигуративното сликарство. Толку истрошено и преценето. Ликовната уметност е во тешка криза и распаѓање и ние денес го живееме нејзиниот крах. Но, во неговото ателје тоа не се чувствуваше. Таму имаше енергија како сликарството штотуку да се родило, човештвото како штотуку да почнало да го осмислува својот живот преку магискиот и религизониот култ на сликарството. Културата штотуку се раѓа, како во првите денови на овој свет. Чувството беше како да сте го поминале мостот и, од анемичниот свет на безличноста, сте стапнале во светот на ликовите, царството на создавањето. Еднаш еден "модерен" уметник го праша: Нели мислите дека пејзажот како жанр е одамна заситен, истрошен и како таков, нема потреба да му се навраќаме повеќе?! "Јас, не сум се заситил и не сум го кажал она што треба да го кажам низ пејзажот" следеше одговорот. Тоа отсечно Јас, претставуваше една цела персоналистичка филозофија што се засновува врз вредноста на едниот и на личноста, наспроти мноштвото на единките. Како да разберат дека целата историја на уметноста се одвива на бојното поле во еден човек (а сè друго е само статистика) и дека теоријата за еволутивност кај ликовните уметности е издржана толку, колку и рокот на траење на конзервите во еден супермаркет. "Од икона до слама, а после сламата само празнотија" - напиша во еден текст за еволутивната подреденост на делата во една галерија.

Како и кај сите големи сликари на овој свет, така и кај учителот Владимир, изложбите не играа решавачка улога во претставувањето на новите дела. (Речиси секој современ сликар твори за и пред изложбата, како единствена цел и мотивација за да се создаваат нови дела). Стотици слики и цртежи никогаш не ги изложи, а меѓу нив имаше ремекдела. Ако некој ја имаше таа среќа да ги затекне во ателјето, добро, ако не, одеа во куповите наредени покрај ѕидовите, како есенските листови што ги натрупуваат по рабовите на алеите. Како истресено од ветерот, пролетно расцветано дрво. Често ги селектирав и средував сликите и цртежите, ги пребарував папките и кутиите, ролните и фиоките. Какво богатство се лизгаше по моите дланки, какви ликовни чудесии што никогаш и никаде не беа изложени и претставени! Да се пронајде сопствениот ликовен знак и симбол е исто како да сте ја решиле формулата на времето. Затоа што времето не постои без смислата на нашиот знак. Ние сме знаци покрај патот, многу изгубени души коишто можат да ги прочитаат овие знаци, го пронаоѓаат и патот. А патот е тесен и замрсен.

Едно од најголемите заеднички откровенија беше посетата на изложбата на Ел Греко во Атина во текот на зимата 1999 година. "Не се слика со медиуми, туку со солзи". Тоа беше формулата што често ми ја повторуваше, а пред сликите на критскиот мајстор овие зборови ми се потврдија како непогрешна формула. Гледавме што значи неколку капки солзи од портретите на Ел Греко да капнат во пеколот и да го преобразат во рај. Знаеше да каже – како може, нели е жално човек со дарба за сликарство, таа ретка божествена дарба да ја пушти да истече низ некои бледи полуреализирани фотографии, принтови, фотоколажи, брз и

лесен начин на ликовна импровизација?! – Мислам дека прв ја насети кризата во сликарството што настапи со дигиталните медиуми и со полесниот начин да се постигне ефемерен ликовен ефект. Но, патиштата до совршенството се тешки и тесни. Беше ли тој совршен?! Не! Сомнежот беше неговиот главен адут. Се консултураше со секого, знаеше дека ова што го материјализираме во некаква форма на земјата е само сенка, блед одраз на нашиот бескраен и длабок внатрешен живот. Му значеше мислењето на овчарот во Леуново и на продавачката на цвеќиња во Буњаковец. Сликарството е само симбол на големата творечка замисла. Да, го открив во неговото ателје филозофот на мојот живот, големиот руски персоналист Николај Берѓаев. Како што го открив и Калил Џибран. Филозофиравме со часови, дискутиравме за невозможноста човек да се реализира духовно само преку естетиката. Владимир Георгиевски беше Толстоевец, тој беше свесен дека творештвото е само начин и пат до Центарот, а шестарот прободен во срцевината на тој центар само ја повлекува линијата на нашето кружно постоење. Каква болна бразда правеше тој круг во меката човечка душа. ("Јас кружам и кружам околу Бог, тој прастар врв и уште не знам дали сум птица или голема песна на овој свет" - Рилке) Затоа беше јуродив. А каков може да биде творецот во еден ваков свет каде што питачите ги убиваат со камења по улиците. Да, мислам на Шериф, неговиот сакан модел. Средовечен човек со густа побелена брада и широк нос како од портретите на Роден. Шериф питачеше пред Трговскиот центар во Скопје и речиси секој втор ден беше модел во топлото ателје. После следуваше оброк и џепарлак. Шериф беше Мојсеј, пророк, демон, филозоф, питач, апостол. Можеме да го пронајдеме во многу слики. Умре како маченик, каменуван од некои бесови. Како првомаченик Стефан. Го пронајдоа скаменет како скулптура. Тие настани го потресуваа од дното на битието. Владимир ги црпеше своите ликови од најнепосредните модели, како Гоја. Никогаш не измисли ниту еден лик. Се потресуваше кога ќе види наведнат, скршен стар човек, ("каков ли крст носат тие на плеќите"?). Сите легенди, приказни, раскази, романи и евангелија постоеја во секој човек. Затоа толку страдаше. Колку е незамисливо тешко да си сведок на постоењето на сите ликови!? Слободно си влегуваа и си излегуваа кога сакаат од сликите во ателјето. Му доаѓаа во работилницата на посета како што се прошетувале кај Андриќ во "куќата на осаменоста", сите тие ликови со кој беше на ТИ. Сакаше да молчи, но неговиот молк беше полна тишина, не отсуство на зборови. Всушност, голема е разликата помеѓу молкот и тишината. Тишината е музика на рајот, молкот е на чистилиштето. Кога во позадината одеше реквиемот на Брамс (од кого друг ќе знам за реквиемите на големите композитори, ако не од него), тој разговараше со композиторот. Музиката не беше фон или позадина пред којашто се одвива секојдневието, туку основа. Сликите не беа декор за домовите и празните малограѓански ѕидови, туку суштина. Тие самите по себе беа дом, архитектура, пештери полни со крвавите дланки на човештвото од почетокот на светот. Денес сè се сведува на креативни индустрии, дизајнирање на комфорниот дом. Да, можеме и да кажеме дека сликата е илузорна, дека таа вистински и не постои, откако ќе се

реализира во производ, ќе биде врамена и закачена, како и секој друг предмет. Како часовникот на ѕидот. Но, творечкиот пат до неа, творечкиот чин не е илузија. Тоа е самата вистина што нè прави достојни пред Бог и неговата креација. Книгите на Достоевски не беа исполнување на слободното време или наука, туку религија, молитва. Кај него научив дека ако сакаш да бидеш уметник , треба да се откажеш од сè за да задобиеш сè. И тука жртвата е голема, не постојат никакви калкулации. Ме зарази засекогаш со мечтаењето по Вечноста. Уште разговарам и филозофирам со него во моето ателје. Целиот живот мислам дека овој свет е нешто кое само ни се причинува. Дека она, вистинското, или неосетно поминало, заминало, или допрва ќе треба некогаш да се појави. Во сè чувствувам привременост...По неговата смрт, сфатив дека сетилото за привременост е всушност она со коешто ја насетуваме бесмртноста. Уште се стрепнувам пред секоја завршена слика, што ли ќе ми каже овојпат?!...И уште верувам дека е подобро сликите да ги оставиш незавршени, во еден агол барем недовршени, затоа што така се поблиски до животот. Завршеноста на едно уметничко дело значи и негова сигурна смрт.

Нашите уметнички институции како и светските тренд историчари и куратори, присилуваат со законот за "оригиналност" кај уметниците. Тука се кршат ликовните уметници. А што е тоа оригиналност и каква е жртвата да се биде по секоја цена оригинален?! Сè на светот од постоењето до овој миг е Едно и еден автор ги наслика сите слики и ги обликува сите скулптури. Јас сум сите! Борхес велеше дека тој е сето она што ќе го прочита, "прецизна пресметка на вселената". И само со жив и непосреден дијалог со старите мајстори можеме да го осознаеме нашиот стил и естетската посебност. Кога ќе се препознаеш пред делото на стариот мајстор, тоа е како ти да учествуваш во создавањето на тоа дело. Тоа е мистичен пат на вечното пресоздавање. Историјата на уметноста е само случаен распоред на делата, само едностран рефлекс од цивилизацискатa објективизација на делата. Но, метаисторијата на уметноста е како "Енциклопедијата на мртвите" од Данило Киш. Таму се забележува љубовта кон секој цвет и секој паднат есенски лист, секоја капка и секој пердув од секоја птица. Секоја мисла и секое сеќавање. Секој творец е запишан и во најоддалеченото село на овој свет, затоа што без него не може да се соедини вистинскиот мозаик на единствената книга за уметноста. Целиот универзум е еден творец. Сè друго е тренд и секташтво. Уметност за неколкумина. Зар може да биде уметноста поделена на оние кои ја разбираат и оние кои не можат да ја разберат? Големата уметност е како зборовите на Христос, толку едноставни и прости, а која поезија можеше да ги замени?! Која земна филозофија?!

Спомнав ли дека неговото ателје беше лабораторија на некој алхемичар залутан во модерните времиња?! Работеше во сите возможни техники, акварел, гваш, јаглен, масло, акрил, глина, лим, а не беше сигурен во технологијата на ликовните уметности. Не водеше сметка за техничката совршеност на своите дела. А како можеше творец со есхатолошка перспектива да води сметка во земната истрајност на нештата?! Тој веруваше во

огнот на Светиот Дух и Светлината на Царството небесно како никое свештено лице или монах кои ги запознав во текот на својот живот. Веруваше во крајот на материјата и овој свет таков каков што е, па често (мислевме дека се смее со иронија) говореше дека сака да направи едно Аутодафе, една огромна клада во дворот на Архитектонскиот факултет каде што ќе ги запали сите дела. Кому тие му се потребни? Неколку месеци после смртта, се запали факултетот точно над неговото ателје, каде што беа складирани сите негови дела. Кога ја прочитав веста, ми изгледаше толку познато и пророчено. Промислата сакала огнот да не се симне до ателјето и неговите дела да останат меѓу нас живите, оти нам ни се потребни. Ателјето такво какво што беше по неговата смрт, требаше веднаш да стане културно наследство, легат, галерија со постојана поставка и артефакти (како ателјеата и куќите на Роден, Мартиновски, Лубарда...). Тоа ателје беше храм и испосничка ќелија на уметноста. Но, делото на Владимир Георгиевски мора да го помине патот на Баховите партитури и записи за пасиите и ораториумите. Така е пишано со големите. Нивните дела во овој свет се погодни и за пакување риба и месо во маалски дуќан. Платната на Ел Греко ги откри после речиси триста години. Тука се, пред нас, ги гледаме како материјал, а треба да поминат неколку векови за да ги препознаеме.

Многу духовно посветени луѓе со тешка дисциплина и труд се посветуваат на постот и другите аскетски методи кон патот на просветление и чист ум. Кај учителот Владимир тоа беше вродено. Тој имаше толкава количина духовна храна во себе што природно никогаш не сакаше (или ако мораше) ја примаше материјалната храна. Имаше одбивност кон апетитите на овој свет. Гладуваше со радост. Филозофијата на цревоугодието му беше главната мета во сликите со Дон Кихот. "Санчо, јас постојам за да надживеам, а ти да преживееш!" Книгата со гравурите на Густав Доре стоеше на работната маса, исто како што никогаш не се симнувала од масата на Фјодор Михајлович. Еднаш влезе еден господин од културната скопска фела и долго говореше за културните политики, глобалниот контекст, локалниот контекст, урбаната естетика, децентрализација на културата, постмодернизам, кураторство...Кога тој си отиде, моравме да го проветруваме ателјето од духот на културниот снобизам, она што ја изеде автентичната култура во нашата земја, па и на поширок план. Тешко им беше да го категоризираат неговото творештво. Модерен натурализам?! Експресионизам? Фигуративен маниризам? Што е тоа? Како да се смести едно творештво во шише? Во шкафчето на некој музеј? Многу сакам да знам како е каталогизирано неговото дело во архивите на Музејот на современа уметност во Скопје. Под кој редослед го архивираат? Сите заборавивме дека магијата на уметноста излегува од шишето како од приказните на Шехерезада во"Илјада и една ноќ". Зошто да го враќаме назад, пред визијата и трансот на уметникот? Има нешто трагично во изладувањето на огнот, на творечкиот вулкан. Има нешто комично и жално во изложувањето на сликата на ѕидот од студените галерии и ходници, објавата на големата мисла во списание, големото недоразбирање помеѓу делото од ателјето и неговото поставување во излог, како стока за продажба. Овие

Берѓаевски медитации уште ми звонат во свеста и никогаш нема да осетам радост кога гледам како творештвото се лади во светот на бирократијата, кураторството и културната организација. На факултетот нè учеа што побрзо да станеме оригинални и современи. Кај учителот Владимир учев да ја набљудувам темната волја на природата и од неа да ја извлечам мојата слика. Да го пронајдам својот лист во шумата од пожолтени лисја. Но, да бидеш оригинален, не мора да значи дека си го открил својот личен код. И будалата е оригинален кога го насмева друштвото, исмевајќи еден од нив. Беше згрозен од празноглавите политичари, алчните министри и бакалауреати. Гласот на великиот инквизитор од "Браќата Карамазови" одекнуваше како некое ехо од устата на секој еден владика, декан, директор, управител...но, може ли да го замолкне громогласниот молк на осудениот Христос? Големиот инквизитор. Тоа е оној незабележлив старец длабоко потонат во престолот, во својата удобна фотелја, во темниот агол на храмот. Оној кој со еден збор одново го зароби Христос во мрачната келија на Пилатовата институција, оној кој треба да докаже дека слободата е најсоблазната мака за човекот и дека човек, за да биде среќен, мора да се построи во редот на мравјалникот. А слободата? Ќе ја чуваат тие, избраните. "Оди си, зошто се враќаш? Не ни требаш повеќе"! Затоа што Христос со понизните очи и вечната љубов и сомилост кон сè што трепери во овој универзум, па дури и кон камењата, им пречи во реализацијата на светскиот поредок. Оној поредок за кој Шигалев во "Бесови" викаше дека конечно ќе ги направи среќни сите единки, наредени во кутиите, наречени згради за престојување. Да, тука ќе се раѓаат и тука ќе умираат, среќни што ги ослободиле од слободата. "Ние ќе ви дадеме леб! Леб и игри. Забава. Ќе ве згрижиме и ќе ви го осигураме стандардот... Ќе ве направиме горди потрошувачи на маркетите, таму ќе бидете сосема слободни да си ја одберете храната од која ќе умрете!"... Бескрајна реинкарнација на фарисеите.

Многу одамна, дедо му на учителот, се прекрстил пред една репродукција на Рембранд и тоа често го повторуваше со влажни очи. Големото сликарство нели е свето самото по себе? Треба ли да не просветлат оние кич сликовници што се повторуваат како јајце на јајце низ нашите храмови, бранејќи го канонот на црковната администрација. Во една православна црква донесоа чудотворна икона од Света Гора. Литии, молитви, обреди, колони народ што сака да се поклони. Иконата во големи димензии е наредена со злато и сребро, накит и дарови. Скоро ја видов одблиску. На прв поглед проценив дека се работи за копија од автентична фреска од некој средновековен манастир. Лоша копија, некој вид невешто пресликана сликовница, од сликар кој го забележал само надворешниот облик и формалната рефлексија на првичната претстава. Може ли копијата, лошото ликовно дело и неавтентичното сликарство да биде свето? Или е тоа само сензација, фалшив симбол за привлечност. Тогаш, како е чудотворен тој лажлив симбол?! Каква врска имаат светоста со лагата и темнината со светлината? Како и во случајот на Толстој или Рјепин, православната црква беше збунета во однос на неговото слободно третирање на темите од евангелието. Премногу страдање,

премногу мрак...често на лицемерите "кои се како гробови" коишто говорат за светлината, а внатре се како црвјосани трупови и им пречи вистината на Христос. Ги боли затоа што го урива нивниот комфорен поредок на нештата. Им пречеше Казанзакис, Бела Хамваш, Берѓаев, Гоја... Каква е таа заблуда дека светлата боја во сликарството значи Светлина? И дека она што сјае е вредно? Дали мора верата да биде естетизирана? Со овие дилеми сè уште се борам секој ден.

Го напиша текстот и ја отвори мојата прва самостојна изложба. Страдањето на дрвото од коешто беше издлабен крстот. Никој не можеше подобро да го рефлектира сликарството во зборови. Беше страшен оратор. Како данскиот Сократ, Киркегорд. Сакаше да ја каже вистината по секоја цена, немаше компромис околу тоа. Затоа за многу уметници беше туѓ и опасен. Не беше од оние уметнички пророци коишто ја носат вистината во планините и таму ја растворуваат со Вечноста и природата. (Рилке беше таков, ван Гог беше таков, Гоген...). Неговата уметност беше народна, често планираше сликите да ги изложува по тротоарите или на некои јавни места. Човекот е секогаш на крстопат и секогаш е во загуба. Распетие помеѓу тишината и бучавата на светот, неподносливата гужва на градот и љубовта кон едно дрво, помеѓу семејството и самотијата, ателјето и домот...Беше роден педагог. Со исто внимание и посветеност разговараше и беседеше со селаните, академиците, хирурзите, уметниците, овчарите, децата и земјоделците на нивите. Исто како Дон Кихот. Да бидеш учител за него не беше професија, туку голема тајна. Учителот е духовен татко. Но, беше и контрадикторен. Имаше дилеми дали да влезе во Академијата на науките и уметностите и таму ја направи својата грандиозна изложба во 2000 година. Се разбира дека не стана нивен член. Не беа свесни оние успиени бирократи каква вистина, каков крик им подметна во темелите. Час по анатомија. Монументална слика, владици и достоинственици, министри, пратеници и генерали, во една студена просторија го секцираат уште неизладеното Христово тело и се послужуваат од него. Причест на демоните. Се разбира дека не разбраа. Денес ќе разберат уште помалку .

Ретко правеше самостојни претставувања. За него самостојна изложба беше јавна хирургија на сопственото тело и душа. "Ќе легнеш гол на операционата маса, а насекаде околу тебе се буткаат да ги видат органите, под силни рефлектори. А душата ретко кој ќе ја забележи." Така говореше кога ги местевме изложбите. Се сетив на овие зборови кога стоев пред неговиот одар. А што е смртта? Едно тешко недоразбирање помеѓу телото и духот, нивна конечна пресметка. Финалната мерка за доброто и злото. Изедначување на постоењето и смислата. Како проповедник говореше над многу погреби и одари, одржуваше ораториумски реквиеми, рецитираше стихови од Лорка. На неговиот погреб немаше никакви говори. Тишина и сонце. Закован ковчег. Кој може да каже нешто?! Ако постои човек кој најдолго се подготвувал за чинот на смртта и преминот во другиот свет, тоа е учителот Владимир. Смртта се криеше во секое негово големо дело. Од истрошените и фрлени чевли, паднатите и суви есенски листови, истоштеното Христово тело на

крстот, одарот на часовите по анатомија. Од каде толку тишина на твојот погреб? На ѕидот од ателјето стоеше напишан со мастило епитафот на Рилке "Ах, розо, чиста противречност, сласт на ничиј сон да не бидеш под толку очи склопени". Може ли да се секцира телото, а да не се забележи човековиот дух? Тој знаеше да секцира низ платната и барељефите, да го пронајде и да го покаже тој дух пред сите. И денот на распетието на Голгота, бил како и секој еден обичен ден. Како и на твојот погреб. Неми набљудувачи, питачи, мајстори коишто ја извршуваат досадната рутина на секојдневието, дрводелци, старци и тажачки, прашина и пот. Денес мислиме дека тоа бил денот на деновите, денот на историјата, толку значаен ден од божествената перспектива, толку безначаен од перспективата на Пилат. Колкава противречност меѓу овие совршено затворени форми на грдите мртовечки сандаци и животот! На едни стапала излиени во гипс, на скулптурата Ecce homo, во последен момент, пред да биде поставена на самата изложба, закачи една мала плочка врзана со конец за палецот. Како што прават во мртовечниците за одбележување на телата. Но, на оваа плочка напиша со црвена боја – Алфа и Омега.

Кога се вратив од престојот во Париз, во бунило почнав да ги анализирам сликите, скулптурите, катедралите, сè што успеав да видам во Париз, Градот на светлината, Мека за уметниците. Не троши го надвор, со обични зборови и дрдорење, она што ќе го доживееш и видиш! Чувај го! Тоа ќе се преобрази во нешто поголемо. Само она што ќе го преобразиш во дело, ќе остане и ќе биде твое. Сè друго е ветер и прашина." Ветер и прашина ли се твоите зборови, учителу? Или знаци издлабени во камен. Што се делата, ако не очајни записи и порака до некој друг, до некои други, дека ете и ние сме постоеле во оваа, по грешка реконструирана псевдо Еденска градина, наречена свет. Очајничко писмо во шише пуштено во океанот. Цврсто веруваше дека сите писма упатени некому, секако стигнуваат до некого. Само по заобиколен и замрсен пат. Но нема ништо случајно. Половина од животот го потроши во сликање на болните, на моделите од онкологија, од душевните болници. "Таму се открива еден повисок степен на постоење. Една друга загатка која ние здравите нема да можеме да ја разбереме". – Не можев да го насликам неговиот портрет додека лежел на истата клиника, додека гаснел како Икар и како Прометеј окован на бетонот од болницата на Онкологија. Но, насликав една падната птица којашто се препелка на земјата во агонија и со сите сили се обидува уште еднаш да ги рашири крилјата. Тоа проклетство, небесните битија да завршат ниско на земјата, како паднати ангели.

Ги гледам сликите што ми ги подари детето од болницата во Бардовци коешто во рацете држи икона на тажниот архангел Гаврил. Само Достоевски можел толку длабоко да влезе во влагата на човечките очи и во темнината на неговиот поглед. Но, еве го стои, скаменет во сликата за која нема време, која ќе трае повеќе од сè. Повеќе од еден граѓански брак, повеќе од една држава и едно општествено уредување, многу повеќе од царствата што се прашина. Многу често присуствував во ателјето додека сликаше. Посебно за времето на

монументалните полиптиси и триптиси. За разлика од многу мајстори пред него, тој не дозволуваше помош со директни интервенции врз сликите. (Имаме примери каде што мајсторите сликари само ги довршувале финесите на сликите претходно подготвени од ученици). Од самото потсликување, цртање на фигурите и поставка на композицијата, до крајот, до завршниот лак и лазури, остануваше сам со сликата. Сликарскиот процес претставуваше вистинска екстаза. Алхемија во која идејата се скаменува во материја. Тотално исклучување од оваа димензија на постоење. Согорување на идејата до заборав. Се сеќавам повторно на Берѓаев кога пишува дека од секое големо дело, само еден дел останува од оваа страна, во објективниот свет на предметите. Другиот дел согорува и оди во Вечноста. Оваа филозофија на творењето може целосно да се примени врз творештвото на учителот.Тоа беше неговата – Смисла на создавањето. Најбитното го сликаше уште во самото потсликување. Така оставени сликите, беа големи дела, сликарскиот процес беше монохромен, нешто налик на "Поклонението пред мудреците" од Леонардо. Сликите оставени во таа фаза беа најголемите дела на Владимир Георгиевски. Убеден сум дека тој е најголемиот цртач во историјата на македонското сликарство! Но, знаеше после долго време да се наврати. Тука мислам дека се случуваше друг сликарски процес. Многу спротивен на првичниот. Им приоѓаше со друга свест, надвор од екстазата во којашто ги поставуваше. Самиот го гаснеше основниот пламен. Спротивно и на монохроматскиот пристап, сега финишираше со густа и чиста колоритска структура. Многу често беше свесен дека во процесот се изгубила првичната длабочина и искреност. Ама, кога е готова една слика?! Никој никогаш нема да одговори на тоа прашање. Кога завршува еден човечки живот?! Никогаш не е готова, само се одделува од матицата, од ателјето и штафелајот. " Дали воопшто ќе успеам да ја направам мојата слика...?" Запиша на еден цртеж. Секогаш допишуваше нешто на цртежите, стихови, мисли, тоа беше апсолутна синтеза на двете големи уметности, поетската и цртачката. Со нашиот голем заедници пријател, поетот Михаил Ренџов, направија големи дела во кои, сликата се враќаше во книгите, испреплетена и вградена како во старите книги на средновековните илуминатори. Книгата е храм и нејзините маргини мораат да бидат насликани!

Кога го пишувам овој текст, си мислам, треба ли да споменам и да ја набројам листата на сето она што го научив кај него? Сите поети, филозофи, вајари, архитекти, научници, композитори, алхемичари, режисери, сценографи, светители...за тоа би требало една друга книга. Влезот во неговото ателје беше како да си престојувал во Александриската библиотека во Египет. Со каква леснотија, трескавично ги запишуваше текстовите, мислите на хартија, а во нив се содржи целата тежина на светот. Во некоја наредна фаза пред човештвото мора да се издаде сето она што го напиша тој голем човек. Тоа е врвна книжевност, не помалку значајна за светот од дневниците на Андре Жид или од писмата и сонетите на Микеланџело.

Кога ќе се заситеше од долгото сликање, почнуваше со вајарството. Од плиток барелјеф, до целосни фигури што речиси секогаш беа врзани за некоја подлога, како еден вид сликарски

печат или објект. Беше фантастичен скулптор. Моќниот крвоток на неговиот цртеж толку лесно се преобразуваше во тридимензионалната форма. Излиени во гипс, ги сликаше со јајчена темпера и правеше чудесна синтеза од сликарството и скулптурата, како што тоа го работеле готските мајстори. Настана Достоевски, како отсечената глава на Јован Крстител. Точно таа скулптура излиена во бронза, влезе во Куќата-музеј на Фјодор Михајлович Достоевски во Петроград. Најголемата радост во неговиот живот. Му се оддолжи на учителот за сите негови книги и ликови!


Во монументалниот мурал "Старецот и морето", насликан и прикачен на фасадата на библиотеката во Струмица, за моделот на "старецот" го искористив учителот Владимир. Да, тој е стариот борец од книгата на Хемингвеј. Се оптегнал со сета натчовечка сила како едро и до последна капка крв се бори да ја одбрани својата слобода, својата смисла. Сака да докаже дека е голем ловец? Дека може и тој како другите, да биде значаен рибар? Не! Само сака да го одбрани своето животно дело од ајкулите и грабливците, од паразитите. Свесен е дека останал само скелетот, свесен е дека тоа е еден трагичен симбол на поразот (победа, што значи тоа?), но зошто да не се бори до крајот? Инаку, која е смислата на нашето раѓање и нашата смрт? Во секој миг може да го отсече јажето и да им го препушти делото на крвожедните грабливци. Но, тој одлучи да ја однесе својата света риба, макар и во парчиња, макар и во една коска и едно тажно големо око, до целта. Да докаже дека целта на борбата е во истрајувањето, во самата борба. Со сета сила ќе го забоде последното копје во челуста на змејот, како светиот војник Георгија.

октомври 2018 година



КОЛАЖ

Дон Кихот се бори со ламјата од Владимир Георгиевски
и ***Старецот и морето*** од Никола Пијанманов



Владимир Георгиевски
(1943-2016)

Билјана С. ЦРВЕНКОВСКА

Ѕвездена приказна за сите генерации . . . . . .

(Кон сликовницата „Ѕвездено дете“ од Ване Костуранов)

Македонската литература за деца, од нејзините почетоци, па речиси до денес, има тенденција да се фокусира само на еден автор при создавањето на делото, без разлика дали е роман, сликовница или збирка раскази – авторот на текстот. Кога зборуваме за нашите автори за деца, ги споменуваме Оливера Николова, Глигор Поповски, Видое Подгорец, Стојан Тарапуза. Тие се прераснати во синоними за литературата за деца. Но, никаде, во ниедна приказна за нашето творештво во овој прилично потценет сегмент не зборуваме за визуелниот израз, за илустрациите, за она што е неизбежен и еднакво важен дел на книгата за деца. Обично, на илустраторите гледаме како на егзекутори, на некои што треба само да го нацртаат она што авторот на текстот го смислил и го напишал, а не како креатори на дел од приказната – оној дел што не е запишан и не е директно видлив од текстот.

Ретко имаме случаи на коавторство, а практично немаме случај во кој илустраторот/уметникот е целосен автор на делото, автор на комплетниот наратив во кој текстот служи за делумно дообјаснување на приказната што е оживеана преку илустрациите. Оваа тенденција на еден комплетен автор во светската литература за деца се негува одамна, а некои дела креирани уште во шеесеттите години, како „Онаму каде што се дивите нешта“ (Where the Wild Things Are) на Морис Сендак (Maurice Sendak) и „Многу гладната гасеница“ (The Very Hungry Caterpillar) на Ерик Карл (Eric Carle), преведени на преку педесет јазици и продадени во милионски тиражи, претставуваат своевидна револуција во жанрот сликовници и издигнување на илустраторите/уметниците на ниво на целосни автори. Овој тренд го доживува својот бум во последниве две децении. Авторите како Шон Тан (Shaun Tan), Оливер Џеферс (Oliver Jeffers), Џон Класен (Jon Klassen), Дејвид Визнер (David Wiesner)... креираат литература за деца којашто е највисоко оценета не само од визуелен, туку и од книжевен аспект и ги освојуваат сите најголеми светски награди во литературата за деца. Нивниот специфичен, пред сè, визуелен наратив и малку, внимателно избран и силен текст, ако не и воопшто (на пример, во „Пристигнување“/Arrival на Шон Тан), на моменти е посилен од некои од најдлабоките и најпризнаени книжевни дела во светот.

А ова е и втората силна страна на овие автори, што успеваат да создадат „сликовници и за деца и за возрасни“, во кои слоевитоста на наративот не се содржи само во односот текст-слика, туку и во нивоата на интерпретација на тој наратив, што на различните генерации читатели им овозможуваат да нуркаат сè подлабоко со секое наредно читање и да откриваат нови и нови слоеви од навидум едноставниот, дури на моменти и наивен наратив.Зошто овој вовед? Затоа што токму „Ѕвездено дете“ на Ване Костуранов е првата ваква сликовница во македонската литература за деца: дело на комплетен автор, во кое двата наратива – визуелниот и текстуалниот совршено градат една интересна, слоевита приказна во која различните генерации на читатели можат да откриваат длабоки пораки за желбите, стравовите, осаменоста, пријателството, љубовта, суштината на постоењето...

Ѕвездан е дете коешто живее меѓу ѕвездите. А кога живееш меѓу ѕвездите, животот ти е исполнет со нив. Ѕвездан е вистински мајстор за ѕвезди: ги поправа кога ќе престанат да светат, пловејќи меѓу нив со своето бротче. Исплашен од помислата некоја ѕвезда да не падне, Ѕвездан доаѓа до едно големо откритие што понатаму ќе го одведе до нешто сосема неочекувано... конечно да запознае некој сличен на себе. Иако на почетокот навидум наивен, наративот на Костуранов поаѓа од запознавањето со Ѕвездан, детето коешто живее меѓу ѕвездите. Детето коешто не смее да дозволи ѕвездите да згаснат и неговите весели експерименти за да дојде до совршениот пронајдок што би го спречил тоа... На прв поглед, приказната на Костуранов е весела, наивна, детска... Но, помеѓу редовите, насекаде е присутна осаменоста на Ѕвездан... дете коешто живее сосема само во огромното пространство на вселената, коешто весла, осамено, со своето бротче од ѕвезда до ѕвезда и коешто нема со кого да ја сподели својата радост... и својата тага. Сè додека, на крајот, не успее да го оствари она што ретко кому од нас му успева, и тоа во свет полн со луѓе, а не со ѕвезди: да најде пријател и веќе никогаш да не биде сам. А кога ќе најдеш пријател, веќе ниедна ѕвезда за тебе нема да престане да свети... И покрај тоа што можеби на моменти остава впечаток на недокажаност, приказната за Ѕвездан се стреми да биде токму таква – недоискажана и да поттикне „читање меѓу редови“... Да го заинтригира детето да поставува прашања, а возрасниот да го замисли за оние вечни прашања за осаменоста и отуѓеноста едни од други, за човековото место во бескрајноста на универзумот и да го натера да се преиспита себеси, да почне да трага повторно по вистинските вредности и да верува во моќта на љубовта.

На македонската литература за деца ѝ недостигаат уште вакви дела, како и многу други што се во тек со светските трендови и коишто претставуваат целосни остварувања – совршени симбиози помеѓу сликата и текстот, во кои двата наратива се надополнуваат и ја постигнуваат толку потребната слоевитост на приказната. Време е да излеземе од стегите на она што ни било наметнувано како правило досега и да се отвориме кон приказните што се еднакво атрактивни и за децата и за возрасните, книгите чијашто порака ќе сакаме постојано да ја препрочитуваме и да ѝ се навраќаме низ годините. Вистински приказни за сите генерации.



ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Издавач:

Здружение на граѓани- Друштво за наука, литература, култура и уметност „Иван Василевски“ - Струмица

Тираж:

300 примероци

Адреса:

Списание за наука, литература, култура и уметност „Зенит“

ул. „Стив Наумов“ бр.40 Струмица

Е-адреса:

zenitspisanie@gmail.com

Тел: 071/245-155

Трансакциска сметка:

Еуростандард банка: 370031100242654

Компјутерска, графичка подготовка и печат:

„Графосервис“ - Струмица

Мислењата, ставовите и толкувањата, изразени во ова списание им припаѓаат на нивните автори и не ги одразуваат ставовите на издавачот или на помагателите на списанието.

Доставените материјали треба да бидат до еден печатарски табак, односно 11 страници печатен текст со кирилична поддршка во Times New Roman, фонт 11. Материјалите се доставуваат по е-маил. Ракописите не се рецензираат, не се хонорираат и не се враќаат.

Пријатели на списанието „Зенит“

Општина Струмица

ДИЈАГ доо Скопје